СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 јуни 1997 година

Скопје, јуни 1997 година

**СЕДУМДЕСЕТТА (70) СЕДНИЦА ОДРЖАНА НА 11 ЈУНИ 1997 ГОДИНА**

1. АНД0В СТОЈАН 8, 94 ,96
2. АБДИ ФАИК 31, 79, 12
3. АРСОВСКИ БРАНКО 33, 34
4. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 62
5. БУЗЛЕВСКИ ДИМТАР 4,5,7,17,18,24,25
6. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ 117
7. ВИДИМЧЕ КИРЕ 74,139
8. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 62,55
9.ДИМОВ ЛАЗАР 76
10.КАРОВ ИЛИЈА 2
11. КОТЛАР МАРЈАН 37
12. КОЦЕВСКИ АЦЕ 4, 6, 21, 69, 102, 105
13. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО 9
14. МИТРЕВА ИЛИНКА 38
15. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД 125
16. МИНОВ ПАНЧЕ 81
17. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 33, 15, 17, 132
18. НАЧЕВСКИ МАРЈАН 8, 108
19. НИКОЛОВ ЈОВАН 134
20. НАСТЕВСКИ КИРИЛ (заменик министер за уранизам) 52 ,64, 104, 105
21. НИКОЛОВ ЈОВАН 62
22. ПЕТКОВСКИ ТИТО (претседава со седницата) 1
23. ПЕЦОВ МИРКО 44
24. П0ПОВСКИ Г. НИКОЛА 128, 131
25. ПАВЛОВ БОРИС 156
26. РАМАДАНИ САЛИ 122
27. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН 60 РАМАДАНИ ХИСЕН 58
28. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 85, 87, 113
29. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 93, 136, 138, 156
30. СИМЈАНОВСКИ НАУМ 122
31. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 20
32. ТРАЈКОВ РИСТО 28, 107
33. ТАНТАРОВ ВЕЉО 29, 140
34. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА 73 (го заменува претседателот)
35. ФИТИ ТАКИ (министер за финансии) 3, 10, 26, 30, 42, 143
36. ХАСИПИ КЕНАН 18
37. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ (министер за надворешни работи) 36
38. ШАПУРИЌ ЗОРАН 88, 90, 103, 105

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТР.12

Т.1-25; Т.2-28; Т.3-32; Т.4-40;
Т.5-42; Т.6-.46; Т.7-47; Т.8-49;
Т.9-51; Т. 10-108; Т.11-110:
Т.12-112; Т.13-132; Т.14 и 15-158;
Т.1б-одложена; Т.17-171; Т.18-172;
Т.19-172; Т.20-17; Т.21-174;
Т..22-174; Т.23.-175;
Т. 24-175;

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ од Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 јуни 1997 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Тодосие Паунов, Димитар Поповски, Димитар Трпеновски, Зоран Крстевски, Димче Настевски, Зоре Темелковски и Љупчо Мешков, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата се поканети претседателот и министрите односно членови на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 56-та и 66-та и 69-та седница на Собранието на Република Македонија , Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците

Има збор г-динот Каров.

I/2.-ЛП/ОМ

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, во записникот од 64-та седница на страница 20 е направена навидум една мала грешка. Имено, на пратеничкото прашање што го поставив стои, првото прашање.

"Барам Управата на Царина преку Министерството за финансии да изготви информација за тоа кои фирми имаат увезено ориз во првата половина на 1996 година, која е количината и дали се платени сите царини и царински давачки за увоз на ориз".

Прашањето што го поставив гласеше:

"Преку Министерството за финансии да изготви информација за тоа кои фирми имаат увезено ориз во втората половина на 1996 година".

Би сакал да замолам дека и прашањето е погрешно интерпретирано и ако е таква грешка направена во самото прашање доставено до Владата, би замолил да биде исправено прашањето и до Владата, бидејќи имаме информација и тогаш во прашањето јас истакнав дека ориз нема увезе но во првата половина, туку точно оризот е увезено во втората половина на 1996 година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој пратеник има забелешки на записниците? (Нема .

Констатирам дека записникот од 64-та седница е прифатен со забелешките на г-динот Каров, а од-66-та и 69-та седница се усвоени без забелешки.

Пратеникот Слободан Најдовски достави барање Владата на Република Македонија да достави информација за износот на парични средства кои се прибрани по основ на персонален данок и данок на

добивка од спортските екипи во 1995 и 1996 година и износот кој екипите го уплатиле на сметката на Црвениот крст.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија но до денес ваква информација не е пристигната во Собранието.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Ние ќе постапиме по барањето на г-динот Најдовски. Има малку технички проблеми бидејќи како што знаете персоналниот данок на промет на пример се евидентира вкупниот на една сметка и ќе мораме ние преку Заводот за платен промет да побараме информација како е плаќањето од страна на спортските друштва, бидејќи тие ја имаат таа евиденција и можат да го раздвојат , меѓутоа, тоа ќе го направиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Најдовски, дали го прифаќате одговорот?

Г-динот Најдовски има збор.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседател, дами и господа, би го прифатил нормално предлогот на министерот за финансии, само со едно дополнување доколку може тоа да биде за наредната седница или пак веднаш после тоа за да не дојде да се одолговлекува. Инаку го прифаќам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Пратеничката група на Либерално-демократската партија достави барање Владата на РМ да достави информација за состојбите

во Вевчани предизвикани од постапката на надлежните органи за притворање на градоначалникот на општина Вевчани и таа да биде разгледана на ова седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија. До денес ваква информација не е добиена во Собранието Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Информацијата беше во Владина процедура. -Таа денес е доставена до Собранието и Владата предлага таа да биде предмет на расправа до комисиите, а пратениците може да се информираат по таа информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседател, дами и господа, право на пратеничката група, на било која, па и на пратеничката група на Либерално-демократската партија е, користејќи ги одредбите од Деловникот да бара одредени информации, кои Владата е должна односно би требало да ги достави во овој парламент. Мислам дека е излегување надвор од одредбите на Деловникот за работа на Собранието ц од надлежностите на Владата, Владата да предлага таа информација да биде предмет на расправа на собраниските комисии, а за неа да не се расправа на седницата на парламентот.

Пратеничката група бараше Собранието да расправа за таа проблематика и во никој случај Владата да нема право да се меша во надлежностите на Собранието и да предлага дали таа ќе биде предмет

на расправа на парламентот на пленарна седница или ќе заврши само во работните тела на комисиите на Собранието.

Предлогот на пратеничката група на Либерално-демократската партија е оваа информација е да се уврсти во дневниот ред и по неа да расправа Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Бузлевски, потпретседател на Владата

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Во последно време, оваа активност во рамките на Собранието е постојано присутна и во повеќе наврати Владата се има изјаснето за одредени иницијативи кои потекнуваат од разни парламентарни групи. Ние како Влада никако не сакаме и ги почитуваме сите деловнички и уставни поставености, да се мешаме во работата на парламентот, крајно парламентот ќе одлучи со гласање кој е за или кој е против, но во секој случај имаме обврска да се произнесеме дали се согласуваме одредена информација, дали има согласност да се стави на дневен ред или да се расправа по неја. Во вакви случаи ние и во други прилики сме се определувале за афирмација, и препорачувале, за афирмација на институтот пратенички прашања, кои што може да биде доста корисен за разгледување на одредените вакви активности кои се случуваат, а за кои пратениците чувствуваат потреба да се информираат.

Заради исполнување од таа потреба од информираност, ние ја доставуваме информацијата до Собранието, меѓутоа, секако, имаме право да препорачаме таа да остане до комисиите. Крајно пратениците ќе одлучат како ќе биде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Коцевски. Немаме расправа, Ве молам.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас му благодарам за советите на г-динот Бузлевски и би го замолил и него и останатите членови на Владата, во иднина, да не си земаат за право од оваа говорница да не учат и да ни даваат упатства како ние треба да се однесуваме.

Би го замолил да излезе на оваа говорница и да каже кои се причините или мотивите поради кои Владата смета дека таа информација не треба да дојде на дневен ред на пленарна седница на Собранието, а за неа може да се расправа во собраниските работни тела. Би било многу важно да ја знаеме аргументацијата на Владата, дали е тоа заради некои повисоки интереси, политичко-безбедносни или незнам какви.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на Пратеничката група на Либерално-демократската партија, молам да крене рака?

10 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

34 пратеници гласаа против?

Дали некој се воздржува од гласање?

17 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Пратеничката група на Либерално-демократската партија достави барање Владата на РМ да достави информација за можните злоупотреби

при доделувањето на станови на избрани и именувани функционери и таа да биде разгледана на оваа седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија

До денес ваква информација не е пристигната во Собранието.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Оваа информација е во владина процедура. Меѓутоа и за оваа информација важи истото објаснување, кое го кажав по повод претходната иницијатива за изработка на таква информација, бидејќи едноставно ние сметаме дека во оваа норматива во која Владата е поставена, таа е Влада, а не извршен совет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Дали некој од предлагачите бара збор? (Не)

Кој е за предлогот на пратеничката група на Либерално-демократската партија , молам да крене рака?

(Повеќе пратеници од Либерално-демократската партија реагираат од место со зборовите "тоа е во владина процедура, како ќе гласате").

Ве молам, Вие барате да биде на денешна седница ставено на дневен ред. Одговорот на Владата е дека не може на денешната седница да биде на дневен ред. Јас прашав дали некој од предлагачите ќе се произнесе по мислењето на претставникот на Владата. Вие не побаравте збор Ако сака некој, повелете.

Има збор г-динот Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседател, дами и господа, предлагам да се произнесеме по тоа дали ќе се уврсти на дневен ред на седницата или не кога ќе ја добиеме информацијата, кога ќе видиме што стои во неа, што има во неа, заслужува ли да биде на дневен ред или не заслужува да биде Сега е во Владата, тие не ја изготвиле, не ја испратиле, како може сега да се изјасниме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Андов, Вие формирајте го Вашиот однос кон одговорот на Владата, дали го повлекувате предлогот од оваа седница да биде на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од оваа седница го повлекуваме. го оставаме како предлог кога ќе дојде информацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, благодарам.

Комисијата за финансирање и буџет извести дека пратеникот Марјан Начевски, како претставник на предлагачите на Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија , со Предлог на закон, го повлекол истиот на седницата на Комисијата.

Молам. г-дин Начевски дали го повлекува и од седница на Собранието.

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и почитувани министри, законот го повлекуваме од оваа седница за една од

наредните, претходно ќе кажеме, само за Црвениот крст, Законот за Црвен Крст .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Комисијата за образование и наука предлага Собранието да го одложи разгледувањето на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование со Предлог на закон.

Кој е за Предлогот на Комисијата, молам да крене рака:

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Мирко Лазаревски достави информација за состојбите во Гостивар и пошироко во Републиката по отфрлањето н на Уставниот суд на Република Македонија за забрана на употреба знамињата на Република Албанија и Република Турција, истакнати со Македонското знаме пред зградата на Советот на општина Гостивар таа да биде разгледана на оваа седница.

Информацијата Ви е доставена.

Г-динот Лазаревски има збор.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани министри, пратеници, бидејќи Владата на една од наредните седници најверојатно ќе го достави законот за употреба на знамињата, сметам дека на оваа седница не е ни

рационално, ни целесообразно и за една од наредните односно за седницата на која ќе биде разгледан законот за употреба на знамињата.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Владата на РМ предлага на оваа седница, по итна постапка да се донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем на структурно приспособување.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Молам, предлагачот на законот да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор г-динот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Фактички станува збор за два Предлог закони, а образложението е исто и за едниот и за другиот. И јавноста во РМ е информирана дека мисијата на Светската банка врзана за САЛ аранжманот помеѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој, деновиве потврди дека се исполнети сите услови за повлекување на средствата што се врзани со кредитот за структурно прилагодување на стопанството на РМ и со оглед на тоа што сите услови се веќе реализирани, за да станат ефективни средствата, Собранието на РМ треба да ги донесе овие два закони за задолжување на РМ и се разбира после тоа да може Министерството за правда да го потпише таканареченото правно мислење. Според тоа, за неколку дена тие средства ќе станат ефективни, односно ќе дојдат до поддршка за платниот биланс на Република Македонија.

Значи, итноста од поставување на овие два закони на денешната седница на Собранието на РМ произлегува од фактот дека дефинитивно сите услови врзани за правата транша на САЛ аранжманите РМ ги исполни.

Затоа, Ве молам да се стават на дневен ред за да можат средствата да станат ефективни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за Предлогот овој закон да се разгледа по итна постапка, молам да крене рака?

76 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага, на оваа седница, по итна постапка да се донесе законот за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит за структурно приспособување.

Предлогот на законот Ви е поделен, а го слушнавте и образложението на министерот за финансии г-динот Таки Фити.

Кој е за предлогот овој закон да се разгледа по итна постапка, молам да крене рака?

79 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

I/12.-

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлози на одлуки за именување на членови на посебни комисии за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот факултет во Прилеп и Приод номатематичкиот факултет во Скопје.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Владата на РМ го повлече Предлогот за донесување закон за ратификација на Спогодбата за стопанска соработка и трговија меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска, со Предлог на закон.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за задолжување на РМ кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем на структурно приспособување;

2. Предлог на закон за задолжување на- РМ кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит за структурно приспособување;

3. Предлог аз донесување на закон за ратификација на Македонско Австриската Конвенција за социјално осигурување, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за воздушен сообраќај меѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Холандија, со Предлог на закон;

I/13.-

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за реорганизација на долговите меѓу Македонската Влада и Владата на француската Република, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската Конвенција која се однесува на формалните барања за пријава на патент, со Предлог на закон;

7. предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за воздушен сообраќај помеѓу Македонската Влада и Владата на италијанската Република, со Предлог на закон;

8. предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу РМ и Република Хрватска, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за дополнување на законот за персоналниот данок од доход со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување , на закон за дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за референдум и граѓанска иницијатива;

13. Предлог на Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 1996 година.

II/1.-СС/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** ( ПРОДОЈТЖЕНИЕ )

14. Предлог за избор на претседател на основните судови во Битола и Кратово;

15. Предлог за избор на судии во основните судови во Република Македонија;

16. Извештај на Анкетната комисија за утврдување на одговорноста за увоз' на домати. и краставици во Република Македонија- во текот на 1995 и 1996 година;

17. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Техничкиот факултет во Битола;

18. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување Предлог за именување декан на Техничкиот факултет во Битола;

19. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на факултетот за учители и воспитувачи во Битола;

20. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување Предлог за именување декан на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола;

21. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување Предлог за именување декан на Факултетот за музичка уметност во Скопје;

22. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Републички завод за трансфузиологија - Скопје;

23. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза "Јасеново" - Велес;

24. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Градската аптека "16 Јули" - Кавадарци;

25. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија' за изготвување "Предлог За именување индивидуален работоводен орган на Економскиот факултет во Прилеп;

26. Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување Предлог за именување индивидуален работоводен орган на Природно - математичкиот факултет во Скопје.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор господин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Имам предлог за дополнување на дневниот ред како последна точка на дневниот ред, предлагам да се уврсти Информацијата за откуп на пченицата во 1997 година, со посебен осврт на откупот од приватните земјоделци.

Кои се причините што предлагам една ваква информација.

Прво, разбирам дека сигурно денеска веднаш не ќе може Владата да поднесе една ваква информација. Затоа предлагам да биде последна точка од дневниот ред, со тоа што доколку не успееме во текот на денешнава седница да ја добиеме оваа информација, седницата да заврши по однос на таа точка и да ја продолжиме. Би било добро денеска да ја уврстиме како точка на дневен ред и да започнеме со

расправа по однос на откупот на пченицата пред отпочнувањето на самиот откуп.

Причините за едно вакво барање се, ако го имаме предвид искуството од откупот на пченицата во изминатите години, сигурно знаете веќе две години упорно, со поранешниот министер за стопанство се расправавме за откупот на пченицата од 19 95 година, кога земјоделците -беа скратени со еден денар по килограм пченица и секоја година доаѓаме до стихиен откуп на пченицата, а проблемите се јавуваат после откупот.

Втората причина, посебно за откупот на пченицата што ќе се случува во Битола, имено, ги знаете состојбите што се случуваат со кооперантите, кој во изминатиот период се јавуваше како главен откупувач на индивидуалните земјоделци, па проблемите со кои сега се соочува може да предизвикаат и проблеми при откуп на пченицата во понатамошниот период, односно во периодот што следи за не цел месец.

Тоа е една од причините поради која што треба пред време Парламентот да земе активно учество во надминување на овој проблем Сметам дека не постојат никакви причини за една ваква информација како последна точка, штом Владата ја подготви да можеме да ја разгледуваме на седница на Собранието.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

Има збор господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Во рамки на владините активности присутни се и такви насочени кон организирање откупот на пченицата. Во таа функција претходниве десетина дена интензивно се работеше на тој актуелен актуитет што треба да следи и за тоа имаше Владата организирано една работна средба со претставници од Млинско - пекарската индустрија, Стопанската комора и заинтересирани субјекти кои можат да се вклучат со свој придонес во реализација на таа претстојна активност.

Според тоа, Владата после тоа треба да излезе со Информација во Владата, која што може исто така да биде доставена за информирање до пратениците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Најдовски, дали го прифаќате одговорот на претставникот на Владата?

Има збор господин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе,

Јас сфаќам, сигурно, потпретседателот на Владата имаше и други обврски, можеби не го слушна мојот почетен предлог, мојот почетен предлог е да ја уврстиме како точка во дневниот ред, како последна точка, со оглед на тоа што и вие кажавте дека работите навистина на таа проблематика. Сметам дека нема да ви претставува никаков проблем во најскоро време да ја доставите. И јас се согласувам, мислам дека нема воопшто проблем зошто и вие да не се согласите да ја уврстиме како точка во дневниот ред, па веднаш после тоа ако овие десетина дена расправате, сигурно за десетина дена треба да ја завршите целата

работа затоа што откупот ќе започне, па тогаш кога ќе бидете готови да ја доставите да ја разгледуваме.

Мислам дека сме на иста линија. Во изминативе две години баравме ваква информација, но не ја добивме. Драго ми е што потпретседателот сега прифаќа дека ќе има информација, само не се согласуваме околу рокот. Сметам дека не претставува никаков проблем да ја поставиме како точка во дневниот ред, а после кога вие ќе ја изготвите за десетина дена таа информација за се она што сте работеле, да ја разгледуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас мислам дека добро се разбравме, затоа што јас кажав дека во Владата се присутни такви активности и за Владата се изработува таква информација што може да биде доставена, секако ако вие поинаку не одлучите за информирање до пратениците. За информирање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господинот Најдовски, молам да крене рака? (22 пратеници).

Кој е против? (12 пратеници).

Дали има воздржани? (36 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор господин Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

II/6.-

Имам предлог од дневниот ред да се изземе точката Предлог-законот за избор на судии во основните судови, согласно со одредбата на Деловникот ќе го образложам предлогот.

Одлуката за огласување избор на судии во основните судови датира од 20.03.1996 година. Значи, изборот не е извршен ниту по истек на петнаесетина месеци од огласувањето. А, согласно член 11 од Законот за работни односи предвиден е рок од 15 дена од денот на завршување на огласот за да се изврши избор на пријавените кандидати.

Истиот рок е задолжителен согласно членот 186 од Законот за органите на управата за утврдување листа на кандидати. Ова, дотолку повеќе што барем според "Службениот весник" од 7.05.1997 година објавен е повторен оглас за избор на судии во некои од основните судови во Република Македонија. Така, за еден дел од основните судови се распишува нов оглас, а за еден дел од постојните изборот се врши од постојната листа, односно од кандидатите кои приложиле документи пред повеќе од една година. Со тоа се врши дискриминација на едни кон други кандидати и судови.

Од денот на огласувањето до денес за петнаесетина месеци и други кандидати се стекнале со потребните услови за конкурирање, па се оштетени со неможноста и тие во еден број од основните судови да можат да конкурираат.

Од тоа, како и од фактот од огласот од 20.05.1996 година е веќе застарен и неправичен за новите кандидати, а и од други причини, потребно е да се распише повторен оглас и за останатите основни судови, бидејќи за петнаесетина месеци е изменета состојбата и кај кандидатите кои тогаш конкурирале.

II/7.-

Од тука, го молам претседателот предлогот за изземање од оваа точка на дневниот ред да го стави на изјаснување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господин Хасипи, молам нека крене рака? (13 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор господин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Нема дилеми, дневниот ред го усвоивме...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не сме го усвоиле.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро. Точката 12 за интервенција во основното образование не се усвои и сакам да се објасни дека и ние сме за тоа како предлагачи, заедно со Димитар Поповски да не оди на денешнава седница и да не биде јавноста во заблуда или пратениците дека има недоразбирања.

Мојата интервенција е дека ние добивме мислење од Владата дека се подготвуваат повеќе измени во тој закон каде што треба да биде инкорпорирана и оваа наша интервенција или делумно или целосно. Јас би сакал денеска, претставникот на Владата дојде кај нас, претставник на Министерството ни даде информации дека тоа ќе биде направено пред одење на годишните одмори. Таа квалификација е многу релативна. Некој може да оди на годишен одмор во зима.

Дали може претставник на Владата денеска тука да даде информација дека ова ќе биде направено во рок од 30 дена, до 10 или 15 јули кога започнуваат масовно да се користат годишните одмори?

Тоа е мојата интервенција. Инаку и ние сме согласни да се одложи од расправа од денешнава седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:.**

Прво, мислам дека треба да се уважи вашата интервенција дека и вие се согласувате со тој предлог на Комисијата, но ние гласавме за тој предлог да се изземе, по предлог на Комисијата.

Има збор господин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Во име на пратеничката на Либерално - демократската партија предлагам точката девет од дневниот ред да претрпи една измена.

Владата предлага на денешнава седница, затоа што не се работи, по нејзино мислење за сложен ниту обемен закон, Предлогот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планираше да се гледа заедно со Предлогот на закон.

Ние предлагаме на денешнава седница Собранието само да го гледа Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, значи во нормална постапка, а не во скратена постапка од следниве причини:

Прво, во областа на просторното и урбанистичкото планирање Владата во изминатиот период направи доста импровизации. Законот на кој што се предлагаат измени и дополнувања Собранието го донесе во јануари 1996 година. Беше најавуван тој закон како големо достигнување во областа на просторното и урбанистичкото планирање во Република Македонија.

Уставниот суд на Република Македонија после извесно време поништи, односно укина три важни члена од Законот за просторно и урбанистичко планирање, со што битно се изменија одредени односи.

Во меѓувреме, Владата предложи закон за комунални дејности во кој што исто така на еден сепаратен начин се третираше прашањето на уредувањето, односно употребата на градежното земјиште. Значи, Владата нема. јасна визија и стратегија како треба да де регулира област ана градежното земјиште, туку тоа се обидува да го прави со парцијални решенија во неколку закони.

Сметаме дека би било најдобро, затоа што иако се работи за краток закон, битно се менуваат релациите во областа на просторното и урбанистичко планирање, посебно од аспект на надлежностите на единиците на локалната самоуправа и Владата од друга страна, што според членот 17 од Законот за локалната самоуправа кој е еден од системските закони донесен од ова Собрание, единиците на локалната самоуправа самостојно вршат повеќе надлежности, меѓу кои е и областа на уредувањето на градежното земјиште.

Според стариот закон, односно Законот што го донесовме пред една година, членот 29, последниот став, цитирам:

"Средствата што се остваруваат од одделеното градежно земјиште се приход на општината, односно градот Скопје, а се користат за надоместување на трошоците за уредување на градежното земјиште".

Значи, сега се предлага една многу суштествена и крупна измена според која средствата што се прибираат од доделувањето на градежното земјиште, што според досегашниот Закон беа приход на градот Скопје, односно на општините или единиците на локалната самоуправа, сега по основ на тоа што државата управува со градежното земјиште, треба да бидат приход на Буџетот на Република Македонија.

Ако овие средства се користат за надоместување на трошоци за уредување на градежното земјиште, се поставува прашањето со кои средства единиците на локалната самоуправа ќе надоместуваат трошоци за доуредување на градежното земјиште за сите активности што треба да се спроведуваат во оваа област.

Значи, се работи за многу крупна и суштинска измена што драстично ги менува односите во оваа област и посебно во неповолна положба ги доведува единиците на локалната самоуправа со тоа што ќе им биде ускратена можноста да располагаат со значителни средства што до сега беа приход на единиците на локалната самоуправа. Тоа е првиот аргумент.

Вториот аргумент е причината што на денешнава седница на сите ви се поделени три амандмани со четири нови членови. Ако се има предвид дека целиот закон има осум членови, испаѓа дека 50% од содржината на законот се предлага ад хок на денешнава седница, а за тоа немаше можност во меѓувреме да расправа ниту матичната Комисија за градежништво и урбанизам. Мислам дека се тоа две многу важни причини поради кои што Собранието треба да го уважи нашето барање овој закон денеска да се гледа само во фаза на предлог за донесување на закон, а евентуално на следната седница, имајќи ги предвид мислењата и сугестиите, забелешките што ќе бидат изнесени денеска Владата да излезе со Предлог на закон за измени и дополнувања на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Тоа се нашите аргументи, а зборот е на вас, повелете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Коцевски, сакам да ве потсетам дека ние секако ќе гласаме во врска со предлогот на истава седница да се расправа и по Предлогот на законот.

II/11.-

Но, ваше деловничко право е ако сметате сега Собранието да се произнесе, јас немам ништо против да го ставам предлогот за изјаснување. Секако ќе се произнесеме откако ќе го утврдиме предлогот за донесување на закон, Собранието треба да одлучи дали на истата седница ќе се расправа и по Предлогот на закон.

Сега барате да се гласа.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе._

Има збор господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас го делам мислењето на господинот Коцевски дека Законот за просторно и урбанистичко планирање кој што беше донесен минатата година донесе и нов квалитет во просторното и урбанистичкото планирање.

III/1.-JM/JSP

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

И во функција на продолжување на тие квалитетни подобрувања на оваа сфера е и токму овој законски предлог кој што ние го даваме, а со оглед на тоа што се работи за ниту сложен, ниту обемен закон предлагаме тоа да се разгледува онака како што во првобитниот настап пред Собранието Владата предложи да се гледа. Предлог за донесување, со предлог закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на пратеничката група на Либерално Демократската партија, да крене рака? (23 пратеници)

Дали има некој против? (37 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање (3 пратеници)

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Дали уште некој пратеник сака да предложи изменување и дополнување на дневниот ред ? (никој)

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (80 пратеници)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на точка 1 - Предлог на закон за задолжување на РМ кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за структурно приспособување.

Предлогот на законот, Ви е поделен.

III/2.-

Отворам општ претрес,

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Таки Фити - министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г-дине претседателе, дами и господа, почитувани .пратеници, дозволете ми сосема накусо да објаснам што е суштината на овие два закони, кои што ги предложивме Собранието .да ги донесе по итна постапка. Во моментот кога ги отвори преговорите РМ за добивање на САЛ аранжманот кредит за структурно преструктуирање на стопанството. Првобитната сума со која што настапивме беше 45 милиони американски долари. Во меѓувреме износот е зголемен на 60 милиони со оглед на фактот што РМ добро напредуваше во поглед на исполнување на условите што се врзани за овој тип на аранжмани што ги дава Свет- ската банка, а некои закони кои што ги сметавме за клучни се донесени пред време порано отколку што тоа беше предвидено и со самата матрица на САЛ аранжманот, посебно Законот за хартии од вредност што се смета за многу значаен. И затоа Светската банка одлучи да го зголеми аранжманот од 45 милиони американски долари на 60 милиони американски долари. Фактички станува збор за условно кажано два кредити кои што се добиваат од две меѓународни институции. Едниот е 30 милиони се добива директно од Меѓународната банка за обнова и развој, односно Светската банка и тој е под услови на Светската банка. Тоа значи 20 години рок на враќање, 5 години грејс период, 6 месечна каматна стапка. Тоа се услови што се типични и иманентни за кредитите што ги доделува Светската банка.

Вториот кредит исто така од 30 милиони американски долари е под извонредно поволни услови, бидејќи фактички станува збор за кредит од меѓународното здружение за развој ИДА, значи кредит под ИДА услови.

Станува збор за рок на враќање од 35 години и 10 години грејс период , фактички кредитот е без камата, се плаќа само провизија од 0,75%. Станува збор за извонредно поволен кредит до кој што стигна РМ. Инаку двата кредити условно кажано, бидејќи станува збор за еден аранжман, се наменети за структурни реформи во неколку значајни подрачја. Првото подрачје е макроекономскиот менаџмент односно поддржувањето на макроекономската стабилност на земјата.

Второто подрачје е промените во земјоделската политика.

Третото подрачје е промени во трговската политика.

И четвртото подрачје е интензивирање на процесот на приватизација со посебен осврт на забрзување на приватизацијата во Агро- индустрискиот комплекс и во тој контекст особено на земјоделските комбинати. Инаку овие средства се наменети за поддршка на платниот биланс на РМ. И само да кажам дека уште еднаш условите за првата транша во целост се исполнети, Светската банка, односно Мисијата експертска го изрази пред мене задоволството дека навистина тие услови се исполнети онака како што беше предвидено и тој кредит сега станува ефективен во првата транша со тоа што во првата транша ние добиваме и еден кредит од 3 милиони американски долари таканаречен енерженси кредит. Тоа се оние средства што ние ги побаравме кога имавме проблеми со шапот и лигавката во Републиката и тогаш Светската банка брзо реагираше, тие средства ни ги додели бидејќи трошоците на Буџетот минатата година за таа намена за спречување на последиците од оваа болест едноставно беа многу високи. Според тоа, станува збор да заклучам за кредити под извонредно поволни услови кои што стануваат ефективни за многу кус временски период после донесување на одлуката на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по •текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на РМ кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за структурно приспособување.

Минуваме на точката 2 - Предлог на закон за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит за структурно приспособување.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, Бидејќи министерот во претходното излагање ги спомна лигавката и шапот сега при носењето на овој закон би сакал да потсетам дека во Буџетот за 1996 година средствата на корисникот Министерството за земјоделие имаше во програмата за поттикнување на земјоделското производство одделено по намената поттикнување на земјоделското производство средства од

412 милиони денари. Заради лигавката и шапот поголем дел од средствата отидоа таму. Сега овде во образложението имаме кажано дека 3-те милиони вклучени во овие средства ќе бидат наменети точно за покривање за овие средства. Не е кажано намената сега на овие средства каде ќе одат, дали во Министерството за земјоделие и каде ќе бидат наменети, од каде што беа земани, или ќе бидат за нешто друго наменети. Не се работи -а мала сума. на средства. Тие се 3 милиони ако се вратат таму од каде што се земени мислам дека ќе има голема фајда. Значи барам објаснување во тој дел.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Јас го поддржувам предлогот за донесување на овој закон со кој што нашава Држава се задолжува кај Меѓународното здружение за развој. Меѓутоа користам прилика да поставам едно друго прашање во областа на овие кредити. Ние во текот на минатата година и почетокот на оваа година донесовме два вакви закони со кои што нашава Држава се задолжи кај ова здружение. Едниот закон беше закон со кој што требаше на приватните земјоделци да им се доплатат околу 4 милиони германски марки за поголемо производство на храна, односно за разни свои инвестиции.

Другиот закон беше Закон со кој што исто така од ова здружение требаше да се обезбедат околу б милиони американски долари да кредити за селаните од ридско планинските погранични подрачја. Досега од овие кредити нема ниту трага кај земјоделците. Ја користам приликата министерот за финансии да каже нешто повеќе што станува со овие кредити? Дали ќе ги добијат годинава земјоделците, или ќе чекаат примена на овие закони дури во идната година?

III/6.-

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван претсодателе, почитувани пратеници, прво сакам во самиот почеток да разграничиме две работи кои што се би рекол квалитативно различни. Едно се овие аранжмани како што е САЛ аранжманот, друго се аранжманите за кои што пратеникот пред малку говореше. САЛ аранжманите се врзани за поддршка на платниот биланс на РМ и тие не се врзани. За крајни корисници. Според тоа, кај САЛ аранжманот станува збор за кредити кои што ги добивме под извонредно поволни услови наменети се за поддршка на платниот биланс и тие се за РМ неопходни. А тоа што се врзани со структурни реформи во стопанството е само квалитет плус. Според тоа овие два закони би требало денес да се донесат и тука нема дилеми.

Ова за што г-динот пратеник говореше се други кредити. Тие се кредити кои што се пак одобрени едниот од Меѓународната банка за обнова и развој и тие се станати ефективни, меѓутоа мораме да кажеме дека има определени проблеми врзани за нивната имплементација. Ние немаме никакви проблеми со имплементација на кредитната линија за приватниот сектор во индустријата. 15 милиони долари се поделени за вонредно кус временски период при што банките многу брзо реагираа, се направија добри инвестициони проекти и претпријатијата ќе си ги добијат во индустрискиот сектор. Тоа ни дава можност да добиеме и нова кредитна линија во индустрискиот сектор без посебна процедура во Светската банка. Ове во земјоделството се јавија проблеми кои што ние брзо верувам дека ќе ги разрешиме. Денес јас имав средба со колегата министерот за земјоделство г-динот Докузовски и укажавме на тие проблеми кои што ги уочи и самата Светска банка.

Најголем дел до проблемите се врзани со хипотеките со оглед на тоа што земјоделците се физички лица и тешко оди самото обезбедување на кредитите, па нашите комерцијални банки учеснички во овој аранжман тешко ги прифаќаат тие хипотеки, немаат гаранција, немаат покривање на ризикот. Исто така имаше проблеми што настанаа во самото Министерство за земјоделие врзани за условите. Но, ние денес се договоривме со министерот за земјоделство како тој проблем да се надмине, а исто така сме на добар пат многу брзо да добиеме средства за фонд за осигурување на кредитите кај земјоделците. И мислам дека тие проблеми ќе бидат надминати. Со ИФАТ се е издоговорено и сл. меѓутоа тука имавме проблеми врзани со самото потпишување на Договорот бидејќи од за нас непознати причини ИФАТ сакаше да потпишете договор со име на РМ кое што ние како Влада ние во принцип не го прифаќаме. Инсистиравме потпишувањето да се направи онака како што тоа го правиме со Светската банка. И сега дефинитивно и за тоа се разбравме и деновиве добивме одговор од нив дека може да се потпише со име на кое што РМ инсистира, односно со начин, со постапка на која што инсистира РМ. Така што и таа работа е завршен. Значи настанаа објективни тешкотии кај двата, меѓутоа верувајте направивме се брзо да се надминат јас верувам дека тие брзо ќе влезат и во имплементација.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дине претседателе, дами и г-да пратеници, г-да министри, мислев дека нема да дискутираме по овие две работи, меѓутоа штом се отвори мала дебата, сакам да го кажам своето големо задоволство од овие два кредита кои што мора секој наш граѓанин, а ние пратениците најповеќе да ги разбереме и да подразбереме дека е тоа едно големо признание за РМ, за овој Парламент, за оваа Влада дека караванот врви, и лека полека ние сме во тие токови. Па замислете

такви кредити за таков голем грејс период, еден без каматен долг со една многу мала нормална камата и треба само да се радуваме. И без вакви свежи средства, поддршка на платниот биланс на РМ ние не можеме да одиме. Мислам дека треба да се радуваме и да очекуваме што повеќе такви кредити за да може многу паметно да ги користиме и еден ден ете, да бидеме побогати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)=

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит за структурно приспособување.

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Македонско - австриската конвенција за социјално осигурување со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

III/9.-

Има збор г-динот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Ќе бидам краток. Мислам дека треба да ја поздравиме оваа иницијатива на двете Влади, на Владата на РМ и Австрија што за прв пат имаме една ваква конвенција, конвенција која е во интерес на сите граѓани на РМ и граѓаните на Австрија. И со еден апел до нашата Влада да направи напори вакви конвеции и слични на неа да подготвува да склучува и со другите држави во кои има поголем број на вработени наши граѓани со единствена цел сите права од социјално осигурување да ги остваруваат во една мегувзаемна соработка, а гледано од аспект дека оваа конвенција во најголем дел ги регулира правата од социјално осигурување кои се однесуваат на пензиско инвалидско осигурување, на здравствената заштита, на социјалната заштита, на вработувањето во случај на повреда, инвалидност итн. Верувајте дека досега нашите граѓани кои беа присутни во Австрија па и во другите западно европски земји баш наидуваа на еден сериозен проблем околу остварување на овие социјални права, односно правата врзани за социјално осигурувања, посебно кога се однесуваше за здравствената заштита, за социјалното осигурување.

IV/1.-ДВ-ВБ

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (Продолжение)

Меѓутоа, и во оваа Конвенција, нормално ние како држава што имаме и помали материјални средства, тука, можеби, ќе имаме негативен одраз во однос на здравствената заштита, кога се однесува за цените. Меѓутоа, тоа не значи дека не ќе може тоа квалитетно да се изрегулира бидејќи се работи за две држави каде не би можело целосно австриските услови да се пренесат во Македонија и од Македонија во Австрија. Во таа смисла еден апел, еве уште еднаш до Владата да имаме повеќе вакви конвенции со единствена цел да ги регулираме правата на нашите граѓани во оваа многу значајна сфера. Инаку јас ј поддржувам оваа конвенција која е многу позитивна.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувани пратеници, почитувани министри, на дневен ред имаме една конвенција односно предлог на закон за ратификација на една конвенција што има огромно значење за луѓето кои живеат во Република Австрија, наши граѓани. А исто така, во денешни услови на отворени патишта и комуникации на луѓето, при туристички посети или транзитен туризам низ нашата држава, секако се поставува прашањето во пружањето на одредена помош, било да е тоа од сверата на социјалната заштита, инвалидско - пензиското осигурување и од друга страна сите други давачки кои што одат во делот на вработувањето, повредите на работа итн. Така да во делот на Конвенцијата за здравствено осигурување и меѓусебните обврски на плаќањето во пружањето на здравствената заштита е еден квалитет кој секако е во интерес не само на граѓаните кои работат во Австрија, а се враќаат на посета во нашата земја на привремен престој и одмор за што им е потребна таква здравствена заштита и на оние кои се членови на фамилиите а се со

привремен престој во државата со која се заклучува една ваква конвенција.

Во меѓусебните односи, барем според предлогот на Конвенцијата, реализацијата на плаќањата се утврдени со одредени норми, освен во делот на здравствената заштита каде што меѓусебните плаќања се помеѓу Фондот за здравствено осигурување и покраинските кенкенхаси, во моментот, во Австрија, заради различната цена на услугите кои што се таму и ваму затоа што они имаат повисоки цени на услуги,. заради^ можеби, и одреден поволен квалитет за разлика од кај нас каде што се пониски здравствените услуги, а се работи за една конвенција која што реципроцитетно ги наплаќа тие односи. Сигурно дека услугата што ќе биде извршена во нашата земја ќе биде вреднувана пониско отколку онаа што нормално ќе биде извршена во таа земја. Сигурно со некој акт ќе се регулираат тие односи.

Претседателот на Комисијата за социјална политика кажа дека вакви конвенции ни се многу потребни заради тоа што колку што се отвора земјата толку е поголем протокот на луѓето меѓу сите земји во Европа, ние знаеме колку наши луѓе работат надвор од нашава земја затоа вакви конвенции треба да се потпишуваат бидејќи сега и луѓето кои таму работат, заради немање на потпишана конвенција не можат да ги остварат одредените права кои што ги стекнуваат таму, а од друга страна, исто така, немаат услови да користат одредена здравствена заштита, како таму каде што живеат и работат, а исто така кога се враќаат тука кај нас, заради нерегулирање на тие односи.

Се надевам дека Министерството за надворешни работи понатаму ќе работи на тој план за да се што повеќе регулираат ваквите односи во интерес пак на нашите граѓани. Затоа ја поддржувам оваа Конвенција.

IV/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Благој Ханџиски, министер за надворешни работи.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници сигурно нема потреба од повторно потцртување на значењето на овој закон за обезбедувањето на правата на сите граѓани на РМ кои работат претежно во западно-европските земји. Во таа смисла го поздравувам апелот и на пратеникот Арсовски и на пратеникот Николов затоа што се во целосна согласност со напорите што ги вложува Владата да се парафираат и да дојдеме во една состојба да ви предложиме нови закони за ратификација на вакви конвенции со кои се осигуруваат, пред се правата од областа на социјалното осигурување на нашите граѓани надвор.

Излегов на говорница за да ве потсетам на еден дел од заклучокот на Комисијата за надворешна политика кој има врска со сите наши предлози за донесување на закони за ратификација, или како што е во овој случај на конвенции или договори или спогодби. Имено во заклучокот се укажува од страна на Комисијата на можни негативни импликации од промената на клаузулата за привремена примена на ваквите меѓународни договори од моментот на нивното парафирање до моментот на ратификацијата.

Јас сакам да ја изразам нашата спремност за конструктивна соработка и со Комисијата за надворешна политика, но и со другите тела на Собранието, да се дојде до одредено решение кое ќе оневозможи евентуални негативни импликации заради ваквата примена на привремената клаузула која што е практика во меѓународното право, од моментот на парафирањето до ратификацијата.

IV/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор г-дин Марјан Котлар.

**МАРЈАН КОТЛАР:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Сакам да укажам само на два моменти.

Прво, во врска со ратификацијата за Конвенцијата со Австрија, да кажам дека многу до он:а што_ сакав да го кажам почитуваниот пратеник г-дин Николов веќе го изнесе.

Бидејќи на јавноста не и е познат текстот на оваа ратификација сакам да дадам само едно појаснување.

Имено, оваа ратификација е за поздравување бидејќи претставува чекор напред во подобруваше на односите меѓу Република Македонија и Австриската држава. Мислам дека тука не е спорно тоа дека овој Парламент треба да ја ратификува.

Сакам да укажам само еден детаљ а тоа е околу пружањето на здравствена помош, понатаму социјалните привилегии од областа на социјалната политика и пензиско инвалидското осигурување е привилегија на луѓето, наши државјани кои живеат и работат во Република Австрија и кои евентуално можеби имаат и стална работна виза или се државјани истовремено и на Република Австрија, да не се создава конфузија дека здравственото осигурување на Република Австрија може да го ужива било кој граѓанин на РМ. Значи, ако наш државјанин патува, на пример, туристички во Австрија, во тој случај доколку доживее сообраќајка или некое заболување, нашата држава во тој случај не е обврзана со оваа ратификација да ги плаќа трошоците на неговото лекување. Едино во случај кога од надлежните комисии се упатуваат специјално на лекување во Република Австрија нашите пациенти.

Втората точка во која беше изнесено како забелешка на Комисијата за надворешна политика, која министерот ја елаборираше суштината на ова укажување на Комисијата се состоеше во тоа дали уставно правно е докрај прецизно дефинирано ингеренциите на. Владата во потпишувањето на тие договори за привремена спогодба, дали се прецизно до крај дефинирани во однос на Уставот и во однос на ратификувањето на Парламентот заради тоа што се случува Владата да потпише спогодба или конвенција, Парламентот ја ратификува и таа, колку што сум јас упатен би требало да стапи на сила дури после ратификувањето на таа конвенција до страна на Парламентот. Мислам дека кај нас овие работи до крај не се прецизирани и Владата можеби треба да изготви еден предлог закон со кој ќе се овозможи привремена спогодба, во кој временски рок може да биде во сила, до ратификувањето на таа конвенција од страна на Парламентот, а се разбира после ратификувањето тоа е обврска на државата.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

По повод овој Предлог за ратификација се отвори едно генерално прашање кое што Комисијата за надворешна политика инаку го смести во својот извештај по повод предлогот на законот за ратификација на Договорот за слободна трговска размена меѓу РМ и Република Хрватска.

Но, не е на одмет и во оваа прилика, да не чекаме да не прегази времето, да спомeнеме дека проблемот на членот 38 односно член 37 со кој што во споменатата спогодба се регулира ова прашање, имено прашањето за времено применување на договорот, проблем кој ние начелно би сакале да го решиме и кој што го проблематизиравме во една опсежна расправа.

Овде беше искажана добра волја на министерот за надворешни работи за соработка со Комисијата и за пронаоѓање на решенија кои ќе ја надминат дилемата дали со вградувањето на ваквата регулатива практично се оневозможуваат уставните решенија кои укажуваат на фактот дека со ратификувањето на меѓународните договори тие стануваат дел од внатрешниот правен систем на РМ. Во таа смисла Комисијата даваше свои забелешки и во текот на опсежните неколкукратни расправи кои му претходеа на законот за склучување, ратификации и извршување на меѓународни договори, меѓутоа, кои, за жал, оваа материја не ја регулираа. Затоа дојде до еден заеднички предлог на членовите на Комисијата, се надевам дека го пренесувам духот на дискусијата што вчера се одвиваше на седницата на Комисијата, дека треба да се пости1 систем на координирани активности меѓу извршната и законодавната влас дури ако е потребно, со консултирање на стручњаци од оваа област, за да му се овозможи полн легитимитет на овој процес на склучување ратификација и извршување на меѓународни договори. Во таа смисла, уште еднаш сметам дека ќе биде потребно на една од првите наредни седници да се покрене повторно прашањето и да се види какво е наоѓањето на решенија меѓу она што се бара на Комисијата, можностите што ги нуди законот и ставот на Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на
Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Македонско - Австриската конвенција за социјално осигурување.

Кој е за, молам да крене рака? (62)
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам. општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Македонско - австриската конвенција за социјално осигурување.

Минуваме на 4-тата точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата за воздушен сообраќај меѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Холандија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

IV/8.-

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за воздушен сообраќај меѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Холандија.

Кој е за молам да крене рака? (57)

Дали некој има против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман на насловот на законот и на член 1.

Отворам претрес по амандманот на насловот и на член 1 поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме оо претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали име некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Холандија.

- Точка 5 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за реорганизација на долговите меѓу Македонската Влада и Владата на Француската Република со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господин претседателе, почитувани пратеници, станува збор за спогодба за репрограмирање на долгот на Република Македонија спрема Париски клуб. Станува збор всушност за договор кој што е по сите стандарди односно самото репрограмирање, одлагање на плаќањата врзани за овие кредити е извршено онака како што е

V/2.-

договорено во основа со најголемиот број на членки на Парискиот клуб. Значи, условите се стандардни, сакам само овде да кажам дека станува збор за долг од околу 172 милиони француски франци или искажано во германски марки тоа е некаде околу 51 милион германски марки. Главнината на долгот и достасаната камата се репрограмираат на 15 години со грејс период од 4 години.

Што се однесува .до затезната камата која што не е платена до 1995 година, таа се репрограмира на 6'години со грејс период од 3 години.

Според тоа, станува збор за стандардни услови по кои што Република Македонија врши репрограмирање на долговите во рамките на кредиторите, членки на Парискиот клуб.

Според француското законодавство овој договор не треба кај нив да помине на Парламент. Според тоа, ќе стапи во сила од оној момент кога Собранието на Република Македонија овде, кај нас, ќе донесе одлука, а ние за тоа ќе ја известиме француската влада, односно Владата на Република Македонија ќе ја извести француската влада.

Ја користам, едновремено оваа прилика да потенцирам дека во сите овие случаи постојат крајни корисници на кредитите. Според тоа, принципот на кој што Владата и Министерството за финансии доследно опстојуваат е дека крајните корисници во основа треба да си ги подмират своите обврски. И, вие знаете дека сервисирањето на долгот е препуштено во рамките на Агенцијата за санација на банки и тоа Агенцијата редовно го прави, дури со задоволство можеме да констатираме дека оваа година приливите по однос на враќање на средствата од крајните корисници се нешто подобри, поголеми отколку минатата година.

Исто така, ја користам приликата да ги информирам пратениците дека РМ е сосема при крај со склучување на билатералните договори

во рамките на Парискиот клуб. Всушност ни останаа САД, Јапонија и Италија. Термините за завршување на договорите со овие земји се закажани, со тоа што за Јапонија и САД преговорите одат со преписка, без наши патувања и трошоци врзани за тоа, додека со Италија ќе мора да се сретнеме уште еднаш на експертско ниво. Нашата обврска е до 31 јули да ги завршиме сите договори во рамките на Парискиот клуб и онака како што сега стојат работите мислам дека тоа ќе го направиме до крајот на месеци јули.

Благодарам.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници,да се јавам за збор ме предизвика министерот за финансии кога ги спомна крајните корисници. Околу Париски клуб уште еднаш да кажам дека Владата склучи најнеповолни односи, договори со Париски клуб за разлика од Лондонски клуб каде 50% скоро е намален долгот према нас, додека Париски клуб еве и министерот напомнува дека и затезните камати и крајните корисници треба да ги платат и тоа дека прилично редовно оди. Тоа е извонредна тешкотија за стопанството и тоа што го наплаќаат е навистина со блокажи, со намалување на крајните корисници на платите, и со крајна финансиска тортура на крајните корисници.

Мислам дека тие не беа виновни за војната, крајните корисници, а државата малку направи дел бар да се намали или барем дел од затезните камати, особено може да речеме со Лондонскиот клуб тоа нешто ќе се упросечеше на државно ниво и да речеме крајните корисници на Париски клуб се навистина оштетени и во Републиката мислам дека го сносат еден од главните товари за враќање на долговите на државата спрема странство.

Тоа е реакција од повеќе и постојано се истакнува и на Стопанска комора и мислам дека тоа треба да се поведе сметка бидејќи не ќе е

многу долго да ги истоштуваме крајните корисници, бидејќи можат доста од нив да пропаднат токму по овој Париски клуб.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок;

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за реорганизација на долговите меѓу Македонската Влада и Владата на Француската Република.

Кој е за, молам да крене рака? (56)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(59)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на насловот на Законот и на член 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали име некој против?(Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за реорганизација на долговите меѓу Македонската Влада и Владата на Република Франција.

Точка 6 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција која се однесува на формалните барања за пријава на патент, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција која се однесува на формалните барања за пријава на патенти.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот:.на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(61)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Европската конвенција која се однесува на формалните барања на пријава на патенти.

Точка 7. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Македонската Влада и Владата на Италијанската Република, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

V/7.-

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Македонската влада и Владата на Италијанската република.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање?

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман на насловот на Законот на член 1.

Отворам претрес по амандманот на насловот и на член 1, поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Ханџиски.

V/8.-

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Македонската Влада и Владата на Италијанската Република.

Точка 8 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Хрватска, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Хрватска.

Кој е за, молам да крене рака?(57)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој ое воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(61)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 2.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Се работи за техничка грешка во текстот. Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

V/10.-

Кој е за, молам да крене рака?(63)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Хрватска.

Точка 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

VI/1/РД/п ј

**НАСТЕСКИ**(Заменик министер за урбанизам)

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Севкупните движења во општествениот и стопанскиот живот во Република Македонија ја наложуваат потребата и од перманентно донесување на законската регулатива, што од друга страна е битен предуслов за регулирање на од- редени согледани состојби и за задоволување на потребите и барањата на граѓаните

Нормативното регулирање на прашањето од просторното и урбанистичката свера во нашата држава, не е од понов датум, имајќи предвид дека оваа свера е сублимат на севкупните состојби и реализатор на зацртаните определби за иден развој. Неминовно е почесто навраќање на прописите од оваа област, се со цел истото да стане поблиска до граѓаните и да биде во функција на нивните потреби.

Законот за просторно и урбанистичко планирање во последната негова верзија донесен е во јануари 1996 година, и оттогаш до денес во фазата на неговото успешно и доследно спроведување утврдени се определени потреби од негово изменување и дополнување, со што определени прашања ќе се до регулираат, а од друга страна би добиле пропис кој што во потполност одговараат за споредување според денешните состојби и идните потреби.

Почитувани пратеници од тие причини денес пред вас е предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, со Предлог на закон, што го предлага Владата на Република Македонија, а зашто уставен основ претставува одредбата на член 68 од Уставот на Република Македонија.

Како причини за донесување на овој закон се неопходните потреби од доуредување и дополнување на одредени одредби од законот, како и усогласување на законот за просторно и урбанистичко планирање како

резултат на укинување на одделни одредби со одлука на Уставниот суд на Република Македонија, како и Законот за локална самоуправа, односно градот Скопје.

Со оглед на тоа што не е во прашање обемен закон, не се заведува во утврдените начела на постојниот закон измените не се од сложен карактер, а од друга страна постои уставен основ и потреба, предлагаме законот да се донесе во скратена постапка, односно на оваа иста седница да биде претресен и Предлогот за донесување на закон и Предлогот на закон.

Во поглавјето изработување и постапка за донесување на постојниот закон во членот 26 се додава нов став, со кој што се уредува прашањето на средствата од надоместокот за давање на привремено користење на неизградено градежно земјиште, со кој што управува Републиката, кој од досегашниот пропис не беше регулиран. Бидејќи се работи за градежно земјиште, со кое што управува Републиката и таа го дава на привремено користење логично е дека средствата од давање на привремено користење не припаѓаат на Републиката. Во истото поглавје се додава нов член со кој се регулира прашањето за издавање одобрување на урбани санациони мерки за неопходни услови за живеење во објекти кои не се задржани со плановите.

Во поглавјето доделување на градежно земјиште од постојниот закон во членот 28 се врши измена само од редакциска природа, а членот 29 целосно се променува заради појасно и попрецизно уредување на начинот на доделување на користење на градежното земјиште со кое управува Републиката, како и прашањето за висината на надоместокот од негово делување и висината на надоместокот за изградба на објекти од државните органи, локалната самоуправа комунални и други објекти од јавен интерес за доделеното земјиште не се плаќа надоместок.

VI/3.-

Со оглед на тоа што се работи за земјиште со кое управува Републиката, цената за доделување на користење на градежното земјиште, не може да ја определува општината со нејзината програма за уредување на градежно земјиште. Впрочем, тоа право не и е дадено и со законот за локална самоуправа. Истовремено, средствата од доделувањето на користење на градежно земјиште со кои управува Републиката, не може да и припаѓаат на општината бидејќи тој е посебен вид на надоместок, кое е од имотноправен карактер. Поради тоа предложените решенија со Предлогот на закон претставуваат основа за определување на надоместокот, кога градежното земјиште со која управува Републиката се доделува на користење со непосредна спогодба и со јавно наддавање, а средствата од доделувањето му припаѓаат на субјектот кој управува со земјиштето и го доделува истото.

Во поглавјето услови за градба, од постојниот закон, во член 31 се предлага утврдување на орган кој го издава решението за услови за градба што не е уредено со постојниот закон, како и можноста да може да се поднесе жалба до надлежната комисија во Владата на Република Македонија.

Во поглавјето надзор од постојниот закон, членот 44 се дорегулира, надлежноста на урбанистичкиот инспектор во случај кога се гради објект без издадено решение за услови за градба. Во поглавјето казнени одредби од постојниот закон во членот 50 се врши усогласување со Законот за прекршоци.

Понатаму, во поглавјето преодни и завршни одредби во член 51 од Постојниот закон, обврската за усогласување на плановите во рок од две години се брише, од причини што објективно во овие рокови општините кои до скоро почнаа да се конституираат, а и Републиката во така краток рок не можат да обезбедат соодветни финансиски средства, ниту постои доволно урбанистички кадар за извршување на таа обемна задача во

вака мал период кој што се скуси со одржувањето на конституирањето на единиците на локалната самоуправа. На членот 54 му се додава нов став, кој го регулира вклопувањето на без правно изградените објекти, во услови кога истите се потврдуваат со у урбанистичкиот план, а ставот 2 од овој член беше укинат со одлуката на Уставниот суд.

Заради регулирање на изградбата, согласно утврдените содржини на плановите, а во услови на постоење на урбанистички планови од постар датум, после членот 54 од постојниот закон се предлага нов член. Членот 56 од постојниот закон се менува, со што се регулира прашањето за донесување на урбанистички планови, чија постапка е отпочната пред влегување на сила на законот за просторно и урбанистичко планирање.

Почитувани пратеници, законот за просторно и урбанистичко планирање претставува секој дневен инструмент за работата на органот на управата надлежен за работите на урбанизмот, а истовремено со тоа постојано се излегува во пресрет на барањата на граѓаните и другите субјекти во решавањето на нивните суштествени прашања. Оттука, ценам дека треба да го дадете својот глас за усвојување на овој предлог закон, со што, како што претходно кажав, определени прашања од овој закон се доуредуваат и допрецизираат.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници. Иако ставот на Либерално-демократската партија беше овој закон да се гледа во две фази, мнозинството одлучи дека денеска мора да се носи и дека ќе се донесе сигурно во скратена постапка. Она што денеска посебно треба да се потенцира е доделувањето на градежното земјиште кој сигурно ги тангира сит е луѓе кои живееат и творат во општините. Знаеме дека со посебни закони се регулира материјата доделување користење и употреба на градежно земјиште, знаеме дека средствата кои се собираат

VI/5.-

во касата на овие собранија се минимални и од тие соображенија мислам дека ова што е доделување на градежно земјиште, кое треба буквално да оди во касата на буџетот е едно суспендирање на средствата кои треба да се собираат во  локалната самоуправа. Знаеме дека градежното неизградено земјиште се кажува дека припаѓа на Република Македонија, која е државно земјиште. Сега се јавува спорот како овие години доделувањето на државното земјиште беше во функција на локалните собранија, а сега ова право му се суспендира на локалната самоуправа. Ова што го изнесе заменикот министер дека државата е таа, т.е. Владата која ќе врши надокната околу експропријацијата на градежното земјиште, држи, но имаме случаи во поголемите градови во овој изминат период многу отворени прашања во делот на земјиштето кој не е доделено кој стои како отворено да се експроприра, што секогаш се дава толкување дека буџетот нема средства.

Што се случува со оние средства кои имаат дадено локалните собранија, бидејќи во многу поголеми градови, искуствата кажуваат дека локалните собранија вршеа експропријација на земјиштето, па потоа одеше доделување, односно јавно лицитирање. Сигурно дека и ова е еден од многуте начини за она што значеше примарни комуналии при доделувањето на земјиштето, да се суспендира локалната самоуправа. Се намалуваат и така малите ингеренции на локалните самоуправи, со тоа што дел од пренесените надлежности од Законот за локална самоуправа на општините се лимитирани. Тука станува збор со законот за екологија државата се меша веќе и во јавните комунални претпријатија, тоа се случајот со Рашче и со Дрисла. Мислам дека државата земај многу голема концентрација и централизација на власта. Ова може еден ден да се врати како бумеранг. во овој момент е добро затоа што се работи на оваа проблематика да се соберат многу повеќе средства. Не кажа заменикот министер колку средства ќе се соберат. Ако

VI/6.-

е ова план на Владата да се обезбеди голема материјална добивка, да се покријат социјалните тензии, тоа е друга работа. Бидејќи во меѓувреме остануваат многу нерасчистени прашања, а тоа е прашањето за дивоградбите. Што со дивоградбите и кој ги стимулираше дивоградбите. Знаеме дека градот Скопје е буквално целиот во дива градба. Да не зборуваме за сите населени и урбани средини. Цела Македонија е дива градба. Ако земеме од 1990 година наваму ќе видиме дека, јас ве замолувам г-дин докторе да не упаѓате, имате говорница, ќе кажете вие за Велес а токму Велес, е тотално дива градба. Она што сакав да го потенцирам е дека ќе се соберат многу големи средства. Не кажа заменикот министер што и каде ќе одат тие средства што е дадено како план, што ќе се експроприра, на кого ќе се даде приоритет каде ќе одат средствата, или со овој закон да се каже дел од средствата да се повратат на локалните собранија, бидејќи ако се земе она што значи легализација на дивите градби, донесени се повеќе одлуки на општинските собранија за легализација на дивите градби. Инаку не може да профункционира оваа легализација. Зошто? ги кочеше овие работи директно министерството за урбанизам. Од кои причини е познато само во министерството затоа што ако се извршеше легализација во многуте општини и градот Скопје ќе се собереа многу средства, кои средства требаше да останат во општините. Се га со ова сигурно ќе ме демантира заменикот министер, ќе каже да, ама од легализацијата и пак ќе останат средствата во општините. Но како да се изврши легализација кога и носењето на просторните планови се вклопуваат', но не се даваат решенија. Останува точката токму во министерството за урбанизам. Целата работа ја кочи буквално министерството за урбанизам. И тоа е едно од многуте реакции на граѓаните, но затоа што многу луѓе сакаат да им се легализираат нивните објекти, сакаат да спијат мирно, сакаат да си платат чесно, но се јавува проблемот во Министерството. Приоритет

треба да даде министерството во овој случај кој се останати како отворени прашања. Да им се даде да се легализираат овие објекти.

Она друго што доаѓа до колизија е сигурно и овој закон за денационализација. Ние законот за денационализација не сме го донеле. Прашање е кога ќе го донесеме. Деновиве имаме информации дека американците не викаат и не предупредуваат дека треба да се носи законот за денационализација. Но државата ќе каже ние немаме пари, ова е огромна работа, како ќе оди ќе се пролонгира, но што се случува. Сега за доделувањето на градежното земјиште ќе влезе во колизија со законот за денационализација. Ние ќе сиземеме обврска да доделуваме земјиште кое што не е имотно правно расчистено. Мислам дека и ова едно прашање кое што требаше да г третираме овој закон.

Она што посебно ни се замерува како држава се странските вложувања. Странски бизнисмени кои сакаат да вложат првото прашање е да дојдеме, каде да дојдеме. Ова што сакаше да каже докторот тука вели дека не е дива депонија Македонија, јас не велам дека е така, меѓутоа, нема правила на игра. Луѓето сакаат да купат земјиште, затоа што сакаат да градат. Секаде во светот земјиштето го купуваат. Ние се затворивме од кои причини. Да не го купиле, овие, ќе го купат оние, националности ќе добијат, нема врска. Кој го купи Градскиот центар во Мавровка? Оние кои имаа пари. Исто треба да се направи либерали-ација да се пушти да се продава земјиштето. Само така можеме да привлечеме странски капитал. Инаку, ова другото, ова другото е само демагогија, или изговор или некое друго сценарио да се пополни буџетот. Јас не го поддржувам овој предлог закон и ќе гласам против.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, почитуван претседателе, почитуван заменик министер за урбанизам. Јас навистина сакав уште малку да проб-лематизирам еден проблем кој што веќе беше истакнат. Мислам дека нема смисла овде да се делиме на централисти, комуналисти, односно

локалист но во секој случај треба да го поставиме прашањето дали предлогот на овој закон за измена на соодветниот закон, особено неговиот член 3, е во коализија со Законот за локална самоуправа. Јас очекував дека заменикот нешто пошироко за тоа ке образложи и тоа конкретно врзан за законот, не за ординерните права државни и локални. Бидејќи тоа се две работи. Можеме разни толкувања да имаме за тоа кое чие право е и кој дава на кого право. Тоа е друго прашање. Можеме да спориме околу тоа. Меѓутоа, сега имаме два закона еден донесен, еден кој што треба да се донесе и треба точно да се одговори дали се во коализија, односно дали се спротивни еден на друг. Јас тврдам дека плен 3 и член 17 со соодветните алинеи на законот за локална самоуправа се во спротивност. Со овој закон се негираат деловите на законот кој што веќе е донесен. Ако тоа е случај треба а се донесат паралелни закони. Едниот кој ќе го обеси ли законски, тие делови на тој закон и тогаш со овој закон да се регулира материјата. Инаку, не можат да се одземат правата на локална самоуправа со друг закон, ако веќе со тој закон и се дадени тие права.

Второ, мислам дека тезата држава дава, држава зема, во овој случај не важи. Државата едно што го дава, тоа што го зема треба да го образложи со посебен закон. Затоа мислев дека е порационално денес да расправаме за предлог за донесување на закон, а откако ќе ги расчиствевме овие работи да речеме до наредната седница, да поминевме на Предлог на закон и да го донесевме законот. Инаку, мислам дека донесувањето на овој закон денес би бил правен преседант, може би и друг сме направиле, но сега веќе е отворен виден правен преседант, кога со еден закон негираме друг а и тој е уште важечки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, пред нас е денес предлогот за изменување и дополнување на еден закон, кој е донесен пред неколку месеци. Иако на прв поглед се зборува дека се работи за мал закон, но по мое длабоко убедување, сепак,со овие измени и дополнувања на законот, битно се влијае врз суштината на законот кој веќе е донесен. Се работи за една многу битна материја уште повеќе како што рекоа и моите колеги дека допира по мое убедување и во надлежностите на локалната самоуправа и Законот за локална самоуправа.

Морам да го потсетам овој Парламент дека кога го донесовме Законот за локална самоуправа односно кога го донесовме Законот за нова територијална поделба, тогашниот министер овде даде еден многу интересен податок. Имено, дека Македонија спаѓа односно е на последно место во Европа во поглед на тоа во колку населени места е изградена инфраструктура и рековме дека новата територијална поделба ќе придонесе да ја спречиме миграцијата и да не дозволиме и понатаму Скопје да биде половина Македонија. Затоа што само во Скопје ја имаме изградено таа инфраструктура, а сите тие пари нема од каде да се соберат, освен од овие давачки. И денес со овие дополнувања како да сакаме, со овие измени на Законот повторно да ја вратиме истата слика. И понатаму да мора луѓето да мигрираат затоа што локалната самоуправа која ги има сите надлежности и можности да создава услови односно предуслови за изградба на инфраструктура, изворите од каде што треба да ги црпи тие средства ние им ги одземаме. Иако предлагачот вели и во образложението стои дека дел од средствата за уредување на градежното земјиште и понатаму останува во општините, но за мене тоа е недововолно и не е доволна причина, ние и понатаму и

онаа мала надлежност што ја имаше досега со овој Закон да ја одземеме. Се повикуваме на кажаното дека земјиштето е во сопственост на државата. Јас навистина не сум теоретичар да знам што веќе се е држава. Дали локалната самоуправа и тоа не е некој дел од државата? Зошто мора средствата да бидат прибирани, па однесени во држава, па пак преку други канали да ги враќа некаде каде што ќе има потреба. А сигурно ќе има потреба пак во истите тие локални самоуправи односно во тие општини. Но сега некој добива за право и моќ тие средства да ги одредува односно ги насочува таму каде што одредена групација ќе констатира дека треба. Јас мислам дека и понатаму ништо нема да направиме грешка уште понатаму ако сакаме, затоа што и во Законот за локална самоуправа има одредба во која што вели дека што вели дека државата може да додели и додатни ингеренции, односно додатни овластувања, ако веќе не е со тој закон кажано. Иако јас мислам дека е доволно и во тој закон за локална самоуправа и дека оваа можност ја има.

Според тоа, јас и при гласањето мислев и сеуште мислам дека една ваква битна законска одредба би требало да оди најмалку во две фази од наведените причини.

Втора работа: Некои од колегите рекоа овде дека навистина имаме еден вистински хаос во оваа смисла. Сеуште не е донесен законот за денационализација и сеуште не знаеме што со таа земја која што фигурира дека земјата е национализирана, Што е со експроприраната земја Има низа недоречености, низа недоискажаности, ни дава за право, барем мене лично да мислам дека сепак законот требаше и треба да оди во две фази.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, гледајќи го предлогот за изменување на законот за продажба на градежното земјиште односно измена на досегашниот Закон, кој што сметам, а сигурно така сметаат и во локалната самоуправа, се одзема од надлежност на локалната самоуправа баш во делот на градежно уредување, а тука беше кажано дека насекаде заради нерегулирани односи и во општините и во државата имаме дивоградба и сметам дека овој предлог на закон треба да оди во две фази затоа што треба да се направи уште една консултација во фазата во советите на локалната самоуправа и да видиме што ќе значи на секое подрачје, а заедно преку сите подрачја и на целата територија на државата ваквиот предлог на измената на законот. Мислам дека е тоа потребно за да не донесеме еден закон кој ќе биде во коалиција со членот 17 од Законот за локална самоуправа и овој закон овде, Законот за уредување на градежното земјиште. Да не брзаме, затоа треба сепак една поширока консултација во тој дел да направиме.

Што се однесува до почитуваниот пратеник Слободан, јас можам дека кажам дека РМ не е дивоградба, а да има дивоградба, има и реагирав на тоа. Неможеме за државата да кажуваме дека е дивоградба

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Јас би го прашал докторот да каже во кој дел на Македонија нема дивоградба, нека повели на говорница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Ајдарага има збор.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници и останати членови на Влада и заменици кои останавте тука, очигледно дека нешто не е вред, меѓутоа, тоа е тоа.

Излегов на говорница да кажам неколку зборови во однос на предложениот проект и веднаш на почетокот да кажам дека сум на страната на оние кои предлагаат дека законот треба да помине во две фази а не во една фаза како сега се прави. Еве кое е моето образложение.

Повеќето дискутанти спомнаа работи кои ги поддржувам а меѓу другите да поставам едно прашање кое се наметнува и произлегува од регулативата која е понудена со овој Предлог на закон. Имено, во поранешните општини со старата територијална поделба средствата за експропријација на градежното неизградено земјиште беше обврска да ги обезбедат општините. На тој начин во повеќе општини е откупено доста градежно неизградено земјиште кое сеуште не е доделено. Се поставува прашање, овде се настојува дел од овие средства кои за општините претставуваат извесен приход во буџетите, кои се и онака никакви, не можат крај со крај да состават а сега и тие средства им се одземаат. Велам повеќе за овие средства не е правилно да се одземат, затоа што ако нешто можеше на општините да им остане од сите тие средства, тоа се заправо само овие средства, затоа што се работи за средства за кои општините сеуште не вложиле некои средства за да ги дотераат тие површини, а ние сега сакаме да им ги одземеме .

Кога сум веќе кај ова, да кажам дека општината  Дебар односно нејзиниот фонд за комуналии, заправо заради тие работи, поради плаќање на такво земјиште околу две години беше блокирано и не можеше да работи. Што ќе стане со овие средства и кој ќе ги поврати. Мислам дека треба да бидеме на нивото на разумот и општините да не ги закачаме таму каде што не треба и она што не е со закон дозволено. Законот за локална самоуправа доста работи има регулирано, барем што се однесува до прашањето на комуналното уредување, а мислам дека не е ред тука да правиме сега такви чекори и работите да ги враќаме назад.

Во образложението кон предложениот закон пишува дека станува збор за земјиште со кое управува Републиката. Поставувам прашање - тоа го знаеме сите, меѓутоа, јас ќе поставам едно прашање: Што станува, кое земјиште е општинско, а кое е Републичко? Јас мислам дека сеуште општините не располагаат со никакво земјиште. Зотшо? Заради тоа што сеуште не ја извршивме делбата меѓу Републиката и поранешните општини, како и делбата меѓу старите општини и новоформираните со Законот за новата територијална поделба. Мислам дека одиме порано од она што фактички треба да го оствариме.

Во образложението кон законот се наведува уште едно прашање како оправдување дека станува збор за четири вида надоместоци. Би го поставил прашањето. Освен овој надоместок што сака сега да го земе Републиката, каде одат другите три надоместоци? Каде одеа досега Мислам дека тие надоместоци досега одеа во општините. Е сега зошто го правиме и ова. Мислам дека не е целесообразно, неоправдано и не ни оди во корист да правиме вакви проблеми.

Затоа, ќе се залагам законот да оди во две фази, за да се расчистат одредени прашања, па дури тогаш да прифатиме нов предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Кирил Настевски, заменик министер за урбанизам, градежништво и екологија.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Чувствував потреба некои прашања убаво да се разјаснат затоа што гледам дека дискусијата зазема друг тек.

Прво, јасно е тоа дека овој закон со ништо не задира во Законот за локалната самоуправа. Во Законот за локалната самоуправа, членот 17, каде што се надлежностите, кажано е дека општината донесува програма за уредување на градежното земјиште. Никаде со предлогот на закон не се вели дека програмата ќе ја носи општината или пак како што

беше во претходната формулација дека општината дава согласност на програмата. За сега ниту согласноста не ја дава. Значи, не е одземено тоа право општината да донесува програма за уредување на градежното земјиште.

Исто така, во Законот за локална самоуправа се вели дека општините ги вршат работите на уредувањето и употребата на градежното земјиште во согласност со закон. Уредувањето на градежното земјиште е право на општината и со овој предлог на закон воопшто не се третира и нема потреба ниту да се дискутира дека тоа право е одземено. За уредување на градежното земјиште општините носат програма, во програмата пресметуваат вистински трошоци на уредувањето на градежното земјиште што ги наплаќаат субјектите кои инвестираат, инвеститорите. Тоа се оние т.н. комуналии, каде што согласно прописите со програмата исто така треба да се искажат во тие вистински трошоци и трошоците за расчистување на имотно - правните работи. Значи, општината може низ надоместокот за уредување на градежното земјиште, кое се исклучиво право и тие средства се на општината, да си засметува како претходни работи во уредувањето надоместок за расчистување на имотно-правните работи. Јас незнам зошто тука се зборува дека се меша овој закон во правата на општините.

Исто така, јас би сакал да кажам два три збора и околу надоместокот за користење од доделувањето на градежното земјиште. Тоа е сосема друга категорија на средства, која не е обична давачка како што е тоа надоместокот за уредување што е на општините. Тој надоместок претставува една противвредност на имотно - правните односи кои настанале или треба да настанат. Со државното земјиште тие средства што ги зема ги употребува исто така за расчистување на имотно правни работи - зборувам само од државното земјиште, а не од земјиштето кое го има општината, како што се вели во Законот, општината располага со земјиште и со делбениот биланс тоа ќе се

покаже како ќе биде и право е, општината ако располага со земјиште, нека си располага како што ќе оцени таа. Значи, не е некоја давачка, тоа е противвредност на имотно - правен однос.

Понатаму, државата за потребите од изградба на капитални објекти, дали тоа се патишта регионални, магистрални или други видови објекти од интерес на државата, за расчистување на имотно правните односи ќе треба да плати средства. Од кои средства ќе плати? Значи, тие пари се вртат од имотно - правните работи за имотно правните работи. Да не ги мешаме. Исто така, овде владее мислење дека тоа се некои огромни пари . Според нашите анализи, тие се движат некаде од еден до шест-седум проценти од оние комуналии што своевремено се засметуваа.

Кога веќе земав збор сакам да кажам дека во текот на спроведувањето на овој закон предочени се одредени, цениме дека тоа се неправилности, прво во определувањето на цената на градежното земјиште. Јас кажав во своето воведно излагање дека со никаков пропис не е определено локалната самоуправа да ја определува цената на земјиштето со кое управува државата. Значи, тоа не е одземање на право кога државата си го зема своето право да ја определи цената на градежното земјиште.

Во текот на спроведувањето на тој закон досега имаме огромно шаренило во однос на цените што ги добивавме од општините, прво од сосема деградирана цена од 20-тина денари за квадрат, па до сосема надградена цена од 4000 денари за квадрат. А практично цената би требало да претставува пазарна вредност на градежното земјиште што во една средина може да се утврди. Во случаите кога земјиштето се цени на 20 денари за доделување на користење за изградба на објекти од квадрат, па и 20, 50 и 100, не ги покрива ниту трошоците за постапката за доделување. Само еден геодетски елаборат за изработка, за да се

додели определено земјиште, чини повеќе од 5000 - 6000 денари, да не речам за останатата постапка на доделување и тн.

Исто така, тука беше спомнат и Законот за денационализација што ќе биде со земјиштето кое е национализирано, кој ќе го плаќа тоа. Тоа е логично, точно е и тоа може да се земе како причина. Сигурно дека со законот за денационализација, кога земјиштето треба да се врати или финансиски да се расчисти со субјектот на кого што му било одземено тоа земјиште по тие закони тогаш кога бладееле, не ќе го чисти општината, тие обврски се знае дека си ги зема државата бидејќи сега општината не претставува општествено политичка заедница, општината си има свои права на локална самоуправа.

Значи, да не ги мешаме, надоместоците, надоместокот за уредување на градежно земјиште си го определува општината и тоа во рамките на средствата потребни за уредување на градежно земјиште, што ги викаме вистински трошоци. Тука се определуваат и средства за евентуално расчистување на имотно правни работи за уредување на градежното земјиште кои произлегуваат, потоа надоместокот за користење за употреба на градежно земјиште исто така си е на општината и општината со своја одлука определува колку граѓанинот кој што има сопствен изграден имот во едно населено место, заради условите на подобност со изградба на комуналните објекти треба да ја плаќа онаа рента која што е општопозната.

Мислам дека ова излагање беше потребно да се даде. Од дискусиите јас верувам дека желбата и на општините и на пратениците е таква во општините да се создадат што повеќе услови за уредување, меѓутоа, сакам да нагласам и тоа дека државата на определен начин тие средства им ги враќа на општините точно пак за уредување на градежното земјиште. Ако се сеќавате, а можете да си направите и сопствена анализа, во текот на изминатите пет години државата

учествуваше, партиципираше во изградба на водоводи и канализации во градовите и населените места, досега во 390 населени места. Значи, тоа учество не се смета како враќање. Тоа се тие пари, тие се за расчистување на имотно - правните односи и државата на определен начин повторно ги враќа.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Ќе повторам повторно дека тежината на законските проекти што ги предлага Владата не се мерат со квантитетот односно со нивната обемност, туку со радикалноста на решенијата што ги нудат.

Во случајов, мислам дека се работи за едно радикално решение што во суштина битно ги менува односите на релација државна власт - локална самоуправа и ако се земе предвид тенденцијата што пред неколку седници низ Законот за комунални дејности исто така ја изрази Владата, се стекнува впечаток дека во Македонија се повеќе се централизира власта, се повеќе над досегашни надлежности на единиците на локалната самоуправа се одземаат па се поставува едно отворено прашање зошто ни беше ваков концепт, концепт на локална самоуправа кога од ден на ден со разни законски акти и други прописи дел од надлежностите на единците на локалната самоуправа се одземаат.

Јас сум сериозно изненаден од еволуцијата што настанала кај претставниците на министерството за градежништво урбанизам и заштита на животната средина истите тие господа пред една година и повеќе месеци, кога овде во фаза на усвојување беше законот за просторно и урбанистичко планирање, пред нас пратениците излегоа со сосема спротив- ни аргументи.

На што се должи нивната еволуција? Дали тогаш биле во заблуда или во меѓувреме прочитале повеќе литература, виделе други искуства и сфатиле дека биле во грешка и затоа за толку краток период од година и неколку месеци предлагаат сосема радикални решенија. Просто е чудо да го слушаш заменикот министер за урбанизам и градежништво како се труди да објаснува дека ова решение што сега се предлага не е во

спротивност со Законот за локална самоуправа . А само за потсетување ќе Ви кажам дека Законот за локалната самоуправа е донесен пред Законот за просторно и урбанистичко планирање и дека е ден од системските закони донесени со двотретинско мнозинство.

Дали тоа значи дека Министерството и Владата, во времето кога го предлагаа Законот за просторно и урбанистичко планирање,свесно го прекршија Законот за локална самоуправа предлагајќи решенија сосема спротивни од овие што сега ги предлага? Значи дека досега сме имале решенија што биле во потполна спротивност со решенијата од Законот за просторно и урбанистичко планирање, визави Законот за локалната самоуправа. Од тој аспект не сум подготвен да верувам до крај во аргументацијата изнесена од заменикот министер затоа што можеби за 5 или 6 месеци или една година ќе ни се случи да слушаме сосема трета аргументација што ќе заговара сосема други решенија.

Јас би го нашол одговорот во целата ситуација во која се наоѓаме во фактот дека Владата односно надлежното Министерство нема јасна стратегија, визија и концепција како треба да се уредуваат односите во градежното земјиште. Фактите зборуваат дека оваа област наместо да се регулира со еден целовит, комплексен и сеопфатен закон за градежно земјиште, сеуште се парцијализира со повеќе законски проекти меѓу кои биде и тој што треба да го гледаме за комунални дејности што е сосема неприфатливо, посебно затоа што тоа не можат да го сфатат ни луѓето од странство заинтересирани за внесување странски капитал во нашава земја.

Тоа би го поткрепил со една илустрација од разговорот на координаторите на пратеничките групи што го имаа при посетата на нашата држава на неговата екселенција, претседателот на Сојузна

Република Германија, г-динот Роман Херцов кој на инсистирањето на дел од координаторите дека треба да се зголеми трговската соработка помеѓу Македонија и СР Германија изразив вчудовидување затоа што тврдеше дека ние како држава треба претходно да го уредиме прашањето на односите на градежното земјиште, во областа на градежното земјиште за да можеме на тој начин да привлечеме странски капитал во нашата земја, а не да се залагаме исклучиво за зголемување на трговската соработка каде што би биле, се разбира, помалку конкурентни во споредба со скапото германско стопанство.

Исто така се согласувам во потполнсот со аргументите на г-динот Рамадани кој го спомна Законот за локална самоуправа, мислам дека не е во право г-динот заменик министер ког авели дкеа ова законско решение не е контрадикторно со одредбите од членот 17, неколку алинеи што ја фиксираат точно самостојноста на единиците на локалната самоуправа во вршењето на нивните дејности. Во неколку алинеи се вели дека единиците на локалната самоуправа самостојно донесуваат програма за уредување на градежно земјиште, ги вршат работите на уредување и употреба на градежното земјиште во согласност со закон и го уредуваат и организираат градењето и одржувањето на локалните патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти од локално значење, во согласност со законот. Не знам како би можело да се тврди дека тоа не е во спротивност со Законот за локалната самоуправа, затоа што мислам дека ќе се доведеме во ситуација како што веќе Уставниот суд поништи три члена од Законот за просторно и урбанистичко планирање, дека можеби ќе поништи и некои од одредбите од овој закон. Овој закон што веројатно поради мнозинството ќе биде донесен.

Исто така би сакал да кажам дека од субјективни, а не од објективни причини предлагачот на законот предлага одредбите во

досегашниот член 51 во кој се бараше во период од 2 години од донесување на законот да бидат иновирани сите постојни урбанистички планови во РМ и доколку тие не бидат направени согласно новиот закон во тој период ќе се смета дека не постојат. Дојдовме во ситуација, иако тогаш јас лично предлагав амандман со кој што барав, заради не реалноста на тој рок од две години да се зголеми на повеќе години, мислам три години, тогаш тогашниот министер за градежништво и урбанизам тврдеше дека тој рок е реален и дури е преголем и дека може да се испочитува.

Сега дојдовме во' ситуација, заради објективни односно субјективни причини поради што дури на проектантските организации во Македонија што постојат за изработка на урбанистички проекти не им се издадени лиценци за вршење на дејноста, воопшто работата да не е тргната од почеток, а камо ли во рок од 2 години да се заврши цела работа. Од тој аспект мислам дека не се сериозни ваквите обиди што се прават на оваков начин да се премостуваат одредени работи.

Сосем спротивно, значи кога се работи за себе, Владата си дава многу поголема ширина и е по толерантна, за разлика од одредбите што се однесуваат за граѓаните на РМ каде предлагачот е премногу респективен.

Ако се вратиме малку назад, во периодот на локалните избори во РМ ќе се присетиме дека сите политички партии, без исклучок, посебно кандидатите за градоначалници се залагаат за конечно разрешување на проблемот со нелегално изградените објекти во РМ што, според некои проценки ги има можеби повеќе од сто илјади. Тоа значи дека во такви објекти, ако се точни тие прогнози, живеат најмалку 400 илјади граѓани на РМ. Треба многу посериозно да се пријде на тој проблем и на граѓаните да им се понудат услови и разумен рок во кој треба да ја средат целокупната документација и да ги платат сите обврски кон единиците на локалната самоуправа.

VIII/5.

За разлика од тоа, предлагачот предлага во членот 8 од Законот период од само една година од денот на стапување во сила односно донесување на урбанистичкиот план. Тоа значи дека на многу граѓани кои живеат во тие објекти веќе рокот им е истечен, затоа што голем број од таквите населби веќе има донесено такви планови и периодот од нивното донесување до донесувањето на соодветните планови, од една година, е веќе истечен значи би требало, веднаш по стапувањето во сила на овој закон надлежните служби во Министерството да дадат без број, да не речам десетици илјади решенија за уривање на тие објекти.

Мислам дека ана овој проблем треба да му пријдете малку посериозно и како што сте толерантни и широки кога сте Вие во прашање, да бидете многу потолерантни и широки кога се во прашање граѓаните кои живеат во тие објекти и да создадете неопходни предуслови за да можат таа своја обврска настаната дел по нивна вина, а дел по вина на државата, затоа што секаде не може да се добие решение за изградба на такви објекти. Од тие причини предлагам овој закон да го гледаме само во прва фаза. Да ја исправиме грешката при усвојување на дневниот ред за да можеме во овој период до предлагањето на текстот на законот, евентуално имајќи ги предвид сугестиите и предлозите, размислувањата што тука ќе се изнесат да се вклопат во овој законски проект со цел да добиеме едно позитивно и добро законско решение што ќе биде во прилог на разрешување на наталожените проблеми во оваа област.

Благодарам.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор Панчо Минов. (Не е тука)

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Видиме.

VIII/6.-

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-дине потпретседателе, колеги пратеници,

На почетокот би сакал да реагирам малку на изјавата на гдинот заменик министер што како причина за неговото излегување на оваа говорница последниот пат рече дека, ете, мора да реагира, затоа што дискусијата презела лош тек. ме интересира дали тоа значи дека и со предлагањето на измените на Предлогот на законот беше предвиден и текот на дискусијата, па ете дискусијата доби лош тек па да ја коригираме, да се врати на правиот тек?

Дискусијата ќе биде онаква каква пратениците во овој дом мислат и така како што ќе кажат, така што забелешките во стилот дека дискусијата зела лош тек се апсолутно неумесни и воопшто, во принцип го деградираат статусот на Парламентот.

За жал, факт е дека од донесувањето на Законот за локална самоуправа па наваму со повеќе законски проекти што во меѓувреме се предложени од Владата и донесени од мнозинството во Парламентот, дел по дел се одземаат ингеренциите на локалната самоуправа, а со овој закон веќе конечно се одземаат и дел од приходите, просто кажано локалната самоуправа ако продолжиме вака за кратко време ќе нема повеќе што да работи и комотно ќе може за се и сешто да се обраќа во Скопје за се и сешто да бара од Владата , од РМ и од Скопје.

Јас наполно ги разбирам потребите за Владата за наполнителни извори и средства за да го дополни и онака наполно празниот Буџет. Но, мислам дека посегна по погрешни извори, бидејќи доколку и тие извори што се минимални за општините ги тргнеме, општините ги ставаме на колениците и повеќе нема што од нив да бараме.

VIII/7.-

Воопшто не би коментирал за размислувањата на предложениот закон, затоа што сепак многу се кажа и наполни ги подржувам колегите пратеници кои тоа го кажаа. Апсолутно, во најмала рака ја подржувам идејата со овој закон да одиме во две фази, минимална варијанта, бидејќи во други услови јас ќе гласам против овој закон.

Се разбира, гледајќи ги тенденциите , како што кажав што водат концентрализирање, а како има речит пример кој говори во прилог на ова централизирање во Македонија е Уредбата на Владата што во последно време се применува и во основа значи голем дел од возилата низ Македонија кои живеат и работата во градовите носат скопски регистрации. Уредбата е донесена пред неколку години, но за жал последните месеци се ажурира и упорно се протежира таа Уредба, односно сите јавни претпријатија на ниво на Македонија, не е битно каде се лоцирани да носат скопски регистрации. Дали тоа значи дека цела Република треба да претставува еден град? (Не) Ве молам, размислете дека и надвор од Скопје живеат други луѓе, надвор од Скопје луѓето треба да остануваат. И, покрај другото што реков дека тие средства наводно ќе ги земете и инвестирате во капитални објекти, јас во името на моите избирачи би се нафатил да го , условно, прифатам тој закон доколку ветите дека од тие средства ќе се изгради патот за Битола што веќе 4 години го ветувате. Патот нема да го добиеме, знам за тоа. Но, иако ветите, иако велите дека од тие средства ќе се инвестираат капитални објекти, мислам дека сепак го потрошивте кредибилитетот за да Ви веруваме дека ќе ги дадете тие пари.

За сега, инсистирам со најдобри намери, законот да оди во најмалку две фази, со желба да најдеме заеднички точки за разговор и во заеднички интерес да ги решиме проблемите. Во други услови јас не сум подготвен да го подржам законот и веројатно ќе гласам против.

Благодарам.

VIII/8.-

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Лазар Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници,

Овие измени на Законот за просторно уредување што воглавном рентата или надоместокот за градежно земјиште станува сопственост на РМ, а не соодвејствува ниту со Уставот ниту со Законот за локална самоуправа, бидејќи уредувањето на градежното земјиште е една од изборните надлежности на општините. Сметам дека во најнова рака оние кои ова го предлагаат се соочуваат и со во противречност со Уставот и Законот за локална самоуправа.

Кои се причините за оваа работа не знам, меѓутоа едно е сигурно не можам да се декларирам пред овој парламент за демократска држава ако ја централизираме. Обично сите зборуваат дека степенот на демократичноста на едно друштво е обратно пропорционално со централизацијата на власта.

Од искуството од општината од која доаѓам, и со старите закони и со новиот закон за локална самоуправа уредувањето било работа на општината. Ако општината не го уредува својот простор незнам кои други надлежности ги има и кои работи ќе работи. Со ваквиот начин на уредување на градежното земјиште , каде што приходот од тоа ќе биде приход на Републиката, на кој начин тие општини ќе прават програми, на кој начин ќе го уредуваат и на кој начин ќе создаваат услови за градба на обични станови или на деловен простор.

Уште пострашно е надоместокот за времените објекти да биде приход на Републиката.

VIII/9.-

Сметам дека со ваквиот начин може да се направат големи штети во општините од проста причина што овде, министерствата соодветни или локалните единици таму ниту имаат слух ниту чувство за потребите на соодветната општина. Многу е просто да централизираат пари и да ги насочуваш ваму или-таму, но многу е тешко да се уредат состојбите во местата.

Сметам дека овој предлог за измена е надвор од здравиот разум, би рекол, а пред тоа надвор од Уставот и надвор од Законот за локална самоуправа. Ниту се тоа некои нарочни пари. Некои пресметале дека се големи пари, можеби тоа во оваа беспарица во ова неостварување на Уставот можеби се мисли дека со тоа ќе се решаваат некои проблеми штос е далеку од намената за што треба да се собираат тие пари. Сметам дека овој предлог, дали од министерството, а сигурно Владата ги усвоила, јас би го нарекол лаички и неодговорен.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Фаик Абди.

IX/1.- ЈМ/МЛ

**ФАИК АБДИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, ова е интересна дискусија и интересна материја за разговор, за една општа сигурност на граѓаните во Република Македонија и за системот, да се разбереме. Ако ние донесовме Закон за локална самоуправа со кој ги определивме надлежностите на локалната самоуправа и изворите на финансирање на определените работи со Законот за локална самоуправа и ако донесовме Закон за нова територијална поделба, за локална самоуправа створивме 123 општини каде што кажавме дека по пат на продавање на локациите, лицитации, 40% од приходот ќе остане во општината, 60% ќе оди за потребите на градот да речеме, односно други потреби, тогаш нормално ќе биде овој закон да се донесе во две фази да малку ги отвориме очите. И јас ги молам колегите пратеници .кои што не се од Скопје да се^потрудат да го прошетаат Скопје уз душа и попреку зошто има седум општини и ќе видат дека има две, три општини кои што се најнеразвиени и за кои што би се рекло дека се во Тунгузија, а не во Скопје. И од каде таму ако им се прекине некој изворен приход - односно друг приход по основ на локациите. Камо среќа да државата, односно тие локални наши раководители ги подготват терените да има канализација, да има струја, да има вода, па на крај патот со сите особености на еден современ пат, па да се про дава и тој на лицитација кој што има пари да плати,делот да си го задржи, другиот дел се знае каде треба да оди според Законот за локална самоуправа. Изгледа не ни е јасно кога го донесовме Законот за територијална поделба дека создадовме 123 општини во Република Македонија. Ние тогаш зборувавме дека јакнењето на локалната самоуправа значи јакнење на целината. Не може само на едно место да се инвестира. Ќе бидам конкретен. Лани и преклани во Шуто Оризари општината се направени сигурно некаде 100 и неколку куќи со приземје со кат, друг кат

и поткровје и тн. нешто велелепно. Па нема ниту достапен пат до таму, нема ова, нема она и тн. Па каде се отидени тие средства? Значи ако сакаме да бидеме компатибилни во мислите, во законите и во остварувањето на законите. Ако тоа не го оствариме ние ќе си останеме, да не употребам еден термин лош, она што сме биле и изгледа никогаш не ќе можеме да го погледаме тој прозорец дали ќе биде отворен кон таа страна на светот. Ако створиме еден нов политички систем на него му соодветствува се друго ново,па и во оваа сфера. Јас верувам дека Владата не мислела лошо, дека и овој закон не е којзнае колку лош, туку една мала поединост да задира во интересите на локалната самоуправа, во ингеренциите. Ние ќе разговараме во втората фаза. Јас не сакам да кажам сега во која не сакам да навлезам подлабоко. Го имам прочитано, го имам убаво проучено. Да бидам искрен во моментов немам една споредба и кога го проучував малку, една споредба со Законот за локална самоуправа и добро е што им текна на колегите пратеници тоа да го кажат сега. Но, ако вие господине заменик министер овде кажете дека нема никаква врска со ингеренциите на локалната самоуправа според Законот за локална самоуправа и онаа територијална поделба што ја направивме, па сигурно ќе покренеме иницијатива законот, односно агенцијата за поттикнување недоволно развиените подрачја да ги проработи 123-те општини и да рече сега: јово на ново, овие и овие општини во Република Македонија се неразвиени, а овде се развиени и нема да дадеме додатни средства таму, односно градот Скопје да не се посматра според членот 7, или 6 за градот Скопје, да не се посматра како единка развиена, туку градот Скопје има седум општини, да видиме кој е развиен таму, кој не е развиен и има други особености кои што влијаат врз развојот на малите краишта, на заборавените краишта. Јас ќе гласам во две фази да се донесе законот.

IX/3.-

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитувани пратеници и почитуван претседавач, ќе бидам краток во моето излагање од една едноставна причина што овој Предлог за донесување на закон за измени и дополнувања на просторното и урбанистичко планирање со Предлог на закон е толку апсурден што и навистина има голема, создава големи проблеми во причинување на сиромаштво на изрази и на пратеник и од оваа говорница да може истиот да го коментира. Имено, се работи за еден многу чуден по многу пати инсистиран обид на Владата и на ресорното Министерство за централизирање на надоместокот за доделување на градежно земјиште, дали за доделување, дали за времено користење. И кога го донесовме ќе ве потсетам на овој закон, кога во постапка го донесуваме изворната првична верзија на Предлогот на закон беше повторно со едно вакво решение да надоместокот за користење на градежно земјиште биде приход на Република Македонија. Со интервенција на нас на пратениците и со изгласан амандман од нас пратениците, она што е изворна надлежност и по Уставот и по Законот за локална самоуправа дека доделувањето, употребата и уредувањето на градежното земјиште е исклучува изворна надлежност на локалната самоуправа, се усвои таа измена и сега поактуелно по позитивното важење на овој закон се предлага повторно укинување баш во делот на средствата од доделување на градежно земјиште. Многу е чудно инсистирањето на Владата на овој приход да биде приход на Републиката, односно Буџетот на Републиката. Најпрво ќе го прочитам моето објаснување по однос на неговата уставна и законска заснованост како што неколку мои колеги пратеници веќе искажаа. Прво е спорно неговата уставност. Зошто? И во образложението на овој Предлог за измени и дополнувања на Законот стои дека нормално било и логички штом Републиката управува со градежното земјиште ова да биде приход на Републиката. Уставот

предвидува располагање и управување со градежното земјиште од страна на Републиката. Таквото уредување во Уставот на односите и на уреденоста на односите по однос на градежното земјиште не доведува до заклучок дека за доделување на градежно земјиште средствата се приход на Републиката. Зошто? Овде фактички не се работи за располагање. Самото тоа што Републиката е сопственост на градежното земјиште што таа управува со ова нема располагање од класичниот тип како што го толкува и заклучува предлагачот, Владата и ресорното Министерство како основ и причина за овде, бидејќи тоа е вон. И затоа институтот доделување, а не отуѓување и просто располагање со градежното земјиште. Така што таа спорност во однос на уставноста на аргументацијата на предлагачот дека тоа не треба да биде извор на приход на општината, туку на Републиката е по мене и по моја оценка неуставно, неиздржано во согласност со одредбите на Уставот. Понатаму, овде предлагачот почитуван застапник на ресорното Министерство објаснува дека се работи не за уредување, туку за доделување на градежно земјиште, односно уредувањето била изворна функција според Законот за локална самоуправа на општината, додека доделувањето бидејќи управувањето со градежното земјиште е на Републиката и следува да тоа биде извор на Републиката. Прво, мислам дека еден многу потценувачки однос спрема Парламентот и спрема пратениците за објаснување на тоа. Јас верувам дека најголем дел од нас многу добро знаеме што е таа функција уредување на градежно земјиште. По мое убедување и од долгогодишна пракса во работата на локалната самоуправа, сметам дека поимот уредување на градежно земјиште ги предвидува средствата за истото, како од надоместокот за уредување, тоа се комуналиите, неодминливо и од надоместокот за доделување зошто? Затоа што претходното. расчистување и уредување на теренот кој како неизградено градежно земјиште претпоставува прет-

ходно разрешување пред се на имотно - правните односи. Потоа прашањата на разни геодетски и геометриски снимања па земјиштето, претходно просторното лоцирање на земјиштето. Тоа се се прашања кои што не се чисто форма на уредување на земјиштето, туку претходни прашања кои треба во расчистување да се расветлат за да дојде до самото уредување на земјиштето. Па зарем има логика да овие средства се централизираат, а потоа во една постапка на решавање на имотно - правните односи да се бара во името на Република Македонија на конкретна територија на односна општина враќање, односно Републиката да ги решава имотно - правните и другите техничко - правни прашања во однос на уредувањето на градежното земјиште. Ова не е во склад и со Законот за градежно земјиште и не е во склад и со Законот за експропријација. Зошто? Првата фаза на доделувањето на градежното земјиште е прибавување на градежното земјиште во име на Република Македонија. Но, корисник по општините зборувам на така прибавеното градежно земјиште за објекти за кои е прогласен јавен интерес, тоа е пред се локалната самоуправа, тоа се патишта, тоа се улици, тоа се комунална инфраструктура итн. Значи, помешани се и крајно се изместени поимите титуларство на Република Македонија кон градежното земјиште како една уставна институција и она што значи во име на Република Македонија во односната општина користење на средствата од доделувањето и уредувањето на градежно земјиште. Многу е чудно едно практично проблемско прашање кое што е многу присутно по општините. Баш ова напред што го зборував после прибавувањето на градежното земјиште во име на Република Македонија корисник е локалната самоуправа, односно во случај по Законот за експропријација кога нема решение за надоместокот за експроприраното земјиште и неговото решавање на судот, замислете, Република Македонија и званично од Министерството за урбанизам има допис дека корисник на експроприраното градежно земјиште е локалната

самоуправа и таа треба да се јави како друга странка која треба да го надомести износот на вредноста за одземеното градежно земјиште. Значи кога треба да се собираат парите ние сме титулари, а кога треба она што е основната намена на надоместокот од доделено земјиште да се решаваат претходните имотно - правни односи, односно надоместување на претходните сопственици на градежното земјиште, или на објекти на тоа градежно земјиште, тогаш вие локална самоуправа сте корисници на експропријацијата и вие треба да бидете странка која ќе биде обврзна да го надомести експроприраното градежно земјиште, или објекти на тоа градежно земјиште.

Исто така, необјасниво е инсистирањето ан оваа Влада и на ресорното Министерство во таа заслепеност од желба за централизација, прашањето на подигање на степен на државен јавен интерес на работи кои се од изворен локален карактер. Само ќе ве потсетам во делот на Законот за јавни патишта покрај локалните патишта ние донесовме Закон во кој што на државен интерес се подига и изграденоста на улиците како сообраќајници во општините и тоа се пак повратно финансира после централизирани средства во Фондот за јавни патишта. Една нелогичност, една необјаснивост зошто. Зарем толку се потценуваат избраните структури во локалната самоуправа кои што имаат и надлежност и изворна функција да ги решаваат овие прашања. Исто така во Законот за комунални дејности, повторно ќе ве потсетам дека се предлагаше одредба и добро е што се тој закон одложи во две фази, се предлагаше одредба да сопственост над комуналната инфраструктура по општините има локалната самоуправа. И кога сето тоа како подигање на јавен, државен интерес за тоа каква изграденост на комуналната инфраструктура ќе има по општините, ова пак е една дијаметрална противречност не на линијата. на таа загриженост што и

улиците се грижа на Републиката, што и комуналната инфраструктура е грижа на Републиката. Сега оние прашања кои се предуслов за уредување на градежното земјиште, а тоа се имотно - правните односи за расчистување за да настане уредување на градежното земјиште се централизираат и се присвојуваат како приход на Републиката.

И не можам да не кажам, а незаинтересираноста на моите почитувани колеги за ова прашање, сигурно заради факторот гласачка машина сметам дека ова прашање треба да биде најголема битка по однос на овозможувањето на услови за остварување на функциите на локалната самоуправа виза ви надлежностите посебно во финансиското зафаќање што конкретно со примерот со овој закон го прави Републиката. И сметам и ве повикувам како колеги ако ги оствваруваме правата и интересите на граѓаните во застапувањето пред Парламентот, ако застапуваме интереси и ливни барања во делот на квалитетно и поцелосно комунално уредување и комунална изградба по општините, овој предлог за донесување на закон се согласувам прво да биде во две фази, но исто така се согласувам и воопшто потоа да не се појави како предлог со оваа содржина на седница на Парламентот.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, само накратко би сакал да се придружам на колегите пратеници кои мислат дека овој Предлог, односно изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање треба да оди во две фази од аспект што прво сметам дека е несериозно Владата да доставува амандмани непосредно пред почетокот на седницава, без да ги погледаат комисиите, или со други зборови еве лично јас ги немам прочитано тие амандмани за да можам на крај коректно да дигнам рака за, или против. Сметам дека ваквата пракса се

повторува многу пати, не само со овој закон, туку и со претходно донесени предлози по итна постапка каде што ние како пратеници навистина во краен момент сме информирани за нешто, или не сме доволно информирани.

Второ, сметам дека ваквата расправа за овие измени и дополнувања на законот треба да бидат посериозно разгледани од аспект што покрај тоа што господинот претставник на Владата рече дека не задираат во ингеренциите на локалната самоуправа, сметам дека сепак овој закон и овие измени влегуваат во ингеренциите на Законот за локална самоуправа. Прво, ме поттикна на дискусија текстот околу причините за донесување на законот. Овде стои во една од тие причини дека вели вака: "со оглед на тоа дека финансиските средства што се остваруваат по наведените основи без правен основ се одлеваат на други субјекти, а во овие услови се неопходни за Републиката за решавање на имотно - правните работи и потребно е законско регулирање за ваквите состојби". Па прашувам, дали Владата треба прво да ги лечи место причините, последиците. Што значи дека ако веќе се признава дека таквите средства што досега се прибрани се одвоени па некакви други субјекти, не на право место, тогаш треба да каже кои се тие субјекти и зошто тие средства се одливаат на субјекти кои не треба да ги добијат тие средства.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:(**продолжение)

Според тоа не би требало да ги влечеме последиците, туку последиците, и да видиме каде се тие средства што се одлеваат и да видиме каде тие средства досега оделе, односно не се употребувале за ваквата намена.

Сметам дека ваквиот закон ќе имаше далеку поголема тежина ако досега се направеше напор да се видеше кое е тоа земјиште што припаѓа на државата, а кое е тоа кое припаѓа на единиците на локалната самоуправа. Една ваква ситуација правиме некакви измени и дополнувања кога навистина не знаеме со што ќе располагаат тие единици за локална самоуправа, како сопственост и што е тоа со што тие можат да бидат надлежни и со нивни ингеренции да можат да додаваат на привремена употреба односно да го продаваат. На тој начин сметам дека сите овие градоначалници кои се избрани во единиците на локална самоуправа, па и општинските совети не ќе можат ништо, од овие програми што ги предложија во текот на предизборната кампања, ги легализираат, од аспект што нема да имаат средства за тоа. Имено, решавањето на комуналните проблеми беше една од најглавните компоненти на сите кандидати за градоначалници и советници и секако без средства а со идеи не ќе можат да работат бидејќи во овој случај општините нема да имаат никакви средства на располагање. На тој начин ние практично им ги врзавме рацете на сите градоначалници и на сите нивни планови и ветувања пред избирачите. Со други зборови тие сега ќе го спроведуваат она што Владата ќе им каже од аспект на распределба на тие средства.

Исто така беше спомнато од аспект од странските инвестиции, колку овој Закон ќе биде позитивен или негативен. Сметам дека исто така нема да дејствува позитивно од аспект што веројатно ние сме една

од ретките држави каде што Државата не продава земјиште на с трански инвеститори. И меѓу другите проблеми барем она што беше спомнато во Печатот за проектот А-3, еден од тие проблеми е токму недефиниран статус на тоа земјиште ќе требаше фирмата Фолсфаген да го земе во однос на изградба на фабрика за производство на коли од типот А-3.

Исто така и други инвеститори кои се заинтересирани на инвестираат во нашава држава , навистина не знаат како ќе го решат статусот на земјиштето. Мислам дека во светот постојат многу позитивни примери Америка, Канада па и Европа каде што јасно се кажува како инвеститорот може да го добие тоа земјиште на трајност на привремено користење за да може да инвестира една земја. Затоа сметам и ќе повторам на крајот дека, предлогот да се третира ова дополнување, ќе оди во две фази што сосема издржан и предлагам на крајот да гласаме токму за ова прашање.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потретседателе, почитувани пратеници,

По само кратко време по донесувањето на законот за просторно и урбанистичко планирање се предлага изменување на овој закон иако како што беше кажано се тврдеше дека овој Закон е донесен односно изграден по Европски теркови и дека ќе биде долговечен, еве по неколку месеци веќе, очигледно беа во право оние пратеници кои укажуваа дека има доста недоследности и нелогичности во овој Закон, а јас верувам и по овие измени, набргу после неколку месеци ќе бидеме принудени повторно да донесуваме нов закон, односно измени на овој Закон, се поради тоа што не се согледуваат целосно и системски решенијата за решавање на оваа мошне сложена и обемна проблематика.

X/3.-

Со оглед на тоа што причините за измените на овој Закон се доста штуро образложени и со оглед на тоа амандманите се денес поднесени, имајќи ја предвид сложеноста на оваа материја и значењето бидејќи овој закон заудира длабоко во интересите на граѓаните, јас се придружувам на оние пратеници кои предлагаат овој Закон да оди минимум во две фази. Сметам дека нема никакви причини денес да ја утврдиме потребата за донесување на овој закон, а на една од наредните седници да се донесе, евентуално овој закон.

Овој закон, инаку предвидува средствата од доделувањето на градежно земјиште да бидат приход на Буџетот на РМ, наместо како досега да бидат приход на локалната самоуправа. Овие средства од доделување на градежно земјиште се неопходни на локалната самоуправа пред се за изградба на инфраструктура, како и за решавање на имотно правни односи и решавање на "имотно - правни односи при изградба нема оваа инфраструктура. Тоа е, знаете кога се уриваат објектите итн. Оттаму не би се согласил со излагањето на г-дин заменик министер дека овие средства се единствено неопходни на државата бидејќи како што ги решава имотно правните односи државата, така нормално и локалната самоуправа мора да ги решава бидејќи таа гради своја инфраструктура, исто како и државата, а прилевањето на средст5ва во 100% износ на државата од оваа намена е навистина несфатлива. Исто така не би се согласил со тоа дека овој закон нема врска со Законот за денационализација.

Бидејќи е наше залагање за пазарни цени, тоа е кажано и во образложението на Законот, ако некој субјект, било правенилили некое физичко лице на лицитација и брои огромна сума на пари, па потоа додатна за уредување, бидејќи во праксата се случува честопати иако е добиено земјиштето, мора додатни вложувања да прави оној што и после

вложувања на тие огромни пари да се јави во движењето на парцелата на имот некој поранешен сопственик и по некоја година да си го бара земјиштето назад. Така да воопшто не се согласувам со г-динот заменик дека овој закон нема врска со Законот за денационализација. Напротив градежното земјиште особено тоа има длабока врска со денационализацијата и со соодветниот закон.

Исто така, во овие измени не е јасно предвидено како и на кој начин ќе бидат трошени средствата кои се прибираат од доделување на градежно земјиште. Кажано е дека тие ќе се трошат само за решавање на имотно - правни односи, без тоа по подробно кој ќе одлучува.

Во овие измени се наведува дека градежното земјиште се доделува со непосредна спогодба и со јавно надавање, без притоа да се нагласат јасни критериуми во кои случаеви ќе биде јавно наддавање, а во кои непосредна спогодба. Доколку ова не се предвиди стриктно во Законот, а не да бидеа со некој уредби, г-дине замениче

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам обраќајте се на пратениците:

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Па тој ми се обрати мене.

Во тој случај ако биде со уреди и со подзаконски акти, ќе имаме крајно субјективистички начин на решавање. Оттаму, особено оваа суптилна материја мора да биде уредена што повеќе со закон а што помалку со уредби и со подазконски акти.

X/5.-

Кога се донесуваше овој Закон јас како и некој други пратеници укажувавме н а нелогичноста на решението дека урбанистичките планови во рок од 2 години треба да се усогласат односно да се донесат а до колку не бидат усогласени ќе се смета дека не се донесени. Тогаш од страна на предлагачите, додуша не од г-динот заменик туку од г-динот поранешен од г-динот Шундовски ни беше одговорени дека овој рок е сосема доволен и дека е нормално во рок од 2 години да се усогласат овие планови. Сега само по неколку месеци се тврди дека не е можно тоа и се предлага измени. Ова покажува дека Министерството признава дека не било во право пред неколку месеци а дека ние пратениците бевме во право и добро е што, макар и по неколку месеци сватиле дека не се во право.

Почитувани пратеници, РМ според официјалните податоци од Министерството за урбанизам постојат повеќе од 100 илјади диоградби и од кои околу 40.000 се во Скопје. Најголем дел е во населбите Маџари, Гази Бава, Пинтија, Горно и Долно Лисиче, дел од Нас. Драчево и во многу други. Овие граѓани своите домови ги изградиле пред 10, 20 или повеќе години и не се виновни што нивните објекти со десетици години не се легализирани.

Интересот на државата, пратеници на Владата и на овој Парламент треба да биде овие објекти што побргу и полесно да бидат легализирани, а не како што се наведуваат во овој закон застрашувачки објекти во член 8, доколку во рок од 1 година од донесувањето на планот не се добијат условите за градба Министерството надлежно за урбанизам ќе издаде решение за уривање на овие објекти. Зарем толку сме богата држава и држава со решени социјални и станбени проблеми па да можеме тукутака да уриваме, таканаречени дивоградби кои ги имаме,. повторувам 100.000 во РМ. Зарем можеме тукутака како држава

Да дозволите, домовите во кои живеат нејзините граѓани да останат на улица. Сигурно не. Нека се замислат сите компетентни во Министерството за урбанизам како би се чувствувале тие кога нивните домови и нивните семејства и нивните деца би останале на улица поради уривање на домовите во кој живеат 10.20.30 или 40 години заради еден попис предвидува една година 2 или 3 рок за усогласување со плановите и заради тоа што со десетици години не се донесени урбанистички планови.

Законот, за оние граѓани кои не ги легализирале своите објекти мора да им предвиди подолг рок и многу полесни услови за легализација на нивните објекти, затоа што овие граѓани во таканаречените диви градби сами инвестирале водовод, струка, канализација во пристапни патишта и сл. И оваа сума би морало да се одбие од нивна понатамошни давачки. Тоа би требало стриктно да стои во закон, а не повторувам во уредби или некои други акти.

Веќе две години сите граѓани во РМ издвојуваат посебна давачка кон државата за изградба на урбанистички планови што секоја година заедно со данокот на имотот ја добиваат по своите сметки, односно ја плаќаат, но за жал и по воведување на оваа нова давачка кон граѓаните, малку е сторено за урбанизација. Оттаму се поставува прашањето каде се овие средства потрошени, дали се потрошени само за, би рекол условно, за изградба и континуирање на ново пак јавно претпријатие кое веќе две години е во изградба и во конституирање, или пак навистина овие пари ќе бидат трошени за изработка на урбанистичките планови.

На крајот би рекол дека во образложението на Законот се наведува дека не се здобиле со потребни лиценци за проектирање проектните организации и поединци проектанти. Но овие лиценци, јас би рекол дека не се добиени не затоа што немаме доволно стручни организации и

поединци и проектанти, туку напротив поради каснењето во спроведувањето на Законот од страна на Министерството пред се мислам ан Министерството за урбанизам, но секако дека тука стои одговорност и на другите министерства и пошироко на Владата.

Во Законот односно во амандманите кои се добиени денес се предвидува денес оние објекти наскоро по поставувањето на урбанистичките планови нема да се најдат во урбанистичките планови ќе може да им се издаваат одредени одобренија за санациони мерки. Меѓутоа сметам дека оваа одредба треба да се менува, не може, туку мора до нивното уривање односно до реализацијата на Урбанистичкиот план тие мора да живеат и Министерството за урбанизам мора да им издаде такво одобрение, а не да се предвиди одредба дека може да се издаде, бидејќи ова би можело да значи дека може да постои одреден субјективизам во давање на овие дозволи, односно овие одобрувања.

Уште еднаш на крај би апелирал на сите пратеници денес да ја усвоиме само првата фаза од овој закон, за нареден период да ја оставиме усвојување и конечно донесување на овој закон.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, Секогаш кога се зборува и кога тема е локалната самоуправа и закон кои директно или индиректно ја тангираат оваа локална самоуправа, јас се јавувам. Малку сум и досаден, меѓутоа се јавувам да укажам дека проектот, од локална самоуправа да се направи месна самоуправа, функционира беспрекорно.

X/8.-

Како се носат лекспецијалист и закони кои ја задиераат оваа материја дефинитивно сваќа дека сите компетенции на локалната самоуправа пополека се одземат. Јас мислам дека општините односно локална самоуправа се доведени во таква положба каде што треба да побараме и измена на законот за локална самоуправа и да донесеме закон, односно да го смениме името, односно да донесеме закон за месна самоуправа. Функциите на локална самоуправа се смалуваат до таа мера што повеќе државата ги има сите функции и према потреба од локална самоуправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитуван претседавач, дами и г-да пратеници,

На прв поглед имаме еден предлог за донесување на закон со Предлог на закон кој има ограничена намера, ограничен домет и многу мал број членови и може и треба во скратена постапка да се донесе.

Еве во расправата се покажа дека има доста причини поради кои треба да има поголемо внимание и на овој закон да му се обрне а од друга страна, патем, само беше наведувано, штотуку донесениот закон веќе не се оладил таму, закон за просторно планирање, а и самиот суд му поништи три члена, па овој закон бил во спротивност со Законот за локална самоуправа, па не знам Законот за градежно земјиште итн. Очигледно имаме работа со материја која е исполнета со конфузија, хаос, несредена материја и честопати нашите одлуки се засноваат на моменталниот однос на политичките сили, а не на некоја стратегија или концепција на некој правец на развој во областа каде што,д аречеме, одредувачки на квалитетот на животот делува на сите граѓани.

Ние се определивме да бараме да биде во две фази за да направиме помала грешка. Инаку дека грешка ќе се направи, ќе се направи, како и да се одлучи, по мое мислење заради тоа што во оваа област ние имаме погрешна појдовна точка.

Сите одлуки кои ги уредуваме тука, меѓу државата и единствена локална самоуправа, со сите овие закони, почнувајќи од Законот за локална самоуправа па со законот за просторно планирање, неуредениот стар закон за градежни земјиште, овој сега итн. Сите тие односи што ги уредуваме, ги уредуваме на политички начин со политички средства и со политички односи во крајна линија поради тоа што кај нас сеуште владее принципот на државна сопственост на градежното земјиште и не само државна сопственост, туку на забраната на приватна сопственост на градежното земјиште. Тој е појдовниот принцип. Ако е тој појдовен принцип, бидејќи државата е сама сопственик на целото градежно земјиште од моментот кога се вклучува во Урбанистичкиот план, добива пренамена, престанува да биде земјоделско земјиште, станува градежно земјиште, престанува правото на сопственост на дотогашниот сопственик, тој веќе не може да го продава мора да го отстапи на државата, со тоа што ќе му биде експроприрано или договорно ќе го продаде на државата, а државата натаму е сопственик. Ние не велиме дека е државата сопственик, иако е државата сопственик. Ние велиме дека државата има право на управување. Меѓутоа во Уставот добро сме кажале дека право на управување се стекнува само врз основа на сопственост или работа. Бидејќи државата нема труд, со свој труд нешто да стекне таа како сопственик има право на управување.

Правото на управување е основна одлука на правото ан сопственост, негова активна димензија, а она што го викаме ние право на управување да се стекне врз основа на труд, тоа е право на партиципација што со колективните договори и со закони можеме да го уредиме, а не сме го уредиле и засега не постои кај нас.

XI/1.- СЈ-ВБ

**СТОЈАН АНДОВ: (**Продолжение )

Според тоа, ако е државната сопственост единствено можна врз основа на градежното земјиште кап нас, не по Уставот, тоа не е по Уставот, целото подрачје не е усогласено со Уставот. ние сеуште ги практикуваме старите закон што ги имавме порано за општествена сопственост итн. Од таму термините право на управување, право на трајно користење, па надоместок за ова, па надоместок за она итн. Ние во целата оваа област едноставно не можеме да внесеме пазарни елементи. И, тука во целата оваа област едноставно не може да владее економската логика и врз основа на економската логика не може да се уредуваат односите и тие вечно ќе останат политички односи каде Парламентот ќе дискутира за висината на комуналиите и каде да бидат, кои инаку се дел од сверата на земјиштето.

Како што вие знаете ние сме сите кирации на државата. Сите жители каде што живеат, тоа парче земја тоа е на државата, нив им го отстапено по разни основи на трајно користење. За да се знае кој е газдата редовно секој месец, секој си плаќа и такса комунална за користење на градежно земјиште.

Сега зборуваме за денационализација. Како можеме ние да го денационализираме градежното земјиште. Не можеме. Не можеме да го вратиме бидејќи ќе стане приватно, а кај нас не може да биде приватно градежното земјиште. Значи треба да дадеме правилен надомест како што се вика во нашите прописи кои тука ги донесуваме. По оваа одлука на основата од која ги градиме сите овие политички односи таа се рефлектира понатаму, па да кажеме,ако во областа на комуналната свера и самоуправните комунални единици, единиците на локалната самоуправа победи една политичка партија, а другата е во државната власт таа ќе ги пренесе приходите од локалната самоуправа во државната власт и ќе рече ќе ги наменам за исто. Оние што се од

уредување на земјиште ќе бидат за уредување на земјиште,ќе правиме водоводи, меѓутоа водоводите тогаш ги прави Владата и политичката партија што е на власт во Владата, не ги прават граѓаните со тие пари сами што ги дале. Ако се во локалната самоуправа ќе бидат таму тие што ги дале тие пари, и тие ќе прават водоводи.

Според тоа, се додека ние се држиме на политичка арбитража инаку во светот првенствено економски поставени односи и свера на економски односи. Вие знаете оти на запад градежното земјиште е приватно, агенциите постојат за тоа приватно да се тргува со него. Има градежно земјиште и државата, има и локалната самоуправа, градовите, и тие имаат земјиште и тие се само дел од сопствениците. Доминира приватната сопственост. Таму граѓанинот кој што има куќа во Стразбург не му паѓа напамет да биде закупник на трајно користење на земјиштето од Франција итн. итн. па видите, затоа овде и вистински бизнис не може да се развие и не може да се развие вистинска економија, вистински пазарни односи да се постигнат вистински пазарни цени, да паднат цените итн. итн. Ниту пак врз основа на економскиот интерес да почне да се наслутува можниот развој на Битола, можниот развој на Гевгелија, можниот развој ан Охрид итн. итн. Ако некој заостане, ќе му направиме овде во Парламентот дискусија, ќе им ветиме,ваму, таму ќе им дадеме ќе муземеме на некој што отишол малку понапред и готова работа. Така ќе ги решаваме тие работи. Не, место ни седна пропулзивна економија која ќе ги повлече и економските ресурси, ќе отвори вработување итн.итн.

Сега бидејќи е ваква ситуацијата и Владата упорно не држи во таа состојба, не. сака да прифати да работиме, да го изработиме Законот за градежно земјиште да се воведе правото на приватна сопственост во областа на градежното земјиште па да процениме, да видиме како другите влегуваат во Европа. Дали покрај тоа кога ќе дозволиме

приватна сопственост на земјиштето, право на промет со приватната сопственост итн. како што е секаде во светот да може дури и странски државјани да биде сопственик. Тоа ќе не прашаат нас, ако сакаме да отвориме договор, асоцијација па да се туркаме во Европска унија основно е при асоцијацијата дали декларираш во Уставот дека во догледна иднина со напредок на асоцијацијата ќе дозволиш и станици да можат пред се граѓани на Европска унија тоа обично се решава на реципроцитет итн. со други држави да можат да бидат купци на градежно земјиште Еве сега како што гледате во Словенија не може да биде ратификувана Спогодбата, уште не е ратификувана заради политичките спорови во Словенија. Едни се за тоа да не се продава земјиште и други недвижност на странци, на државјани на Европска унија, а други мислат, а тоа го потпишаа, дека ќе го одобрат.

Јас тие прашања не ги отворам денес. Ја само кажувам дека ако не ги отвориме не можеме да се правиме слепи, тие прашања се пред нас. Ние така ако не го отвориме прашањето, ако не излеземе од сверата на таа само замислена можност дека политички може да се уредуваат односите кои што се претежно економски со политички одлуки ние само ќе предизвикуваме кавги меѓу партиите. Партиите да се караат околу нешто, околу ветер и магла, околу нешто што не носи напредок, не носи плод, туку да запоседнат сега во една општина или град или во едно министерство, па многу дозволи, права, вакви, такви, ќе има, итн.,итн. со исходите на политичка власт врз граѓанинот, но и еден голем терен на корупција, мито, потплатување итн.итн.

Затоа мислам оти за да не се направат други грешки овде да не се поставуваат ситни цели во овој момент што сака да се постигнат дај врз основа на расправата сега што ќе биде сепак да има и втора фаза. На таа основа да се уреди текстот на Предлогот на закон што ќе треба да го

донесеме, па тоа што ќе можеме да донесеме сега да донесеме но да остане нашата решеност дека ние ќе го донесеме тој закон за промет со градежно земјиште.

Уште еднаш сакам да кажам дека тие европски стандарди, тие наши намери да влеземе во Европа ќе останат само декларативни ако ние не се зафатиме со централните прашања каде заостануваме. И заостанува ме не само заради тоа Што недоволно знаеме како да го изведеме тоа, ќе бараме помош, ќе ни помогнат, ќе не советуваат, ќе ни кажат како да направиме, туку заради некои заблуди кои ги имаме. Ако тоа го направи државата незнам кој вака ќе се прошири, вака ќе дојде, од ваму ќе ни дојде, од таму ќе ни дојде итн.,итн. Јас мислам тоа го шират оние повластени луѓе кои сега навистина лична корист од ова извлекуваат.А, заостанува државата, заостануваат градовите, населбите и заостанува квалитетот на животот на граѓаните кај нас.

Благодарам.

**БЛАЖЕ' ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

(Предлагам пауза до 16,00 часот)

(Паузата започна во 15,30 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,25 часот)

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Бидејќи го заклучивме претресот по 9-тата точка на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Кој е за молам да крене рака? (54)

XI/5.-

Дали има некој против? (11)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (54)

Дали има некој против? (10)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон, молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање нов член по членот 1 член 3 за додавање нов став по членот 4 и за додавање два нови членови по членот 8 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на член 4 став 1 со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Владимир Соколовски поднесоа амандмани на член 9 став 1, член 4, член 8 и член 9 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (15)

Дали има некој против? (27)

Дали некој се воздржува од гласање?

Очигледно повеќемина не гласаат, констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен до пратениците Аце Коцевски, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16)

Дали има некој против? (3)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 8 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Ќе го повторам тоа што го кажав во дискусијата. При донесувањето на законот за просторно и урбанистичко планирање Владата односно министерството инсистираат за воведување на рокови од две години во кој период требаше да бидат усогласени сите постоечки детални урбанистички планови по новонастанатата ситуација, тврдејќи дека тоа е сосема разумен или доволен период во кој може да се заврши работата.

Заради субјективни причини во меѓувреме проектантските организации во РМ не успеаја да ја завршат таа работа ниту пак беа создадени предуслови затоа што поголем дел од нив не добија лиценци за извршување на таа дејност.

Владата сега предлага рокот од две години воопшто да не постои односно да се брише. Предлогот на групата пратеници од Либерално Демократската партија е да се измени зборот две години и зборовите две години да се зголемат со зборовите четири години за .да има сепак обврска за Владата и надлежните институции во државата во кој период би требало да бидат усогласени урбанистички планови на новонастанатата ситуација да не се доведеме во ситуација ова да трае до бесконечност.

Благодарам.

XI/8.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Има збор г-динот Шапруиќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, овој амандман се предлага од тие причини што претставува еден обид да им се олесни на тие граѓани, како што рековме 400 илјади граѓани бидејќи во РМ има 100.000 таканаречени дивоградби.

Овде во предложениот закон е предвидено дека, доколку во рок од една година не се легализира таканаречен бесправен објект министерството надлежно за работата на урбанизам ќе даде решение за уривање на објектот. Овој рок е прво нелогичен бидејќи важат сеуште старите планови и старите прописи, како што се кажа во оваа општа расправа, јас нема да повторувам а од друга страна ако се предвиди овој рок од 3 години ќе си даде барем една минимална можност за легализација, односно за подолг рок да ги легализираат дивоградбите

Дајте, јас кажав уште еднаш, да се обидеме да им помогнеме на овие луѓе кои живеат во таканаречени дивоградби.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Чинам дека треба да се пообјасни. Прво, се однесува на објекти кои што се изградени и кои што со планот се задржуваат. Рокот од една година е да се отпочне постапката за вклопување со тоа и општините користат бидејќи надоместокот за уредување на градежно земјиште побрзо ќе дојде до општините. Исто така со регулирање н~а односите за вклопување се зарачунува и градската рента. Според тоа, а тоа е во корист на општините. Доколку би оделе до бескрај дивите градби што имаат можност да се вклопат речиси остануваат диви градби и нема да покренат инвеститорите сами барање.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:** (Продолжение)

Ние го предлагаме овој амандман да не останат вечно тие дивоградби, туку да им се помогне на тие луѓе, бидејќи знаеме дека тие треба да се предвидат такви прописи за да бидат ослободени дел од тие комунали за легализација. Како што реков, тие вложиле во изградба на инфраструктура со сопствени средства за струја, за вода и потребен е еден подолг период за да одпочнат. А во оваа немаштија е исто така големо прашање дали ќе можат сите тие комуналии во рок од година дена да се присоберат. Затоа сметаме дека во период од три години полесно би било.

**НАСТЕВСКИ:** (Заменик министер за урбанизам)

Повторно во дискусијата се внесува заблуда. Комуналиите, надоместокот за уредување на градежно земјиште го определува општината Колку ќе му одредиме и за кој период е работа на општината, ние во тоа не се мешаме, може и општината да рече дека ние и без надоместок му даваме можност да се вклопи, Ние бараме само документ помеѓу инвеститорот и општината дека се регулирани комуналиите, односно надоместокот за уредување на градежно земјиште. Тоа е поволно побрзо да се отпочне со процесот.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Ние можеме овде да се надмудруваме, меѓутоа, треба прописите што ги донесува Собранието треба да бидат реални и остварливи и од тој аспект потполно се согласувам со тоа што зборуваше господинот Шапуриќ. Се работи за разрешување на еден крупен проблем кој тишти голем број на граѓани на оваа држава. Во таа смисла мислам дека треба и Министерството за урбанизам со единиците за локалната самоуправа треба да биде во една интеракција, за да не се доведеме во ситуација да донесеме прописи за кој однапред знаеме дека немаат теоретски шанси

XII/2.-

да се испочитуваат, затоа што не се работи само за средствата кои треба да одат на име на комуналии да ги уплатат граѓаните, тоа ќе биде помала ставка во однос на средствата кои граѓаните треба да ги дадат на име на засолнување. Тоа е една огромна сума на пари која страшно дестимулативно ќе делува на граѓаните за да можат да го регулираат тоа како прашање. Јас сум песимист дека ова вака што ќе го донесеме денес воопшто ќе се испочитува. Можеме ние да речеме после една година да правиме анализа меѓутоа, фактите кои тогаш ќе ни бидат предочени ќе ни бидат поразителни. Заради тоа сугерираме да има поголема тежина и да се направат така роковите за да може во меѓувреме единиците на локалната самоуправа, Министерството за градежништво и урбанизам во соработка со Министерството за одбрана да најдат најповолни решенија кои ќе бидат стимулативни за луѓето и еднаш засекогаш го решат тој проблем. Мислам дека општините ќе бидат флексибилни затоа што се свесни дека луѓето кои живеат во такви објекти инвестирале значајни свои средства за инфраструктурата која е вградена таму, почнувајќи од електрична инсталација, водоводна канализација, патишта или ПТТ мрежа и во тој износ треба да им се смалат износите што треба да ги платат. Меѓутоа, средствата кои треба да се платат за засолнување кои се од прилика на износ на сто постотната вредност на средствата кои се плаќаат за комуналии и тие се навистина голем издаток кои сите инвеститори во Македонија не само луѓето кои ги чувствуваат како непотребен арач или данок кој го зема државата а не му се знае крајот каде оди. Тоа од прилика се сума на пари од околу можеби четири илјади и повеќе германски марки според Законот за засолнување секој граѓанин е должен да има засолниште да биде повеќе оддалечен од 500 метри од влезот на неговата куќа. Сега имаме конкретна ситуација дека граѓаните се должни, затоа што не може да добијат решение да плаќаат меѓутоа, никогаш не добиваат повратна информација каде се наоѓа

нивното засолништво кое треба да го употребат во не дај боже ситуација во случај на воена опасност. И ова е крупен проблем кој треба да се реши во Владата на Република Македонија.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Јас сакам само да потсетам дека кога се прават услови за градба и одобрение, решението за услови за градба е до стекнување на локацијата. Значи овде го регулира тој статус. Непотребно е да спомнуваме дека тука ќе треба по четири, пет, шест илјади германски марки за стекнување на тоа право. Тоа право се стекнува само со таксата за површината на објектот. Дали е површината од типот до 500 денари такса, или е поголема од 500 метри квадрати, па треба да плати 1500 денари такса. Овде се регулира само тоа, ништо друго. Нема потреба од овој амандман што се бара со продолжување на рокот на годините. Оваа година е само да отпочне со тој рок за стекнување услови за градба. После тоа како што рече и заменикот министер во рок што ќе го одреди општината ќе се договорат за тој период ќе се издаде ова решение, а ќе добие дозвола од моментот кога ќе донесе потврда дека има платено комуналии. Меѓутоа, тоа е после годината, не е за време на таа година што е спомната тука.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (13)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (55)

Дали има некој против? (14)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за персоналниот данок на доход со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Мислењето на Владата на Република Македонија, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, јасна е целта за донесување на овој закон. Спортот е во крајно критична состојба со оглед на можностите на државата да ги следи потребите на спортот. Многу клубови во разни спортски гранки престанаа да делуваат, а огромен број се сосема близу до тоа.

Со овој закон се прават само мали напори да им се олесни работата на спортските здруженија, спортот да може со поголема извесност да опстои и да ги дава оние резултати што од самата негова функција се постигнуваат. Факт е дека од сето ова што спортот во нашава држава го постигнува е повеќе резултат на самопрегорноста и ентузијазмот на спортистите и луѓето што го водат спортот отколку на системско и план работење. Покрај овие предложени закони постојат уште можности држава и сите ние да му помогнеме на спортот бидејќи на сите ни е потребен и сите се радуваме на добрите спортски остварувања

на нашите екипи репрезентативни селекции. Тврдам дека не постои поголем амбасадор на било која држава од квалитетниот спорт. Убеден сум дека и вие колеги пратеници ќе дадете свој придонес за развој на спортот со изгласување на овој закон.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за персоналниот данок од доход.

Кој е за молам да крене рака? (69)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали е некој против?(Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 1 за менување на став 1 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 1за менување на став 1 со кој се согласи претставникот на предлагачите и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали е некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнува на Законот за персонален данок од доход.

Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон, Мислењето на Владата на Република Македонија, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон со дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од  гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и -буџет поднесе амандман на член 1 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги.

XII/8.-

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Не е прв случај претседавачот на Собранието да го пореметува деловникот за работа на Собранието, уставното право на изјаснување на пратеник како ќе гласа по одреден закон да даде одредено објаснување зошто и како од кои причини гласа за или против. Тоа право ми беше ускратено тогаш, а сега ми се дава тоа право малку пореметено, но сепак ќе го искористам правото. Бидејќи сум еден од потписниците за донесување на овој закон мојот став е за овој закон бидејќи сум бил некогаш спортист знам како е да се. биде спортист на територија на Република Македонија и со самото тоа со донесувањето на овој закон ќе придонесам за они спортисти кои се во овој момент активни да доживеат некои подобри моменти.

Втора причина е од еден навистина принципиелен мој личен став како член на Либерално-демократската партија кој во овој состав на Парламентот е од опозиционата страна, а бидејќи ставот на Владата е негативен по овој закон, повторувам чисто принципиелно како од принцип против став на Владата, бидејќи по овој закон ставот на Владата е негативен мојот став ќе биде нормално позитивен.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Јас мислам дека секој пратеник има право да каже како ќе гласа додека не се почне со гласање.

Минуваме на 12-та точка - Предлог за донесување на закон за референдум и граѓанска иницијатива.

Предлогот за донесување на закон, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

XIII/1 /ЛП/лј

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, лично сметав дека за овој предлог за донесување на закон, по мое мислење, вовеедно излагање требаше да даде новиот министер за правда меѓутоа, претпоставка е дека веројатно предложениот текст е доволно јасен, па веројатно нема и потреба од додатни информации и објаснувања.

Прво би рекол дека секако има потреба од донесување на ваков закон за граѓанската иницијатива и за референдумот, со тоа што не само што постои законски вакум во оваа област, туку од друга страна постои и директна операционализација на членот 2 од Уставот, каде што јасно се вели дека референдумот претставува еден од непосредните облици за остварување на власта на граѓаните. Јас би ги назначил основните забелешки кои се нотирани како забелешки од моја страна.

Во членот 5 од текстот се вели на која основа може да се распише референдум и се дадени можности за потврдување од страна на избирачите на одлуки донесени од Собранието или за изјаснување на избирачите за прашања за кои треба да одлучи Собранието. сметам дека овој член 5 не е доволно допрецизиран, посебно во согласност со членовите на Уставот 61, 68 и 73, а посебно со членот 73 каде Собранието, јасно стои, одлучува за распишување на референдум за одделни прашања со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, што значи дека по мое мислење треба сепак малку попрецизно и поопширно да се објасни членот 5, во кои случаи треба Собранието да распише референдум за потврдување на некои донесени одлуки од страна на Собранието и во кои случаи и по кои прашања треба избирачите по пат на референдум да се изјаснуваат за она што треба да одлучи Собранието. Сметам дека тука има една мала колизија меѓу веќе споменатите членови од Уставот и она што го напомнува членот 5, кој не е доволно доречен.

XIII/2.-

Во членот беа предложени во референдумот прашања по кои не може да се расправа, односно кои се тие прашања по кои не може да се распише референдум како референдумски прашања. Мислам дека овде треба да се додадат прашањата за одбраната и безбедноста бидејќи и во самиот член 19 од текстот стои дека кај законодавниот референдум не може да се расправа во однос на прашања за одбраната и безбедноста, а од друга страна сметам дека од аспект и на интервенции што ги има претседателот на државата со Уставот, сметам дека од аспект на безбедност и одбраната не би требало референдумски да се расправа по овие прашања.

Во членот 14 се дадени алтернативи во однос на одлуката на референдумот за измена на Уставот и сметам дека втората алтернатива, односно понудената алтернатива е поприфатлива од аспект што сепак за прашања кои се однесуваат на Уставот треба мнозинство, повеќе од половина од вкупниот број на избирачи, што на некој начин кореспондира со членот 31 кој е даден во натамошниот текст.

Членот 21 сметам дека треба да биде дел од членот 20, бидејќи се однесува точно на тој- дел, односно членот 21 може да се приклучи како нов став во членот 20, во предложениот текст, затоа што се донесува токму на прашањето што ќе биде предмет на законодавниот референдум.

Кога сме веќе кај поимите советодавен, преоден референдум и законодавен референдум сметам дека во текстот треба да се назначи попрецизно што значи тоа советодавен референдум, што значи преод на референдум, бидејќи ниту уставно како терминологија ниту во други закони досега го немаме сретнато, што значи дека треба да се даде некое додатно објаснување, би рекол додатна терминологија што значи тоа практично.

XIII/3.-

Во точка 3, член 33 став 2се вели: "Ако на дополнителен референдум избирачите се изјасниле против законот што го донело Собранието, се смета дека тој не е донесен". Сметам дека тука треба законски да се постапи на тој начин што треба Собранието за веќе донесена одлука да донесе закон со кој се укинува предложениот закон, кој не е прифатен по пат на референдум и на тој начин практично на некој начин да стане официјално дека тој закон повеќе не е во важност.

Во членот 44 јасно е кажано во ставот 1,дека право на глас во референдумот односно на референдумот имаат граѓаните на кои им е издадена гласачка легитимација, односно се запишани во единствениот избирачки список. Сметам дека во тој случај ставот 2 нема потреба да стои бидејќи доволна е гласачката легитимација, која треба веќе да се подготви, нели, претходната ситуација беше дека немавме време да ја подготвиме. Тоа е доволен документ односно местото на наоѓање на секој гласач во избирачкиот список е доволен доказ дека граѓанинот има право да гласа на референдумот.

Во членот 45 е спомнат начинот како ќе гласаат граѓаните кои се наоѓаат на отслужување на воениот рок или на воена вежба, односно граѓаните кои се наоѓаат на издржување на казна затвор или им е определена мерка на притвор, односно граѓаните кои се на привремена работа и престој во странство, кои гласаат на местото на поставеното гласачко место, односно во дипломатските конзуларни претставништва на Републиката во странство. Сметам дека овде треба точно да се назначи како ќе се спроведат тие гласања, посебно на оние граѓани кои се на отслужување на воениот рок или воена вежба или се наоѓаат во притвор или затвор, односно тие гласања да ги спроведат избирачките одбори што и се надлежни во тој регион. Сметам дека тука треба да се додаде како додатен член или додатен став во овој член дека избирачките одбори кои се на таа територија треба да ги спроведат тие гласања за тие граѓани кои се спречени легално да гласаат.

XIII/4.-

Во член 50 точка 3, се вели дека референдумот го спроведуваат Републичката или општинските изборни комисии. Овде треба да се назначи кој ги формира тие општински изборни комисии и по чиј предлог. Овде се подразбира дека Републичката Изборна комисија ги формира, меѓутоа треба сепак таксативно да се назначи дека практично тие општински изборни комисии ги формира Републичката изборна комисија односно таа ги предлага.

Во членот 54 е напомнат законот за избор на пратеници кој се уште не е донесен. Мислам дека тој треба т се усогласи со новиот закон кој претстои да се донесе во Собранието, односно да се запази моделот на изборот на пратениците, кој практично треба да се расправа во ова Собрание.

во членот 59 се зборува за гласачките ливчиња за референдумот. Тука не е назначено кој ќе ги печати тие гласачки ливчиња иако веројатно се подразбира Републичката изборна комисија, меѓутоа, не е назначено. Јас мислам дека тука треба д асе додаде со посебен став, дека тие ливчиња се печатат по задача на Репбуличката изборна комисија.

Во членот 63 постои поимот "веднаш", во однос на извештајот на општинската изборна комисија. Тој поим веднаш треба да се дообјанси, што значи тоа веднаш, во кој временски период, дали тоа е после 12 часа да се достават резултатите или после 24 часа итн., со тоа што во членот 64 треба исто така тој поим веднаш да се дообјасни, бидејќи се работи за извештаи каде што треба да фигурираат односно треба да се запази рокот на жалби и приговори на двете избирачки комисии, што во случајот не се опфатени со членот 64.

Во членот 66 се зборува за средства за спроведување на референдумот и кој ги обезбедува. Овде стои дека ги обезбедува Собранието, меѓутоа, треба да се каже дека сепак тие средства се од Буџетот на Република Македонија и да се каже на кој начин ќе се обезбеди надокнадата на оние членови на избирачките одбори, посебно

на луѓе кои се вработени во  јавната државна администрација.

Во однос на граѓанската иницијатива постојат само два челна. Тоа се членот 8 и членот 71. Практично членот 8 на некој начин ги поисповетува прашањата кои се однесуваат и на референдумот, а од друга страна и ние како пратеници како претставници на некој електорат можеме да покренеме иницијативи кои се однесуваат на граѓаните кои ги застапуваме, така што мислам дека околу тој член 8 треба да се размисли дали воопшто треба и да стои во текстот.

Во членот 72 се наведува законот за постапката за собирање на потписи на избирачите за предлагање и за донесување на закон, распишување на референдум и за поднесување на предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија. Тогаш прашање зошто во член 15 став 5, се вели дека ова прашање се уредува со посебен закон, ако веќе овде е кажано дека постои начин како да се соберат тие потписи.

На крај би рекол дека од она што беше кажано на комисиската расправа треба да се сочека и рецензијата од Советот на Европа, каде што веројатно ќе имаме и други забелешки кои ќе бидат корисни во однос на овој предлог за донесување на закон и мислам дека во втората фаза ќе биде многу поквалитетен отколку во првата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Почитувани дами и господа, ова прашање е мошне важно за политичкиот систем, во областа на правната регулатива е во задоцнување, меѓутоа , сепак е добро што Владата излезе со ваков предлог. Можеби ке беше вред претставник на Владата г-динот Горги Спасов да поднесе воведно излагање, меѓутоа, сметам дека тоа е оправдано од причина што тој сега е ново избран и веројатно не учествува во

работата на овој предлог за донесување на закон за референдум и граѓанска инцијатива.

Во однос на политичките и правните аспекти на ова прашање сметам дека ние сме дискутирале кога беше на дневен ред прашањето на иницијативата на одделни политички партии за собирање 150 иљјади потписи за предвремени избори, затоа ќе се обидам да бидам што пократок во однос на тој сегмент односно тие сегменти.

Уставот на Република Македонија предвидува дека граѓаните на Република Македонија власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници, преку референдум и преку други форми на лично и непосредно изјаснување. Значи, референдумот претставува облик на непосредно вршење на власта и тоа з а сите граѓани и за тоа сметам дека е многу важен сегмент на демократијата. Уставна основа за донесување на ваков закон е членот 73 став 1 на Уставот на Репбулика Македонија кој предвидува дека Собранието одлучува з а распишување на референдум за одделни прашања од својата надлежност и второ, членот 73, став 3, кој предвидува дека Собранието е должно да распише референдум ако се собрани 150 иљјади потписи од избирачите. Тука ќе се задржам само на неколку начелни забелешки во однос на објектот и предметот на референдумското изјаснување.

Прво, дали како објект или предмет на референдумсмкото изјаснување треба да бидат само политичките и економските прашања или пак треба исто така објект или предмет на референдумското прашање да бидат и правните прашања. Имено, Дали прашањето на измена на Уставот треба да биде објект или предмет на референдумското изјаснување. Ако одговорот е да, тогаш како тоа технички, организационо па и логично ќе се организира, дали паралелно со поставеното прашање ке се депонира и анекс документ или предлог, особено ако се работи за порадикални измени на уставот, па треба да се

приложи и тоа и секој граѓанин да го прочита тоа и да се убеди по своето. убедување да гласа з а или против, или тоа ќе се поставува само како прашање за начелни насоки, ориентации или определби на предлагачот. Ако се прифаќа првата варијанта, односно паралелно со поставеното прашање и гласачкото ливче ќе се приложи како анекс и документот односно предлогот за измена на Уставот сметам дека тоа е сосема нелогично од причина што сепак сите граѓани не се правници, а и тие што се правници не значи дека ја познаваат докрај оваа струка. Тоа е прво, и второ, како ќе се определи граѓанинот ако тој се согласи со 99% од составот на предлогот, а не се согласува само со една реченица, а токму со таа речница е поврзан некој негов интерес. Значи, тука имаме само екстремни определби за или против и никаков компромис.

Сметам дека определбата во предлогот за можната измена на Уставот преку референдум е спротивна на Уставот на Република Македонија духот на Уставот на Република Македонија, од причина што духот на членот 130 на Уставот на Република Македонија предвидува дека предлог за измена на Уставот може да поднесе претседателот на Републиката, Владата, најмалку 30 пратеници или 150 илјади избирачи граѓани. Значи, тука не е во прашање дека тие можат да предлагаат референдум во однос на измената на Уставот, туку едноставно тие само можат на Собранието да му предложат измена на Уставот со тие потписи. Како ќе одлучи Собранието тоа е сосема друго прашање, а Собранието одлучува со мнозинството кое е предвидено со Уставот на Република Македонија. Значи, сметам дека сепак предмет односно објект на референдумското изјаснување не би требало да биде и прашањето на измената на Уставот на државата.

Второ, значајно прашање е прашањето на т.н., како што стои во документот во предлогот на законот, законодавен референдум, јас не знам јазично како би требало тоа да значи подобро, дали референдум

за донесување закон и референдум за потврдување на донесениот закон, тоа е прашање на лингвистите кои можат да го решаваат тоа. Меѓутоа, сметам дека и за законите важи истото што го кажав и за Уставот, од причина што сепак се работи за стручна материја каде граѓаните немаат сите или во голем број немаат стручни познавања на оваа материја. И второ, сепак и тука не се овозможува можниот компромис кој е толку пожелен во политичката комуникација. Што на пример ако врз основа на собраните потписи се налага донесување на еден закон, за кој граѓаните на пример 51% од граѓаните го подржуваат тој закон, а 49% нема. Фактички, тука не можеме да кажеме дека сето ова е вред, дури некогаш и референдумот не може да се каже целосно дека е демократско средство, ако се земе во оваа консталација на односите, од причина што сепак половината од луѓето определени добиваат се, а другата половина не добива ништо. Значи, и тука недостасува компромис.

Затоа, духот на прашањата кои треба да се уредуваат на референдум, особено во правниот сегмент не би требало да бидат објект или предмет на референдумско изјаснување. Тоа може да не доведе до лабилни односи може да наруши одредени концепти политички, економски итн., тоа е сосема лесно во одредени околности, група на партии итн., демагошка манипулација со јавното мислење, со сема лесно можат да соберат одредени важни сегменти и концепти на политичкиот и економскиот систем на државата.

А што би требало да биде предмет односно објект на референдумското изјаснување. Според мене само економските, со мал исклучок и политичките прашања би требало да бидат објект или предмет на референдумсмкото- изјаснување. На пример, со референдум може народот да се определи дали е за воведување на преседенцијален систем, дали е за република или монархија, дали е за здружување со друга држава или група на држави, дали е за монетарна унија со друга држава или групи на држави и тука народот може да се определи.

XII/8.-

Трето, се предвидува советодавен референдум. Мислам дека на ниво на државата не би требало тоа да се прифати. Советодавниот референдум може да се прифати а и треба да се прифати само на локално ниво од причина што тоа е предвидено и со Законот за локална самоуправа, кој предвидува формирање на новите единици на локалната самоуправа, при таквата постапка населението може да се консултира по пат на собири и референдум. Во централно ниво не верувам дека ќе имаше место советодавниот референдум.

Да не должам, тука би завршил, иако имам уште нешто да кажам.

XIV/1 СС/ЛБ

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Сали Рамадани,.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Многу важен закон, а полемика, дискусија, дебата нема. Погрешно е. Ако сте за народ токму овој закон е за народ и од народ. Само, за жал не е така.

Како што се санкционирано, како основно начело во првиот и последниот дел во членот 2 став 2 од актуелниот Устав на РМ дека граѓаните на РМ власта ја остваруваат и по пат на референдум и други облици на непосредно остварување.

Нешто подетално во член 71 , право да предлагаат донесување закон има или имаат и најмалку 10.000 избирачи. Тоа е став 1.

Иницијатива за донесување закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани институции и здруженија. Став 2.

Во членот 83 ставот 2 одлуката на референдумот е усвоена ако за неа гласало мнозинството од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број избирачи.

Ставот 3- Собранието е должно да распише референдум кога ќе поднесат предлог најмалку 150.000 избирачи што и по овој повод, од ова место, уште една најсериозна забелешка и критика и до Уставниот суд на РМ како чувар на уставноста и законитоста, ставот 4, одлуката донесена на референдум е задолжителна.

Во член 84, став 2 - Одлуката за менување на границата на Републиката е усвоена на референдум доколку за неа гласало мнозинството од вкупниот број избирачи.

Односно во ставот 3 - Одлуката за стапување во сојуз или заедница со други држави ќе биде усвоена ако на референдум за неа гласало мнозинството од вкупниот број избирачи.

На крајот,во членот 130 предлог за пристапување кон измена на Уставот на РМ може да поднесат најмалку 150.000 граѓани итн. итн.

Сето тоа предлагачот на овој законски проект се обидува да го операционализира подетално и врз основа на седум спомнато делумно и адекватно цитирани членови од актуелниот устав на РМ. Да го материјализира поцелосно, поконкретно, посеопфатно во 72 законски одредби, класифицирани во шест различни подглавја.

Меѓутоа, моите конкретни забелешки се следниве:

1. И со донесувањето на овој закон се доцни премногу и затоа до сега имавме неколку Уставно оправдани барања за распишување на референдум и граѓански иницијативи што не се усвоени и одржани заради непостоење на поконкретна законска регулатива, па дури и прекршен и злоупотребен Уставот не само од страна на Собранието на РМ, туку и од страна на Уставниот суд на РМ.

2. Уште во самите причини поради кои се донесува законот, предлагачот после стереотипните повторувања веднаш свесно или несвесно без или со лоша намера паѓа во контрадикторност и горе потенцираните уставни одредби што и самиот номинално ги спомнува, а подоцна самиот ги искривува игнорирајќи го децидно уставното загарантирано право на граѓаните на референдум како да е тоа само право од формално правен карактер, наводно на заземање став додека начелната одлука како се интерпретира самоволно ја донесува Собранието и дека тоа ќе биде конечно и мериторно, па дословно цитирам "Како што е случајот со одлуката со менување на границата на РМ, донесувањето исто така е; надлежност на Собранието и со одлуката за стапување или истапување од сојуз или заедници со други земји што е прашање од надлежноста на Собранието".

XIV/3

Така и во двата случаи после "Належноста" пред "на Собранието",фали само сврзникот "и" односно ќе требаше да биде "од надлежноста и на собранието". Се ќе беше^во ред.

Додека на ваков начин, свесно или несвесно, без или со намера може да се шпекулира во секое време, како што веќе имавме еден маркантен и жалостен случај со веќе познатата граѓанска иницијатива за распишување и одржување предвремени парламентарни избори, чиј епилог го знаеме сите што беше катастрофален па дури и во Уставниот суд на РМ.

3. Што се однесува до основните начела врз кои почива Уставот иако се обидува да се запазува и тука стереотипното и повторувачко формулирање сепак е лошо направено и од формално правен и од материјално правен карактер, како и од граматички односно синтактички начин како што се "и како начин на остварување на сите облици на политичка арбитрарност во нивното практикување, т.е. во формалното предлагање и спроведување на референдумот и граѓанската иницијатива".

4. Што се однесува до содржината на законот иако од формална гледна точка се обидувале да биде сеопфатно, од материјално правна е слаб, лош, скоро лаички, почнувајќи од општите одредби, преку поконкретните, референдумските од сите врсти постапката за распишување и спроведување и заштитата на правото на гласање посебно.

5. Граѓанската иницијатива заради кои причини предлогот за донесување закон за референдум и граѓанска иницијатива исто така не заслужува не само посебно, никакво внимание, па, поконкретно предлагам:

Да се врати на почетна и тоа здрава процедура. Уште поконкретно предлагам овој текст да се достави, како што е, до сите релевантни парламентарни и вонпарламентарни опозициони партии и да се произнесат со своите забелешки и предлози.

2. Да се публицира во целина и да се води општа јавна расправа.

3. Да се организира округла маса во градовите и општините и на крај една генерална во Скопје.

4. Да се достави и до најрелевантните европски стручни институции за експертиза.

Во спротивно, било во вид на општа расправа, било со амандманско интервенирање, ќе продолжам од таму каде што ставив запирка, за дотално дисквалифицирање на овој слаб, лаичен и нестручен законски проект.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Бранирод Михајловски.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, драги колеги,

Во своето излагање не би се задржувал поздравувајќи ја потребата од донесување на ваков закон од правен аспект, туку повеќе би се задржал на политиколошките аспекти од донесување на  оваков закон, затоа што се чувствуваше една правна празнина во дополнувањето на она што во теоријата се вика однос помеѓу јавната власт и општеството односно една ваква празна празнина во политичкиот систем.

Односот помеѓу државата и политичкиот систем е посебен проблем на теоријата и праксата на демократијата. Функцијата и судбината на демократијата како облик на политички систем ја надминува постоењето и улогата на политичката власт, државата во потесна смисла на зборот. Демократијата не може да се остварува и да се одржи врз основа на општествено економска имобилност и цврста општествена стратификации ја, културна заостанатост, рамнодушност, неорганизирано мнозинство на граѓаните.

Целокупниот политички живот и неговите облици во себе мора да содржат услови за слобода на организирање и спонтани дејности на масите и граѓаните како поединци Нема- демократија, односно таа е ограничена и е во опасност ако не се протега во сите сфери на политичкиот систем и во сите дејности на политичкиот живот. Во секоја демократија како политички систем од битно значење е положбата, улогата и влијанието на политичките партии.

За воспоставување на демократијата битно е постојано развивање на слободен политички живот и општествени Односи. Важноста на ваквиот политички живот во современото општество е во таа мера пресудно за секој политички систем, а посебно демократскиот.

Во целото политичко општество, политичката арена мора да биде и пристапна и видлива за сите. Само во ваков јавен и прозрачен вид политичкиот живот може да биде општа сцена каде сите сме набљудувачи, но истовремено и заинтересирани граѓани. Така може да се избегнат и разни појави што ја следат политичката историја и политичката пракса.

Демократијата не ги задоволува сите погледи, а она што и: пред малку зборуваше колегата Биљали , таа е до крај недефинирана но треба да создава услови тие да доаѓаат до израз, т.е. во сегашноста да се создаваат елементи на иднината и средствата да не се претворат во цели.

Прифаќајќи во себе слабост и несовршеност, дури и пороци, демократијата мора да создава методи и услови за нејзино откривање и надминување што со овој закон почетно, иницијално се прави. Но,патот на таквата демократија не е лесен. Борбата против злоупотребата самоволието, внесувањето на разни облици на противречност во демократијата не може успешно да се води само на политички план.

Демократијата не може да биде успешна ако не создава се. поголеми демократски морални односи и морални вредности. За жал, кај

нас сеуште се во рудиментирана фаза. Демократијата мора да ги зафати сите подрачја, мора да стане стил и услов на однесување во секојдневниот живот.

Непосредната демократија претпоставува општа свест на луѓето дека нешто што е создадено не е дефинитивно совршено, дека нема вистини однапред дадени, нема тврдења што не можат да се проверат, дека нема мислење што не може да се оспори и нема одлука што не може да се критикува и менува со вистинита и подобра.

Секоја демократија, а особено непосредната, не се гради одозгора по некој научен или политички рецепт, ниту од страна на некоја повисока група, само граѓаните, што поголем нивни број и во активното движење, само таквите граѓани ставени во одредени услови демократски и можат да градат демократски и политички институт и политички системи.

Во нашиот политички систем референдумот има повисока логика и услов за својата примена. Таа ќе настапи особено до колку непосредната демократија се повеќе се изразува и преку иницијативи на граѓани односно граѓанските иницијативи. Во нивната подготвеност и сила да бара свое учество во битните одлуки на власта и управувањето, како и, до колку носителите на функциите на власта сватат и почувствуваат дека е неосновано и дека немаат исклучиво право сами да ја подготвуваат и донесуваат често битни акти и одлуки што се однесуваат на виталните услови на животот и интересите на општеството и граѓанинот.

Пред почитувањето на овие ставови во дело е израз не само на демократска и ефикасна примена на непосредната демократија туку и за самата демократија на политичкиот систем.

Референдумот секогаш претставува демократска мерка. До колку е појасен, поедноставен и поблизок до разбирањата, интересите и можностите и оценките на граѓаните.

Се додека постојат разлики во интересите и мислењата и можностите на влијание и притисок на одредени појави и поорганизирани групи, референдумот ќе остане инструмент на слободно и вистинско изразување на општото мислење на луѓето.

Од тие причини, мислам дека со овој законски проект се дозаокружува, покрај Уставот, покрај изборните закони и за Собранието и за локалната самоуправа, тој корпус на закони со што тој однос, барем нормативен однос помеѓу јавната власт и општеството, на некој начин дава основа за градење подемократско и похумано општество.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор д-р Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, господа пратеници и министри, Се разбира дека светскиот тренд е кон се поголемо уважување на директната демократија наместо претставничката. Меѓутоа, логично треба да сфатиме дека тоа е единствено коректив и дека не може да се претвори во начин на уредување на односите, барем во догледно време во светот, вклучувајќи ја и Македонија.

Исто така е неопходно постоењето на потребата од донесување на закон со кој тие прашања поодредено, тој процес по одредени прашања треба да го уредиме.

Накратко сакам да се задржам само на еден аспект од законот, а тоа е околу членовите 6 и 19 што уредуваат прашања околу кои референдумот суштински не би требало или со закон не би можело да се распише. Расправата за процедурата ја испуштам и изразувам согласување со изнесеното од г-динот Биљали и Бранирод Михајловски..

XIV/8

Сметам дека треба да се направат дополнителни напори во Владата, членовите 6 и 19, особено од аспектот на избегнување можност за законодавен референдум за прашањата- од јавните давачки да се оневозможат со закон. Односно, како што е тука цитирано прашањето на Буџетот, завршната сметка на буџетот и јавните давачки- резервите односно во член 19 дека законодавен референдум не може да се распише за закони со што зависи извршување на буџетот, законите што се определуваа на резервите на државата и законите со кои се уредуваат јавните давачки, приходите и расходите.

Сметам дека е потребно едно дополнително проучување од страна на Владата дали ова е потребно да стои тука. Рестрикцијата мислам дека би требала да отпадне, во насока дека ова се теми иманентни за референдумско одлучување. Мислам дека треба Парламентот и Владата да излезат со законско решение што ќе се потпира повеќе на високиот степен на развивање на работите на граѓаните кои имаат право референдумски да се изјаснуваат, отколку со априорна резерва кон евентуалните државни проблеми што би настанале од несоодветно реагирање на граѓаните на референдум за вака битни прашања.

Прво, затоа што треба да веруваме дека ваквиот висок степен на углед на граѓаните кон овие прашања постои. Во светот не се непознати. Постојат многу често баш за вакви прашања што покрај финансиската сфера на јавните давачки влегуваат и во економската сфера и особено и пред се затоа што ова се прашања за кои што ние практично во државава најмалку, односно најмногу на секој четири години имаме референдум што во овој случај се вика парламентарни избори. Знаете дека на парламентарни избори секоја партија излегува со свои програми каде што може точно по овие прашања да излезе со многу конкретни програми ;и во врска со јавните давачки и со јавните приходи и јавните расходи.

XIV/9

Што значи дека изборите секогаш, во најголем дел се претвораат во референдумско изјаснување за одредена финансиска политика во јавните давачки на одредени партии и нема потреба да се распишува референдум. Ако се плашиме дека на референдум може да се одлучува за јавните давачки, тогаш ние не можеме да се плашиме дека некои политички субјекти излегуваат на изборите со програми каде што се зголемуваат, намалуваат или прераспределуваат јавните давачки, структурно, зависно од нивната политичка ориентација и соодветната реакцција на граѓаните и изборите во суштина што е реакција на избегнување референдумски да се решаваат тие прашања.

XV/1.- JM/OM

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ :** (Продолжение)

Така што со оглед дека ние не можеме да го избегнеме тоа на изборите и директните консеквенции во законодавниот процес на партијата која со своите програмни настапува на изборите, мислам дека апсолутно е непотребно и во законот за референдум да ги избегнуваме прашната референдумското изјаснуваше за прашањата од Буџетот, јавните давачки односно законодавен референдум за резервите, Буџетот и општо јавните давачки. Се разбира дека можеби сликата не е така црно-бела за сите три, особено кај буџетскиот дел. Меѓутоа сепак сметам дека треба една поголема флексибилност односно максимална можна флексибилност во законот од аспект на можно изјаснување на граѓаните и за јавните приходи и расходи на државата, односно како што стои тука ако се работи за синоними за јавните давачки.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието ка 1-епублпка Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за референдум и граѓанска иницијатива.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му подготви Предлог на закон за референдум и граѓанска иницијатива при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела и укажувањата изнесени во расправата на седницата на Собранието.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и укажувањата изнесени во расправата на седницата на Собранието да се

достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака.

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (2 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе предложениот заклучок

Минуваме на точката 13 - Предлог на завштна сметка на Буџетот на Република Македонија за 1996 година.

Предлогот на Завршната сметка и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес во начело.

Молам, кој бара збор?

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ**

Почитуван потпретседателе, се извинувам можеби е некоја забуна. Јас забележав дека министерот бараше збор и мислев ќе му дадете предност. Се извинувам ако сум погрешил во тоа. Инаку јас барав збор.

Јас ќе бидам многу краток. Сакам само на еден сегмент да се осврнам по однос на Завршната сметка и извештајот по Завршната сметка кој што е од Буџетот на Република Македонија за 1996 година. Тој е изнесен во самиот извештај уште на самиот почеток и се однесува конкретно на прашањето на учеството на јавната потрошувачка во вкупниот општествен производ на Република Македонија и функцијата на извршувањето на Буџетот и неговиот одраз врз стопанскиот развој во нашата земја.

XV/3.-

Имено ние сите се сеќаваме дека при донесувањето на Буџетот за 1996 година беа поставени неколку приоритетни цели кои што требаше да се извршат, односно да се остварат со макроекономската политика на Република Македонија, а во склоп на тоа и Буџетот како еден од деловите за остварување на таа макроекономска политика. Меѓу другото како главна цел барем во образложението кое што тогаш се изнесуваше по однос на Буџетот за 1996 година беше речено дека една од главните цели ќе биде позабрзан стопански развој, а како една од главните мерки со која што ќе се овозможи позабрзаниот стопански развој на РМ како главна мерка која што во тој период при предлагањето на Буџетот се предлагаше беше и намалувањето на учеството на јавната потрошувачка во вкупниот општествен производ на Република Македонија. Тогаш ако добро се сеќавам се споменуваше еден соодност од некаде од триесетина и неколку проценти вкупно учество на јавната потрошувачка во општествениот производ на Република Македонија. Ние навистина пратениците немаме можност и немаме некои свои стручњаци и екипи кои што подолго време би ни работеле на еден ваков обемен материјал како што е Завршната сметка за точно да утврдиме колку се тие износи. Но, сепак иако тој податок не е изнесен во извештајот за спроведувањето, односно за завршната сметка на Буџетот на РМ, јас некоја груба пресметка правев како што се вели налбатски, дојдов до некоја констатација дека тоа е преку 50%. Можеби е грешка и затоа сметам дека Владата треба да не информира односно да даде еден поширок осврт баш на тоа прашање и колкав е процентот на учеството на јавната потрошувачка во вкупниот општествен производ односно од вкупниот општествен производ во Република Македонија. Тоа беше една од причините зошто г-дине потрпетседателе мислев дека прво ќе зборува министерот, па да не го прозивам предвреме мислев дека ќе го даде тоа во образложението кое што ќе беше по завршната сметка.

Сметам дека Владата покрај овој извештај кој што нас ни го предложи по однос на завршната сметка односно извештај како составен дел на завршната сметка треба малку и пошироко да ни образложи, односно требаше да имаме и еден составен дел би рекол на завршната сметка за остварувањето на макроекономската политика во РМ за 1996 година, односно одразот на извршувањето на Буџетот врз макроекономската политика во РМ. Имено, еве на пример во извештајот е изнесен еден податок кој што освен чисто информативно за нас повеќе ништо не ни кажува, на пример вели дека приходите од персонален данок од доход се остварени во помал износ од 9,1% во однос на планираното. Веднаш се отвора прашањето, а тоа го нема во извештајот, дали е тоа резултат на намалување на бројот на вработени во РМ,. или пак на неисплатени плати во стопанството на РМ. Како и да е сметам дека барем според моја оценка тој еден е податок ни дава за право да резонираме дека сепак во РМ можеби еден од податоците кој што ни кажува дека нашето стопанство стагнира, односно можеби има некоја надолна линија со оглед на тоа ако се земе само како еден од параметрите за тоа како се вршени исплатите на плати во РМ. Сметам дека барем од она што може да се види во завршната сметка е големото учество кое што јавната потрошувачка го има во нашата Република при пропаѓањето и затворањето на голем број стопански субјекти, на голем број претпријатија, може да се види дека бројот на обврзници за плаќање на давачки кон државата се намалува, а имајќи го предвид дека обемот на јавната потрошувачка битно не се намалува, а тоа може да не доведе до една несакана состојба да и оној дел на стопански субјекти на претпријатијата кој што ќе преостанат кои што сега засега ги сметаме успешни да не можат да го понесат тој товар на потрошувачка оваа држава и да ги повлечеме и нив кон негативни резултати. Уште еден податок кој што оди во прилог на ова е тоа дека ако добро погледаме од

година во година се повеќе ни се зголемува сумата која што се исплаќа за социјална заштита, односно социјална помош, или надокнада на лица кои што останале без работа, или невработените лица. Морам да кажам дека ова е еден навистина загрижувачки факт со кој што ние мораме да се соочиме. Со ова воопшто не сакам да кажам дека сум против обезбедувањето на социјална помош, на социјална заштита за оние категории кои што навистина им е потребно, туку напротив сметам дека доколку се водеше една политика која што ќе овозможеше по забрзан стопански развој автоматски со тоа ќе се намалеше потребата за поголеми средства за социјална заштита и социјална помош бидејќи убеден сум ниеден здрав прав човек во оваа наша држава не сака да оди- на шалтерите на Заводот за вработување, или другите социјални установи да чека социјална помош, туку напротив многу повеќе би сакал рано наутро да си замине на работа и со својот труд да остварува средства за нормален живот. Затоа сметам дека Владата на РМ и преку Буџетот како една од алките во тој синџир треба да превземе мерки за надминување на таквата состојба во стопанството и да ја пренасочи својата активност од она која што сега се стреми да станеме социјална држава, држава на социјални случаи, да станеме држава во која што ќе има се поголем број на нови работни места, а со тоа ќе имаме навистина еден сосема поинаков пристап во натамошното работење. Само уште еден аргумент во овој момент би изнесол кој што оди во прилог на тоа дека навистина се води погрешна политика на овој план би го изнесол и следново. Од извештајот кој што е поднесен кон завршната сметка се гледа дека во минатата година покрај намалувања та кој што се извршени во трошоците ќе видиме каде е најмногу одземено. Одземено е од програмата за поттикнување, односно намалени се средствата од програмата за поттикнување на земјоделското производство за 200 милиони денари, потоа за изградба на објекти во недоволно развиените

краишта за 150 милиони денари, намалена е сумата која што беше за изградба на пругата од 300 милиони денари. И ако се има во предвид де наназад неколку години посебно во земјоделството се врши тоа намалување е дојдеме до еден податок дека навистина во оваа наша држава н место да се стимулира производството кај нас се стимулира трговијата и се стимулира увозот на земјоделски производи. Имено само да поткрепам со неколку факти. Во 1994 година во програмата за поттикнување на земјоделското производство биле предвидени 889 милиони денари. Во 1995 година 740 милиони денари, во 1996 година сме предвиделе 415 милиони денари. Што значи перманентно од година во година тоа сме го намалувале. И сега од овие 415 милиони денари Владата односно со свои одлуки намалила уште 200 милиони денари. Јас знам дека аргументите на Владата ќе бидат дека нивната стратегија е да се скратат премиите и донациите во областа на земјоделското производство кое што тоа е наредба од Светската банка и ММФ и сите меѓународни финансиски институции од светот кои што доаѓаат кај нас. Но морам јас да кажам дека навистина мојата лична констатација е, не мора па сум во право,- но за жал резултатите кои што досега се остварени, укажуваат дека сум во право, дека таа стратегија која што Владата ја има во поглед на земјоделството, во поглед на стопанскиот развој на оваа држава навистина им е погрешна.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министер, почитувани соработници на министерот, почитуван претседател на Судски совет, почитувани колеги. Јас ќе бидам краток во 5 минути се што треба ќе изнесам.

Под број еден, завршната сметка претставува реална слика за работата на Владата. Оваа слика треба досегашниот начин на

приготвување методологијата на завршната сметка не ја прикажува таа слика, односно вистинската слика во приходниот и во расходниот дел. Сега буџетските корисници изготвуваат две завршни сметки и тоа сметки за изворни приходи и приходи на корисниците на Буџет од сопствените активности. Оваа методологија сметам деска ја замрачува сликата и мислам дека тук треба да се менува. Преку ваков начин можно е дел од средствата да бидат наменети надвор од функцијата за кои се наменети.

Под број два, контролата на буџетската потрошувачка е многу важна функција и на нејa треба да се посвети многу поголемо внимание од колку што досега е посветувано. Во сегашни услови се јавуваше орган кој директно потпаѓа под Министерството и кој треба да ја обавува контролната функција. Мислам дека ваков начин орган кој е под Министерство за финансии да врши контрола е недопуслив и затоа сметаме дека и тука треба да се менува.

XVI/1.-ДВ/МЈ1

**ВЈТАДИМИР СТАНКОВСКИ :** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Во извештајот на министерот стои дека контрола на буџет- ските приходи и расходи ќе се зголеми со воведување на трезорскиот систем. Јас мислам како предлог треба да дојде, да се формира одреден тим, односно служба, наречете го тоа како што сакате, меѓутоа тим кој ќе се занимава со контрола за наменско буџетска потрошувачка која нема да биде ниту под едно министерство, ниту под Влада, туку треба да биде одговорна пред овој Парламент и на тој начин да се остварува правата контрола над потрошувачката.

Трето, во тековната година, како што знаеме, Владата на Република Македонија носеше одлуки за пренаменување на средства од една намена во друга. Мислам дека ваква логика и ова што Владата си дозволуваше да го прави е надвор од Законот. Владата до колку сака да прави пренамена на средства, до колку тоа е потребно, а се покажува секогаш тоа е потребно, тоа мора да го прави преку ребаланс на Буџетот и тој ребаланс на Буџетот треба да се разгледува во овој пратенички дом и овој пратенички дом да дава виза на ребаланси. Во друг случај Владата го става Парламентот пред сврчен чин и дејствува надвор од Законот.

Владата на Република Македонија може да носи сопствени одлуки, меѓутоа за носење на средства само од буџетските резерви и тоа е нормална пракса во сите земји.

Четврто, во извештајот од Завршната сметка стојат приходи од ми«атата година, дочека обврските но прикажуваат. Со не прикажувањето на обврските на Владата директно се влијае врз зголемување на неликвидноста во стопанството. Иако Владата се труди да покаже помали расходи, сепак некои дејствија кои беа правени во претходната година демантираа и таа како што знаете испадна со некои

исплаќања на К-15 иако не беа предвидени. Така и за оваа година, веројатно ќе биде.

Петто, кога се предлага усвојување на Завршна сметка за 1996 година, неодминливо е да се прикаже и учеството на јавната потрошувачка во вкупниот општествен производ, тоа од аспект да би можеле да вршиме контрола, односно компарација колку се остварува потрошувачката во минатата година во однос на претходната или компарација во однос на минатиот период.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас ќе бидам многу краток, би замолил само за едно објаснување од страна на господинот министер.

Во Предлог - завршната сметка гледаме многу добро сложени бројки и затоа би го замолил да ми каже во кој дел од бројките се сместени долговите што буџетските корисници ги имаат на име услуги и набавки по било кој основ, направено во текот на минатата го- дина, кои сеуште не се исплатени и кои за жал во многу претпријатија во Републиката има во изобилство, односно голем број на фирми побаруваат големи средства од буџетските корисници на име на трошоци, на име на услуги за минатата година.

Би го замолил министерот да објасни каде се тие сместени, дали се воопшто прикажани, бидејќи тие пари на тие корисници на услуги сеуште не се исплатени, а што би значело дека буџетските корисници се веројатно едни од најголемите должници во Република Македонија.

XVI/3.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници,

Како пратеник од битолскиот дел на Македонија кој со децении по ред на нашата држава и дава над 1/3 од вкупното производство на пченица, сончоглед, шеќерна репа, млеко и месо односно производи без кои не може да се замисли ниту една богата па ниту една сиромашна трпеза.

Долго време се мислев дали да дискутирам по оваа точка што денес е на дневен ред или не, но еве сепак се одлучив да се јавам, а зошто се мислев. Се знае дека чешмичето низ кое капеше по некој денар од државниот буџет .за помагање на производството за храна, е затворено, нема премии за пченица, сончоглед, шеќерна репа, млеко нема регресн за семенска стока, нема регреси за кредити во земјоделието, нема субвенции, а се намалени и извозните стимулации, или со еден збор речено аграрот повеќе го нема во државниот буџет.

Оваа буџетска помош за земјоделците, како што е познато во нашава држава секна по барање на Светската банка и другите институции што во нашата држава, во ова тешко време што треба да се преживее во време на промени на системот, одобруваат поволни кредити. Ние всушност и денес гласавме за два такви 'закони.

Значи, кој знае по кој пат, пак, целиот товар на системските промени, потоа на стабилизацијата, на социјалниот мир и изградбата на државата им е натоварен на земјоделците.

Јас не би рекол дека за ова е виновна Владата.

Господа, грбавите плеќи на земјоделците не можат повеќе да го носат овој товар. На нив им треба помош. Инаку и тие ќе одат под стечај, а кога селаните ќе се најдат на ова дереџе, тогаш на државата и се пише лошо.

XVI/4.-

Селаните, според се она што се случува со нив се веќе пред стечај. Без парична помош од државата никој не знае како ќе се ора, како ќе се сее, како ќе се работи низ градините, лозјата и шталите со добиток.

Сега засега, откако секна буџетската помош за производството на храна нема аир од денонoќната работа во аграрот. Селски деца ми говорат дека од се што се работи во полето и шталите, освен работата ништо друго не останува. Од житото, господа пратеници сега засега за селаните останува само сламата. Бетер се работите и со другите земјоделски култури.

Господа министри, црвеното светло за пропаѓање на аграрот е запалено. Нешто мора да се стори и тоа без поголемо чекање. Борбата за храна, како што велат социјалистите, нема време за чека-

Масовното напуштање на ораниците и нивното претворање во угари е посебна опомена за преземање на соодветни мерки. Ако сакаме да имаме леб, млеко, масло и шеќер од редовите на нашиот аграр, сигурно тоа вас не ве интересира бидејќи не сте вклучени во тој аграр, не само од увоз кој не само што скапо не чини туку тотално ќе го уништи домашниот аграр, мора да се размисли за враќање на премиите за пченица, сончоглед, шеќерна репа, млеко и друго. Без нив овие стратешки производи ќе ги снема од нашиве полиња. Еве еден пример за тоа од подрачјето од кое доаѓам.

Во 1995 година приватните земјоделци од битолско на државата и дадоа над 30 илјади тони пченица пазарен вишок. Минатата година, по укинувањето на премијата за пченица се откупени само 9 илјади тони пченица, скоро три пати -помалку. Годинава сигурно овие бројки ќе бидат уште помали. За сончогледот и другите култури не треба да се зборува.

XVI/5.-

Каде одиме? Македонија со децении на ред маки мачеше со млекото. Се увезуваше од Србија, од Бугарија и од каде не. Сега откако се состојбите со овој производ тргнаа кон подобро и на повидок беше обезбедување доволно млеко од домашните фарми, со укинувањето на премијата за млеко и ниската цена на млекото, работите со млекото пак ќе тргнат низ некоја голема удолница.

Битолската млекара денес стигна со дневен откуп од 80 до 90 литри млеко дневно. До кога ќе трае ова не се знае, зошто на добиточниот пазар во Битола кравите се повеќе ги има, за жал без купувачи за проширена репродукција, туку со купувачи за потребите на кланиците во Струга и другите делови од Западна Македонија. Значи, без разлика како ќе реагираат оние кои што ни даваат поволни кредити, премиите за овие култури мора повторно да се воведат и да бидат во функција на нивното поголемо и поквалитетно производство, зборувам за оваа стратешка храна.

Ако не може да се избега од обврските кон оние кои што г даваат овие кредити, тогаш треба да се бара друго чаре. Покрај пченицата и тутунот во листата на производи со заштитни цени да се најдат и шеќерната репа, сончогледот и млекото. Со зголемување на нивните цени во висина на премиите може да се подобрат состојбите со овие култури. Инаку со цената на пченицата што е донесена пред четири години и зголемените трошоци за нејзино производство е прашање дали во новата сеидба ќе се сее оваа житна култура. Така ќе биде и со другите култури.

На крајот, за надминување на лошите состојби во аграрот во Република Македонија, реков ако има проблеми натаму со оние што ни ги даваат поволните кредити, мора да се размисли за формирање на фонд за храна со чии средства ќе може да се стимулира производ-

ството на храна не само за премии за овие култури, туку и за санирање на состојбите за другите производи, како што се пореметува нивниот пласман. Ако го имавме овој фонд, овоштарите полесно ќе ја поднесеа катастрофата со пласманот на јаболката, ќе земаа некој денар барем за обезбедување на хемиски средства за борба против болестите за заштита на нивните насади во следната година.

Се залагам премиите за овие култури повторно да се вратат. Инаку друго чаре за аграрот нема. Сигурно идната година ние како пратеници од аграрот не ќе треба да дискутираме за Буџетот, бидејќи ставките со кои Буџетот даваше по некој денар за аграрот, веќе се извршени.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор министерот за финансии, господинот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, мислам дека ми е должност да кажам на кратко неколку работи, особено и заради фактот што дел од пратениците поставија прашања и треба да се одговори.

Вие знаете дека врз основа на Законот за буџетите и врз основа на Законот за извршување на буџети, Завршната сметка на Буџетот за 1996 година ја усвои Владата на Република Македонија, помина на комисиски расправи, таа беше едногласно усвоена и во рамки- те на Комисијата за финансирање и буџет, значи матичната комиси ј а, каде што, би рекол, имаше многу конструктивна расправа со многу добри критички забелешки и сугестии кои што се битни не од аспект на Завршната сметка, тоа е работа што е помината, меѓутоа од аспект на Завршната

сметка, тоа е работа која е помината, меѓутоа од аспект на она што претстои во иднина и планирањето и извршувањето на Буџетот за 1997 година и планирањето на Буџетот во 1998 година. Меѓутоа, и заради јавноста и заради пратениците би сакал да го потенцирам следното:

Во 1996 година планираните изворни приходи на Буџетот беа 42,9 милијарди денари, значи близу 43 милијарди денари и кога на тоа ќе се додадат планираните донации од околу 400 милиони денари, вкупните приходи во 1996 година беа планирани на 43,3 милијарди денари. Меѓутоа, вкупните трошоци беа планирани на 43,6 милијарди денари. Значи одевме со еден планиран дефицит од околу 3 милијарди денари.

Сега сакам да расчистам, бидејќи тука има нејасни работи и за пошироката публика, меѓутоа често пати и пратениците ни го поставуваат тоа прашање.

Овој планиран дефицит, фактички е врзан за јавниот надворешен долг на Република Македонија. Значи оваа сума на дефицит од околу 3 милијарди денари, тоа се обврски што Република Македонија мора да ги изврши спрема странски доверители за кредити кои имаат јавен карактер, значи за кредити за кои гарант е Република Македонија. Тоа е она што е планирано како дефицит во однос на надворешниот долг, меѓутоа само делот кој што значи јавен долг на Република Македонија.

Друга работа е, што може да се случи да дојде до дефицит и тоа е реалност, во остварувањето на изворните приходи на Буџетот внатре, дома. Нема земја денеска во светот која нема таков дефицит. Напротив сите земји со развиена пазарна економија имаат таков дефицит, и ние исто така имаме таков дефицит, бидејќи не успеавме минатата година 100% да ги оствариме изворните приходи, а ги реализиравме со 93,4%.

XVI/8.-

Значи сме заостаток некаде околу 6,6% помалку од она што беше планирано. ^Значи битни се многу изворните приходи.

Јас заради информација на пратениците би сакал да нагласам дека постојат неколку битни фактори што придонеса да не успееме ние да реализираме 100% изворните приходи.

Инаку овој процент од 93,4% е висок процент на реализација, барем по меѓународни стандарди на приходите. Но, можеше најверојатно да биде подобро, а главните причини зошто не беше подобро се следните:

Прво, имаше определено нереално планирање на Буџетот во 1996 година, што може на секого да му се случи и најверојатно ќе има стапки што се нереално планирани и во овој Буџет каде што јас како министер бев носител, бидејќи нема план кој што може 100% да се исполни. Меѓутоа, тие нереални планирања главно се однесуваа на неколку категории. Административните такси беа планирани со 2,1 милијарда денари и тие административни стапки се остваруваа, меѓутоа 1995 година и пред тоа, за време на ембаргото кон соседна Југославија. После тоа дојде до елиминирање на ембаргото и заради тоа ние имавме многу пониски приходи тука. И тука потфрливме скоро за 1,5 милијарди.

Исто така приватизацијата беше планирана како стапка со 400 милиони, што е нереално, ако се има предвид фактот дека малку има кеш прилив од приватизацијата, со оглед на можноста што се купуваа претпријатијата со заробени девизи и обврзници.

Донациите беа планирани исто така до 400 милиони, што не одговараше до крај на реалноста, имајќи го предвид фактот дека во текот на 1996 година сепак дојде до понатамошна афирмација на Република

XVI/9.-

Македонија како меѓународен субјект и намалија и донациите, што е и нормално да се очекува до една ваква ситуација. На пример, ние немаме повеќе донации со ФАРЕ, имаме нормален комерцијален од- нос и со низа други меѓународни финансиски институции.

Вие подобро се сеќавате од мене кога во 1995 година за 1996 се носеше Буџетот беше планиран со дефлатор, значи со стапка на инфлација од 6%, а вие знаете дека стапката на инфлација што се реализира минатата година во Република Македонија е 3%, така да тоа автоматски значи дека за толку биле помали цените, за овие 3% и за толку помал е вкупниот доход што се реализира во стопанството. Така да и ова имаше свој одраз.

И се разбира ќе бидеме нереални и необјективни ако не кажеме дека одраз врз неостварување на приходите има и инвазијата која што евидентно постои во стопанството на Република Македонија.

Јас не би говорел сега што е преземено во текот на 1996 година за да таа се избегне. Меѓутоа, верувајте ние правевме крајни напори и не можеме да кажеме дека тоа е елиминирано. Треба уште многу да се работи. Меѓутоа во секој случај зголемен е бројот на контролите. Имаме надпросечно контроли, инспекции од страна на Управата за јавни приходи во однос на земјите со пазарна економија. Под- несени се дури 51 кривична пријава за евазија на данокот. Исто та- ка се променети некои решенија во постојниот даночен систем. Меѓу другото знаете дека се намалени акцизите за тутунопреработките, што услови далеку поголемо прибирање на парични средства и во значајна мера елиминирање на црниот пазар, макар да тој сеуште постои но се како не во онаа ситуација која што ја имавме пред тие мерки што се врзани со фришоповите, консигнациите, бандеролите што ги воведовме и се разбира намалување на стапките на акцизите кај тутунот за повеќе од 50% што даде крајни ефекти. Ова Собрание го усвои Законот за даночен број а да ве информирам дека до овој момент преку 50 илјади

субјекти поднесоа пријави за Законот за даночен број. Тие влегуваат во компјутерот, се обработуваат, така да тука се опремуваме и тоа ќе биде многу значајно за следење на обврските на даночните обврзници во иднина и за намалување на евазијата. Меѓутоа факт е дека и покрај многу строгиот закон и казнените одредби, ние констатиравме во овој момент дека голем број даночни обврзници воопшто не се пријавиле, заради што сега се засилени контролите и ние ќе успееме за многу кусо време и оние претпријатија што имаа такви жиро сметки во Заводот за платен промет да ги внесеме во нашите компјутери, така да тоа исто така е една револуционерна промена што за прв пат се прави во даночниот систем на Република Македонија.

XVII/1.- СЈ/ЉР

**ТАКИ ФИТИ: (**продолжение )

Околу ресорната страна, таа е посебно значајна во ваква ситуација. Веднаш да кажам и мислам дека е тоа многу битно и за јавноста и за пратениците, Буџетот на РМ минатата година потроши толку колку што беа реализирани изворни приходи. Ни денар над тоа не е потрошено. Значи тие 93,4 од вкупната реализација на изворните приходи.

Ние, почитувани пратеници, и кога би сакаме. не можеме да потрошиме бидејќи вие знаете дека немаа емисија на пари како нето за финансирање на буџетскиот дефицит, тоа очигледно порано постоеше ниту имаме можност да се задолжуваме кај НБ на РМ иако тоа Законот ни го дозволува, меѓутоа ако сакаме да опстоиме на Програмата за стабилизација на Стопанството ние мораме да продолжиме со оваа логика и во иднина. Тоа е лошо во која смисла? Лошо е од аспект на буџетските корисници што г-динот Видимче кажа од аспект на долговите на Буџетот и спрема стопанските субјекти бидејќи вод ругите земни со развиена пазарна економија каде што има дефицити и тоа прилично големи дефицити ќе има и соодветни начини на финансирање на дефицитите. Најчесто финансирањето се врши по пат на обврзници. Државата емитира државни обврзници, граѓаните ги купуваат и со тие пари се финансира дефицитот. Така да не остануваа неисплатени буџетските корисници. За жал најголемиот број на транзиција уште не се во фаза кога можат тој механизам да го користат ќе треба уште малку време да помине, да паднат каматните стапки да се стабилизира банкарскиот систем, да се подобри економската положба за да можеме да одиме на соодветни начини на финансирање на буџетските дефицит. Сега засега тоа не возможно.

XVII/2.-

Точно е дека спомна г-динот Станков на правена е пренамена на средства и како што кажа тој тоа е нормална работаа во текот на годината. И, видете сега, има законска основа, член 33 од Законот за буџет ја дава таа можност на државата, инаку, јас апсолутно се сложувам неопходните ребалансите за буџетот за поголеми пренамени меѓутоа исто така сакам, да укажам на фактот дека имаат логика и економски резон тие ребаланси на Буџетот да се прават негде што беше кажано и на Комисијата, на матичната Комисија за финансирање и буџет кон средината на годината.

Инаку, ребалансот на крајот на годината немаат голем економски резон, бидејќи ќе се легализира нешто што е направено без да има ефекти да се влијајте врз тоа. Ако се прави тоа во текот на годината и таа сугестија што дојде од матичната комисија за мене а апсолутно прифатлива. Тогаш, имаме можности со тек на време и да промениме некои работи до крајот на годината.

Инаку, вие знаете кај пензиско и инвалидско имаме ние пренамена од плус 230 милиони денари заради забрзаните структувни реформи неопходно беше социјалните трансфери да се зголемат. Кај пензиите отидовме плус 230 така да крајната дефинитивна позиција што минатата година само е потрошивме е 3,4 милијарди денари. Во фондот за невработени ние пренаменивме плус 870' милиони. Тоа е голема сума на пари,меѓутоа благодарение на тоа ние го елиминиравме дефинитивно дефицитот во Заводот за вработување. Така да, во тој фонд сега во основа немаме дефицит и во голема мера обврските ги исполнуваме дури во текот на оваа година, горе-долу, тука како што е неопходно. Имама мало заостанување, но не е драстично и мислам дека тоа ќе го надминеме. А, намалување на дефицитот на фондовите, почитувани пратеници е многу битно за крајно елиминирање на инфлацијата

потешко оди за жал оваа година кај пензискиот фонд тоа, или, ако имаме зголемено давачки само ни се проширува јазот и дефицитот, но Владата наскоро ќе излезе со конкретни мерки за подобрување на состојбата како што велат некои на крвната слика на пензискиот стаж. Кај социјалната заштита исто така имаме плус 80 милиони пренамена и кај девизните штедни влогови околу 7 6 милиони.

Кај невработените е 2.8 милијарди е дефинитивната позиција, кај социјалната заштита 2,4 милијарди, кај девизните штедни влогови од Буџет директно 705 милиони и околу 260 милиони од продажба на општествените станови, вкупна 962 милиона.

Е, сега, заштеди кадеа се обидовме да направиме бидејќи ако едни позиции се зголемуваат, други мора да се намалат. Колку се тие рационални може да се дискутира. Јас можам да се сложам со некој забелешки, со некои не. За што станува збор?

Стоковните резерви направивме таму големи заштеди во пренамената, тоа се 500 милиони денари. Ние тогаш мислевме и сега мислиме дека тука има простор за рационализација за тоа што сеуште важеа таму стандардите за чување на стоковни резерви кои што важеа во екс Југославија, а гел политичката, стратешката положба на РМ е комплетно променета и мислиме дека тие не можат како такви да опстанат. Ние намаливме 500 милиони, а сепак агенцијата и натаму успешно ќе ја изврши својата функција и мислиме дека со оваа ревизија сега што ја правиме имаме можност и за натамошни заштеди таму.

Кај изградбата на Железницата, тука намаливме 300 милиони. Јас морам да ви кажам и тоа беше мој став и морам да им го кажам на градежниците, знам дека тоа не е добро за градежните претпријатија,

XVII/4.-

меѓутоа и како мој став на Влада и како став што дефинитивно го изгради Владата потоа, апсурдно е една вака голема инвестиција да се финансира од Буџет. Тоа е една политика некако без преседант нема земја која што така голема инвестиција, позиција како што беше кај нас Железницата, 1,8 милијарди со толку големо релативно учество во вкупните буџетски трошоци ќе истрае до крај на тоа. Нормално е тоа да биде вон буџетска позиција, да се оди на меѓународни кредити и тоа така да се направи.

Затоа оваа година ние влеговме во буџетска позиција од 400 милиони. Главно се заостанати обврски од минатата година. Програмата за патишта се намали за 185 милиони, тука направивме заштеди, добро, тоа се повеќе локални патишта, но кога станува збор за позначајни патишта и за инфраструктуранта изградба не можеме да се пожалиме од состојбата од инфраструктурата, патна, ако сакате можеме и со Словенија да се споредуваме или од друга страна ако сакате ориентација на Владата како што беше соопштено неодамна да го активираме системот на концесии и до година да одиме на овој начин на финансираше на патиштата^

Е, сега да му одговорам на г-динот Најдовски бидејќи со право е претпоставено тоа прашање, има нејасности околу тоа, малку произлегуваат нејасностите и од начинот на кој што се проценува општествениот производ кај нас. Учеството на јавната потрошувачка, значи вкупната јавна потрошувачка, а тоа значи и Буџетот и фондовите и локалната самоуправа, вкупната јавна потрошувачка на општествениот производ на РМ во 1996 година негде околу 43, нешто над 43%. Зборувам за вкупната јавна потрошувачка.

XVII/5.-

Оваа година, како што знаете, на старт ние појдовме со 1,7 милијарди помалку, денари, во изворните приходи во Буџетот и со тоа автоматски ја намаливме на 4,1. Така да едно 2% намалување на 4,1 е многу голем успех од аспект на буџетската политика, бидејќи секоја рестрикција во Буџетот е многу тешко изводлива во основа, но ние мораме тоа да го правиме. Се смета дека земја со степен на економска развиеност како што РМ ова треба со тек на време да падне на 38 или на 39%. Тогаш имаме една оправдана, рацирвална јавна потрошувачка, така да и интенцијата е натаму тоа со тек на време опаѓа. Што не значи дека релативното опаѓање ќе значи апсолутно плаќаше ако се обезбеди пораст на општествениот производ. Не, тоа се тие факти.

Инаку учеството, ми се чини г-динот Најдовски тоа го спомна, учеството на Буџетот републички, во општествениот производ е на нивото од 26%. Додека до овие 41% доаѓаме и со фондовите и со она што значи локална самоуправа.

Јас апсолутно се сложувам со она што г-динот Станков овде кажа, треба независна институција да врши на Буџетот. Само тука да појаснам, апсолутно само тоа е предвидено, така е предвидено, и вие знаете со Законот за државна ревизија кога ќе треба да се оснива самостојна институција која што е во завршна фаза, таа функција ќе се преземе.

Контролата на јавната потрошувачка на ниво на Република, на ниво на општини, фондови итн. ќе ја врши Државна ревизија која што нема да биде во рамките на Министерството за финансии. Инаку, нема смисла од таа контрола.

XVII/6.-

Трезорскиот систем има една друга контролна функција, можеби не е тоа најдобро кажано во извештајот што е контролната функција. Министерството за финансии мора да ги контролира резервите каде се меѓу буџетските корисници оти најверојатно на сите буџетски корисници не им требаат толку средства колку што тие доставуваат барање. Како што на некои им требаат повеќе отколку што се влезени во буџетските позиции. Ние појдовме со првиот чекор и мислам дека недоволно најверојатно се разбира и пошироко значењето на трезорскиот систем. Мислам дека тоа е квалитативен чекор напред. Ние што направивме фактички оваа година. Го воведовме трезорскиот систем во првата фаза. Просто да кажам обележани се средствата што одат од буџетските корисници. Тие одат на посебна сметка. Има уште една друга смета, сметка на сопствени средства. Се што е надвор од буџетот на буџетските корисници ќе појде на другата сметка, се сопствени извори на приходи, сопствени средства. И, тие две сметки од нашиот трезорски систем, тоа е практика на секаде меѓу себе не комуницираат. Според тоа , ние дефинитивно на 31.12.оваа година, на крајот на годината ќе имаме јасна состојба колку се сопствените приходи кај сите буџетски корисници, бидејќи сметките меѓусебен не може да комуницираат. Имаме проблеми со тоа, имаме страшни притисоци, меѓутоа ние сме решени да одиме со тоа до крај и тоа дефинитивно да се разграничи и со тек на време да можеме до водиме политика, да видиме кај има вишок на сопствени приходи, каде треба да се намалат трансферите од буџетот, кај треба да се зголемат трансферите од Буџетот. Тоа е основата за водење на политика.

И, втората функција на трезорскиот систем во втората фаза сега тоа не можеме тоа да го направиме, ќе биде, тој да обезбеди меѓу другото, можни пристапи за, финансирање на дефицитот на буџетот, да речеме обврзници на локално ниво, на републичко ниво и сл. и да ги елиминира тие флуктуации во извршување на Буџетот што обично се

резултат од трезорски карактер. Вие сите знаете дека Буџетот ни е многу послабо првото полугодие, а нај јак ни е последното тромесечје каде што имаме месечни приливи по 4 милијарди, сега се многу послаби што има своја логика да не го задржувам вашето внимание.

Еве тоа е што г-динот Видимче го напомна.

Да кажам сега нешто и околу долговите. Ние правиме сега во рамките на мултикомпензацијата едно посебно согледување за долговите на Буџетот на државата, спрема другите корисници. Една ситуација факт државата должи, меѓутоа на државата исто така многу и должат. И тие долгови што државата не успева до крај да си ги наплати било по основа н а јавни приходи, кумулирани со години, било по основа на придонеси се големи, негде околу 8 милијарди денари. Толку се должи на државата, меѓутоа должи државата.

Наши првични согледувања се дека директно на стопанските субјекти долгот е нешто над 1 милијарда и добар дел од тие обврски во текот на годината ние ќе успееме да ги реализираме, меѓутоа најверојатно нешто до крај. Оти видете што е, Буџетот има своја позиција, трошиме толку колку што реализираме, дел од непокриените обврски автоматски треба да се пренесат во следната година, ако нема доволно позиција може да ја предизвика пренесување и во нарена година. И за жал, јас знам дека не е добро меѓутоа тоа е реалност бидејќи ние не можеме сега засега да одиме да го финансираме буџетскиот дефицит. Ќе мораме најверојатно со тек на време ако имаме полоша ситуација да направиме ребалансот и да одиме на понатамошни рестрикции, додека дефинитивно не тргне подинамично раст и развој.

Да завршам со тоа што, навистина Министерството за финансии и во друга прилика можеби ќе говориме за тие проблеми повеќе, направи максимални напори оваа година да се намали евазијата, да се зголеми

контролата на начинот на трошење на буџетски средства,. Ние во овој момент имаме веќе контроли како се трошат буџетските средства и во самите министерства и меѓу општините итн. за да едноставно сфатат и буџетските корисници дека живееме во друго време кога рестрикциите се нужни и кога мораме преку рестриктивната буџетска политика на еден или друг начин да му дадеме повеќе простор на стопанството, макар да од тоа има штета и стопанството, но прашање е како натаму и со која динамика ќе ја релаксираме монетарната политика, а буџетската политика во тоа дава помош.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Има збор г-дин Станковски

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Само две исправки, првата се однесува на тоа, јас се залагав и мислев, погрешно ако сум сфатен од г-динот министер, јас се залагав за ребаланс во текот на целта година.

Втората исправка е г-динот минситер ме спомна како Станков. Јас сум Владимир Станковски.

Благодарам.

(Министерот од место се извини)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, многу накратко само сакам да кажам дека завршната сметка на Буџетот ја прифаќам,

меѓутоа околу образложението на министерот, околу рестрикцијата на средствата за Фондот за изградба на патишта. Велиме дека во таа област Македонија е добра, меѓутоа сакам тука јасно и гласно да напоменам дека во овој случај практично ако некој изгуби, изгуби бившата општина Струмица затоа што патот Струмица - Штип веќе се гради повеке од 5-6 години и сега откако настана рестрикција односно префрлување на средства од Фондот за патишта веројатно на други кредити практично престана изградбата на патот Штип - Струмица. Тоа мислам дека воопшто не е во ред и апелирам во иднина Владата односно Министерството за финансии, Министерството за сообраќај и врски треба да поведе сметка овој пат на крај да се доизгради.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по текстот на предлогот на Завршната сметка. Комисијата аза финансирање и буџет поднесе амандман за бришење на член 3, а ЗПК поднесе амандман на насловот на член 2 со кој се согласи претставникот на Вадата и тие се составен дел на текстот на предлогот на завршната сметка.

Молам, дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на завршната сметка го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 57)

Дали има некој против /не/

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Констатирам дека Собранието ја донесе Завршната сметка на Буџетот на РМ за 1996 година.

XVIII/1.- РД-ВБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точката 14 - Предлог за избор на претседатели на основните судови во Битола и Кратово.

Предлогот на Републичкиот судски совет и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени.

Отворам претрес, молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и преминуваме на гласање.

Предлогот Александар Прчевски да биде избра

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Александар Прчевски е избран за претседател на основниот суд во Битола.

Предлогот Милчо Лазов да биде избран за претседател на Основниот суд во Кратово го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Милчо Лазов е избран за претседател на Основниот суд во Кратово.

На избраните претседатели на основните судови во Битола Кратово во ваше и мое име им го честитам изборот и им посакувам успешна работа.

Минуваме на точката 15 - Предлог за избор на судии во основните судови во Република Македонија.

Предлогот на Републичкиот судски совет

XVIII/2.-

и мислењата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени односно поделени. Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и преминуваме на гласање.

Предлогот Ангел Пехчевски да биде избран за судија на Основниот суд во Берово, го ставам на гласање.

Кој е за, молам крене рака? (62)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема)

Констатирам дека Ангел Пехчевски е избран за судија на Основниот суд во Берово.

Предлогот Крсте Сиваков да биде избран за судија на основниот суд во Битола, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Крсте Сиваков е избран за судија на Основниот суд во Битола.

Предлогот Мери Радевска, да биде избрана за судија на Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Мери Радевска е избрана за судија на Основниот суд во Битола.

XVIII/3.-

Предлогот Кирил Тасевски да биде избран за судија на Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Кирил Тасевски е избран за судија на Основниот суд во Битола.

Предлогот Соња Чамуровска да биде избрана за судија на Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Соња Чамуровска е избрана за судија на Основниот суд во Битола.

Предлогот Љубе Стојановски да биде избран за судија на Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Љубе Стојановски е избран за судија на Основниот суд во Битола.

Предлогот Борис Милојков да биде избран аз судија на Основниот суд во Велес го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Борис Милојков е избран за судија на Основниот суд во Велес.

XVIII/4.-

Предлогот Никола Марковски да биде избран аз судија на Основниот суд во Гевгелија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање?(Никој)

Констатирам дека Никола Марковски е избран за судија на Основниот суд во Гевгелија.

Предлогот Герасим Герасимовски да биде избран за судија на Основниот суд во Гостивар го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (16)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (35)

Констатирам дека Герасим Герасимовски не е избран за судија на Основниот суд во Гостивар.

Предлогот Шоип Фидани да биде избран за судија на Основниот суд во Гостивар го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Шоип Фидани е избран за судија на Основниот суд во Гостивар.

Предлогот Наташа Стефановска да биде избрана за судија на Основниот суд во Гостивар го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Наташа Стефановска е избрана за судија на Основниот суд во Гостивар.

XVIII/5.-

Предлогот Љубе Горгиески да биде избран аз судија на Основниот суд во Гостивар го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Љубе Ѓоргиески е избран за судија на Основниот суд во Гостивар.

Предлогот Тодор Митров да биде избран за судија на Основниот суд во Кавадарци го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (никој)

Констатирам дека Тодор Митров е избран аз судија на Основниот суд во Кавадарци.

Предлогот Драган Атанасоски да биде избран за судија на Основниот суд во Кичево го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Драган Атанасоски е избран за судија на Основниот суд во Кичево.

Предлогот Јагода Никодиноска да биде избрана за судија на Основниот суд во Кичево го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Јагода Никодиноска е избрана за судија на Основниот суд во Кичево.

XVIII/6.-

Предлогот Васил Арсенов, да биде избран за судија на Основниот суд во Кочани го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека Васил Арсенов е избран за судија на Основниот суд во Кочани.

Предлогот Сталинка Чејкова-Митрова да биде избрана за судија на Основниот суд во Неготино го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Сталинка Чејкова-Митрова е избрана за судија на Основниот суд во Неготино.

Предлогот Радица Ристеска да биде избрана за судија на Основниот суд во Охрид го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласаше? (Никој)

Констатирам дека Радица Ристеска е избрана за судија на Основниот суд во Охрид.

Предлогот Никола Дескоски да биде избран за судија на Основниот суд во Охрид го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Никола Дескоски е избран за судија на Основниот суд во Охрид.

XVIII/7.-

Предлогот Трајче Скрчески да биде избран за судија на Основниот суд во Охрид го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Трајче Скрчески е избран за судија на Основниот суд во Охрид.

Предлогот Весна Кичеец да биде избрана за судија на Основниот суд во Охрид го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Весна Кичеец е избрана за судија на Основниот суд во Охрид.

Предлогот Владо Дејаноски да биде избран за судија на Основниот суд во Охрид, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Владо Дејаноски е избран за судија на Основниот суд во Охрид.

Предлогот Љубен Виноски,да биде избран аз судија на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Љубен Виноски е избран за судија на Основниот суд во Прилеп.

XVIII/8.-

Предлогот Кирил Мирчески да биде избран за судија на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласаше? (Никој)

Констатирам дека Кирил Мирчески е избран за судија на Основниот суд во Прилеп.

Предлогот Вера Андрееска да биде избрана за судија на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Вера Андрееска е избрана за судија на Основниот суд во Прилеп.

Предлогот Ружица Иваноска да биде избрана судија на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Ружица Иваноска е избрана за судија на Основниот суд во Прилеп.

Предлогот Сотир Дамески да биде избран аз судија на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Сотир Дамески е избран за судија на Основниот суд во Прилеп.

XVIII/9.-

Предлогот Миле Валаков да биде избран за судија на Основниот суд во Радовиш го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Миле Валаков е избран за судија на Основниот суд во Радовиш.

Предлогот Данка Ристова да биде избрана за судија на Основниот суд во Радовиш го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Данка Ристова е избрана за судија на Основниот суд во Радовиш.

Предлогот Лидија Кушевска да биде избрана за судија на Основниот суд во Скопје 1-Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Лидија Кушевска е избрана за судија на Основниот суд Скопје I - Скопје.

Предлогот Гордана Сајковска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје I -Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Гордана Сајковска е избрана за судија на Основниот суд Скопје I - Скопје.

XVIII/10.-

Предлогот Зорица Илиовска, да биде избрана за судија на Основниот суд во Скопје I -Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Зорица Илиовска е избрана за судија на Основниот суд во Скопје I - Скопје.

Предлогот Славко Секулов да биде избран за судија на Основниот суд во Скопје I - Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (40)

Констатирам дека Славко Секулов не е избран за судија на Основниот суд во Скопје I - Скопје.

Предлогот Грета Шишковска,да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје I - Скопје го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој9

Констатирам дека Грета Шишковска е избрана за судија на Основниот суд во Скопје I - Скопје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлогот Бојан Ефтимов да биде избран за судија на Основниот суд во Скопје 11-Скопје, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Никој.

Дали некој се воздржува од гласање?

Нема

Констатирам дека Бојан Ефтимов е избран за судија на Основниот суд во Скопје II-Скопје.

Предлогот Емил Глигоров за биде избран за судија на Основниот суд во Струмица го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

56 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Емил Глигоров е избран за судија на Основниот суд во Струмица.

Предлогот Горѓи Маневски, да биде избран за судија на Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Двајца пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Ѓорѓи Маневски е избран за судија на Основниот суд во Струмица.

Предлогот Душанка Мерџановска, да биде избрана за судија на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

61 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека Душанка Мерџановска е избрана за судија на Основниот суд во Тетово.

Предлогот Борка Златевска да биде избрана за судија на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

6 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

25 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Борка Златевска не е избрана за судија на Основниот суд во Тетово.

Предлогот Милаим Емурлаи, да биде избран за судија на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Милаим Емурлаи е избран за судија на Основниот суд во Тетово.

Предлогот Димитар Синадиновски да биде избран за судија на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

61 пратеник гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека Димитар Синадиновски е избран за судија на Основниот суд во Тетово.

Предлогот Горѓи Белогаски да биде избран за судија во Основниот суд во Штип го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

14 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

3 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

33 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Горѓи Белогаски не е избран за судија на Основниот суд во Штип.

На избраните судии им го честитам изборот и им посакувам успешна работа.

19,00 часот е, имаме гости и од Полска. Предлагам бидејќи ни остана уште една точка Извештајот на Анкетната комисија и неколку избори по предлози на Комисијата за изборите и именувањата.

Бе молам за малку трпение. Господинот Џафероски има деловничка интервенција.

XIX/4.-

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас сакам да ве замолам точките 25 и 26 да ги поминеме бидејќи станува збор за временски теснец во кој се наоѓаат двата факултети и има потреба од делегирање на 20 членови за предлагање декан на Економскиот факултет и на Природно - математичкиот факултет во Скопје.

Овие две точки да ги поминеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ви предлагам друго. Ако веќе на Комисијата за избори и именувања се е усогласено овие неколку точки што дополнително ги внесовме во дневниот ред по предлог на Комисијата за избори и именувања да ги поминеме, бидејќи повеќе ќе има дискусија за извештајот на Анкетната комисија и таа точка да ја одложиме за утре или...

Се согласувате?

Добро.

Преминуваме на 17-та точка - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Техничкиот факултет во Битола.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Техничкиот факултет во Битола.

Преминуваме на 18-та точка - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување декан на Техничкиот факултет во Битола.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?

61 пратеник гласаше за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување декан на Техничкиот факултет во Битола.

Преминуваме на 19-та точка - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола.

Новиот текст на Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?

56 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

6 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање? Никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола.

Преминуваме на 20-та точка - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување декан на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола.

Новиот текст на Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?

58 пратеници гласа за.

Дали има некој против?

3 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување декан на Факултетот за воспитувачи и учители во Битола.

XIX/7.-

Преминуваме на 21-та точка - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување декан на Факултетот за музичка уметност - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање..

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање? Никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување декан на Факултетот за музичка уметност - Скопје.

Преминуваме на 22-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Републички завод за трансфузиологија - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?

61 пратеник гласаше за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласаше?

Никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Републички завод за трансфузиологија Скопје.

Преминуваме на 23-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за белодробни заболување на туберкулоза "Јасеново"- Велес.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласаше?

Никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза "Јасеново" - Велес.

Преминуваме на 24-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Градската аптека "16 Јуни" - Кавадарци.

XIX/9.-

Предлогот на одлуката Ви е доставен. Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката молам, да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање? Никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Градската аптека "16 Јуни" - Кавадарци.

(Во меѓувреме некои од пратениците ја напуштија салата)

Ве молам, имаме уште две точки.

(Реакции од некои пратеници дека нема кворум.)

Добро, прекинуваме со работ.

За продолжението ќе Ве известам дополнително.

Седницата прекина во 19,10 часот).